# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јуни 1999 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Насер Зибери, Радмила Шеќеринска и Марика Јорданова, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Според пријавените со чип - картички пратеници, констатирам дека на седницата на Собранието присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Господинот Амди Бајрам сака да се обрати процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Јас Амди Бајрам, досега како претставник на Сојузот на ромите, како пратеник на Собранието на Република Македонија се залагав и ќе се залагам и понатаму за развој на демократското граѓанско општество, каде во преден план е човекот со своите вредности и квалитети, без разлика на кои етникум или религија припаѓа.

Јас како поединец во Собранието на Република Македонија не можев како единка да ги спроведам свои идеи и замисли, а од друга страна потполно се согласувам со програмските определби на Демократската алтернатива, како по однос на почитување на граѓанското општество, така и по однос на градење на демократски политички односи, развој на економијата, а со тоа и создавање на материјална основа за развој на културата, здравството, образованието. Со еден збор овозможување на еден пристоен живот на секој граѓанин во Република Македонија.

Со оглед на сето тоа што го изнесов јас денес се припојувам на Пратеничката група на ДА и од денес јас сум пратеник на Демократската алтернатива. Впрочем во најтесното раководството на ДА имам пријателски и пријатели, а од друга страна Демократската алтернатива е една од нај граѓанско ориентираните партии во Република Македонија, како според составот на членството, така и според програмските определби.

Истовремено убеден сум дека новата политика која ја спроведува владината коалиција е во согласност со интересите и потребите на ромите и Ромскиот народ. Благодарам. (Бурен аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам координаторот на Пратеничката група на ДА, господинот Карангелески да земе збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Драго ми е што со вакви убави зборови пратеникот Амди Бајрам се произнесе за припојување кон Пратеничката група на Демократската алтернатива.

Ние со задоволство го прифаќаме неговото припојување, особено со оглед на убавите зборови што ги кажа за модерната граѓанска опција што ја има партијата и убавите зборови што ги кажа за околу коалицијата.

Изразуваме задоволство и прифаќаме појачувањето сега од пратеникот Амди Бајрам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас како претставник на Партијата ја поздравувам идејата.

Дами и господа пратеници, Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Веднаш да кажам по запалување на сијаличката секогаш ќе имаме 15 секунди за гласање.

Предлогот го ставам на гласање.

Од присутни 89 пратеници, гласале 77. За Предлогот гласале 72 пратеника, воздржан 1 и 4 пратеници се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

За предлогот се изјаснија 72 пратеници, воздржани нема и против се 9 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за концесија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 65 пратеници, воздржани нема, и 7 пратеници се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 72 пратеници, 1 пратеник е воздржан и 7 пратеници се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Процедурално побара збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претседателот го менува Деловникот и првпат во праксата на овој Парламент одиме на одлучување пред да се одлучи дали има потреба од донесување на законот со Предлог за донесување на овој закон, да одлучиме дали ќе расправаме по скратена постапка, односно дали ќе го разгледуваме Предлогот на закон. Тоа е спротивно на Деловникот. Најлогично е да се расправа по Предлогот за донесување на законот и доколку Парламентот го усвои Предлогот за донесување на закон, тогаш имаме предмет на расправа и претседателот пред Парламентарниот дом го поставува предлогот да донесе заклучок дали ќе се расправа по Предлогот на законот. Тоа е според Деловникот и таква била досегашната пракса. Ова претходно е прејудицирање за одредени законски проекти кои не се усвоени, за кои не е утврдена потребата за донесување, да расправаме дали ќе се расправа по Предлогот на законот.

Сметам дека овој деловнички спор треба да го решиме и претседателот да даде објаснување за ваквиот свој начин на работа, што мислам јас дека е во спротивност со Деловникот и да продолжиме со работа согласно Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас господа пратеници сакам да ве известам дека ние денес одлучуваме дали ќе го ставиме предлогот на Владата на дневен ред, а при утврдувањето на дневниот ред ќе ја утврдиме постапката, потребата, роковите и т.н.

Ние денес имаме дополнително доставени предлози и при конечното усвојување на дневниот ред ние ќе се произнесеме.

Сега имаме предлог од Владата дали да ставиме точка на дневен ред и за тоа се изјаснуваме.

Според тоа, ве молам дајте да гласаме. Инаку ние работиме по Деловникот. Тоа е деловнички, а после тоа кога ќе го утврдуваме дневниот ред тогаш ќе утврдиме дали ќе одиме со скратени рокови и т.н.

Сега одиме по дневниот ред.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

И пратеничката група на СДСМ и јас го прифаќаме ваквото ваше објаснување и ние треба да одлучуваме за дополнување на дневниот ред врз основа на вака поставеното барање од Владата и треба да одлучуваме дали на оваа седница да се дополни дневниот ред со Предлог за донесување на Закон за енергетика, за експропријација и сл. Вие на Парламентот му предлагате заклучок дали Собранието да расправа, односно оди со скратена постапка и во однос на Предлог на законот. Тоа е спорот и ако продолжите за наредните Предлог - закони и проекти се согласуваме целосно и така треба да ги исполниме условите од Деловникот и деловнички да работиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека токму и тоа го правиме.

Ние денес одлучуваме за дополнување на дневниот ред и за тоа гласаме.

Бидејќи јас во писмото не ви го доставив тој дневен ред, сега одлучуваме за тоа. Затоа ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 64 пратеници, воздржани нема, против се 9 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за пристап на информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина, со Предлог на закон, Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот гласаа 73 пратеници, 1 пратеник е воздржан и 5 пратеници се против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за трговски друштва.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор господинот Бајрам Положани.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата му предлага на Собранието да се разгледа и усвои предлог за донесување по итна постапка закон за изменување на Законот за трговски друштва.

Се работи за изменување на еден определен рок кој е уште од крајот на минатата година, а е поради усогласување на соодветни одредби во врска со условите за пререгистрација и сообразување на поедини правни субјекти, како трговски друштва или како акционерски друштва.

Познато е дека овој закон е донесен уште пред две години. Последниот рок беше до 31 декември минатата година, со што после се одложи таа обврски до 30 овој месец. Меѓутоа, според досегашните податоци само една третина од тие правни субјекти како трговски друштва и акционерски друштва успеаја да ги сообразат своите организациони акти и другите обврски, согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

Ние во Министерството за правда цениме, а оваа иницијатива беше забрзана од Министерството за стопанство како надлежен орган. Тоа требаше да се направи уште пред еден месец, меѓутоа поаѓајќи од досегашната пракса и еден наш менталитет дека при крајот на истекнување на еден со закон определен рок ќе се забрзаат активностите на одредени правни субјекти и трговските друштва да го фатат рокот и така остана до овие денови. Меѓутоа, според статистичките податоци до 31 март оваа година тоа го имаат направено 120 илјади стопански субјекти во целина само 12, односно 13 илјади стопански субјекти, што не значи дека во меѓувреме, последните два месеци нашите судови каде што се водат тие трговски регистри имаат зголемен прилив на побарувања. Така мислиме дека тие го фатиле овој рок. Секако таа бројка на тие субјекти е зголемена. Меѓутоа, и покрај сето тоа, а поради целата оваа состојба што ја имавме последните два - три месеци, држиме дека е основано да се продолжи овој рок до крајот на оваа година.

Ние од Министерството за правда имавме намера да извршиме уште една измена, а не само една календарска измена во определениот рок, трошоците во постапката за ликвидација на тие субјекти кои во со закон определениот рок не ги извршат тие обврски, да паднат на товар од самите средства на тие претпријатија и други стопански субјекти кои не ја измириле таа обврска. Меѓутоа, тоа остана така. Министерството за стопанства остана при оваа определба, само сега се однесува за промена на тој календарски со закон определен рок, а да не дојде до некои други поголеми потешкотии во целата таа постапка, а доколку се угаснат тие така бројни субјекти, а и така еден дел од нив, скоро 40% се зрели за ликвидација поради не соодветното решение на чиј товар би паднале средствата за судските такси и тоа во самата по службена должност спроведена постапка, ќе дојдеме до големи издатоци и од самиот судски буџет.

Затоа, се предлага овој рок да се продолжи до 31 декември оваа година, а тоа се поклопува и со другите со закон определени рокови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата, заменикот министер за правда магистер Бајрам Положани за образложението за не одложната потреба од итно донесување на овој закон.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Според тоа Предлогот на Владата, овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот гласаа 79 пратеници, 1 пратеник е воздржан, и двајца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за сметководството.

Предлогот на законот ви е поделен, па го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии г-динот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа оваа измена на Законот за сметководството е барана од следните причини тој закон да се донесе по итна постапка.

Правило е во Македонија во пресметковниот систем корисниците, односно сите субјекти кои се должни по Законот за сметководство да поднесуваат годишна сметка на крајот на годината. Тоа го усогласивме со Шестата директива на Европската унија и тука таа наша легислатива е веќе хармонизирана. Меѓутоа, под годишна пресметка алтернативно таа може да се поднесува и не мора да се поднесува и ако се поднесува, се поднесува даночен биланс до Управата за приходи. Меѓутоа оваа година со оглед на тоа што имаме големо влијание врз економијата од Косовската криза и со оглед на тоа што сакаме да ја согледаме правата состојба за проекција за наредната проекција на Макроекономската политика на Македонија, Стратегија за развој на Македонија, бидејќи на Македонија под итно и се потребни такви податоци, затоа бараме по исклучок оваа година да не биде алтернативно поднесување на овогодишната пресметка, туку таа да биде задолжителна. На тој начин ќе создадеме една база на податоци, врз база на која ќе можеме и добро да ја согледаме состојбата во стопанството, а исто така да завршиме соодветна проекција за наредниот период.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер за исцрпното образложение.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, ве молам да гласаме.

Предлогот за ставање на законот по итна постапка, го ставам на гласање.

За гласаа 74 пратеници, против 1 и 4 воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Предлогот на законот ви е поделен.

Повторно го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии г-динот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, во нашиот систем на оданочување има голем број на производи и услуги кои се ослободени од данок на промет, меѓутоа тоа не е во согласност со европското законодавство, така што европското законодавство бара ослободувањата во системот на данокот на промет да се сведат на минимум или оданочувањата по повластени стапки исто така да се сведат на минимум.

Со оглед на тоа што во нашиот систем на данок на промет има одредени производи кои по сите европски норми се оданочени по повластена стапка од една страна и со оглед на тоа што имаме голем број на производи, односно услуги кои не се оданочени, а се однесуваат на претпријатија кои остваруваат приходи, мислам дека таквото решение го имавме и пред година дена, тоа беше успешно решение, со оглед на тоа што во праксата се јавуваат огромни злоупотреби на Законот заради таквите даночни ослободувања, бараме тие измени на Законот за данокот на промет донесат по итна постапка, затоа што е еден од условите за добрата соработка со ММФ и Светската банка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер за образложението.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, со оглед дека

законот го добивме непосредно пред седницата првото гледање на Законот и образложеието на министерот упатува на фактот дека кај Законот за данок на промет на стоки и услуги доаѓа до зголемување на даноците со овој закон.

Ние во оваа фаза за изјаснување за итноста ќе се воздржиме од гласање, односно ќе бидеме воздржани и ако го проучиме добро во текот на седницата и ако се потврди дека најавата е за зголемување на даноците со овој закон најверојатно ќе бидеме против и во текот на расправата по Законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Според тоа Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот гласале 68 пратеници, 17 се воздржани и двајца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Повторно збор има министерот за финансии г-дин Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Долго време сме сведоци дека цената на суровата нафта на светскиот пазар се зголемува. Меѓутоа има тенденција на стално зголемување и во тој поглед се наметнува прашањето на утврдувањето на цените на нафтените деривати во Македонија.

Владата упорно до сега тоа го спречуваше, иако тоа одеше на товар на државните резерви на Буџетот, меѓутоа последните движења на цените покажаа дека Владата веќе не може да ја одржи таа цена на нафтените деривати, заради тоа што ќе се примени нов начин и методологија на утврдувањето на цените и таа методологија ќе се однесува и на пондерирањето на цената со акцизата, а бидејќи таа акциза ќе може да се зголемува и намалува според тоа како ќе се движи цената на светскиот пазар, па од тие причини, таа цена ја променивме и од тие причини бараме да се измени законот за акцизи. Таму има некое нивелирање на цените, тие цени се во функција на новото утврдување, односно методологијата на утврдување на цената на нафтените деривати.

Од тој аспект, бидејќи тоа веќе се применува, барам тој закон да се донесе по итна постапка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии г-динот Борис Стојменов на образложеието.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 67 пратеници, 16 се воздржани и 2 се против.

Според тоа констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со предлози на одлуки.

За именување претседател и членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

За именување членови на посебна комисија за изготвување Предлог за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола. И,

За избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации - Медицински центар - Охрид; Медицински центар - Штип; Здравствен дом - Ресен; Градска аптека "16 Јуни" - Кавадарци и Медицински центар" д-р Русе Бошковски" - Ростуше.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот се изјаснија 74 пратеници, 4 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување, именување заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 76 пратеници, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ побара Предлогот за донесување на Закон за задолжување на РМ кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина, со Предлог на закон, да се одложи за наредната седница на Собранието.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар - Куманово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 72 пратеници, 4 се воздржани и 4 се против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлага следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за трговските друштва;

2. Предлог на закон за дополнување на Законот за сметководството;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги;

4. Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за концесија, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина, со Предлог на закон;

12. Предлог за избор ка судија ка Основниот суд во Гостивар;

13. Предлог за именување заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци;

14. Предлог за разрешување заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани;

15. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Републичката комисија за односи со верските заедници;

16. Предлог на одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи - Битола;

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар - Охрид;

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар - Штип;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Здравствен дом - Ресен;

20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Градска аптека "16 Јуни" - Кавадарци;

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Медицински центар "д-р Русе Бошковски" - Ростуше;

22. Предлог на одлука за огласување и именување заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје;

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација- Медицински центар - Куманово.

Отворам расправа по дневниот ред.

Збор побара г-динот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, на минатата седница побарав информација за производството и пласманот на раноградинарските производи. Таа информација ја добивме и предлагам да биде ставена како точка на дневен ред и по неа да расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, дали се согласува Информацијата која ја добил пратеникот да се расправа по таа

точка.

Го молам министерот за земјоделие, г-динот Марјан Горчев да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот се согласува и според тоа ја ставаме и таа точка на дневен ред.

Во врска со дневниот ред збор побара г-динот пратеник Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата.

Барам информација од Владата на РМ поточно од Министерството за внатрешни работи за последните полициски акции врз албанските семејства посебно во Чаир на ул. "Дижонска", како најдрастични примери врз семејството на Мерџан Шкрета, каде куќата му е уништена и демолирана и на семејството му се нанесени доста психички стресови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Фатмир Етеми.

Има збор г-ѓата потпретседател на Владата, Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Владата прифаќа да изготви информација за прашањата што ги покрена пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, на наредната седница ќе добиеме информација за поставеното прашање.

Дали уште некој бара збор, во врска со дневниот ред? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, ве молам да гласаме за дневниот ред.

За предложениот дневен ред се изјаснија 75 пратеници, 3 се воздржани и 1 е против.

Според тоа констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување на Законот за трговските друштва.

Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, г-да министри, колеги пратеници, како претседател на Комисијата за финансирање и буџет согласно Деловникот на РМ барам да се даде пауза, за да може Комисијата да ги разгледа трите закони кои се дадени по итна постапка, а кои влијаат на финансирањето на државата.

Се работи за законите особено за данок на промет и Законот за акцизи, со чие донесување се зголемува даночното оптоварување и на граѓаните и на правните лица и настануваат промени во структурата на финансирањето на приходната и расходната страна кај РМ во Буџетот.

Согласно Деловникот во ваква ситуација кога се нудат закони комисиите имаат право да ги разгледаат и да бараат прекин на седницата.

Го користам тоа право како претседател на Комисијата, за финансирање и буџет да барам расправа на Комисијата пред да ги гледаме по итна постапка. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со оваа точка?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас претполагам дека ова ќе биде и уважено.

Затоа сакав да најавам дека во евентуалниот прекин ја свикувам Комисијата за надворешна политика.

И ние исто така би одржале седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да се свика Комисијата. По овие закони?

**ЈОР&АН БОШКОВ:**

Друго имам. Јас едноставно би ја користел исто така таа можност да свикам седница на Комисијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По овие закони што се предложени?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не по овие закони. По други закони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега дискутираме во врска со овој закон и како што предложи пратеникот Поповски и за другите ќе разговараме.

Ние одиме закон по закон.

Дали некој друг бара збор?

Процедурално јас морам да го ставам предлогот на гласање.

(Сугестии од место дека по Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија може да се даде пауза).

Вие барате да се изјасните по трите закони.

По законот за трговските друштва, законот за сметководство, а и за овие новите закони што сега ги утврдивме.

Во тој случај Комисијата може да се повлече, а ние да работиме.

Имаме кворум за работа и понатаму.

А овие три закони ќе ги разгледуваме подоцна кога ќе добиеме мислење од Комисијата. Зошто сега да прекинуваме со работа.

Според тоа по овие три закони Комисијата нека се повлече, нека оформи свое мислење и нека ни го достави. (Реакции од место).

Тогаш давам пауза од 45 минути.

Ќе продолжиме со работа во 13,00 часот.

Комисијата нека се состане и нека оформи мислење.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,30 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, додека чекаме да се умножи материјалот за првата точка, јас предлагам да почнеме со работа од петтата точка, па кога ќе го добиеме материјалот ќе се вратиме на овие останати точки.

Деловнички ние мораме да ги добиеме претходно материјалите од комисиите.

Тие сега моментално се умножуваат и затоа ќе почнеме од петтата точка.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, сигурно дека овој закон побудува посебно внимание, затоа што ако нешто функционираше од минатата Влада и ако нешто даде некои позитивни резултати во делот на изградбата на компактно неразвиените подрачја, сигурно задоволи Агенцијата за недоволно развиени подрачја.

И ако правиме едно сумирање на сите нус појави почнувајќи од негативните до позитивните, можеме да констатираме дека иако беше партиски обоена целата програма и делот на финансирањето во делот на општините, посебно каде што беа од СДСМ. Задоволи, затоа што направени се многу инфраструктурни објекти ширум Републиката. Овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување сигурно ќе оди на подобрување на текстот, затоа што се јавија одредени слабости, како во делот на опфатот на подрачјата, така и во делот на мерките со кои се вршеше поттикнување на развојот на овие подрачја. Сигурно ова кореспондира и со тоа што се направи и нова територијална поделба, што дава место за дополнување на овој закон. Знаеме дека со новата територијална поделба имаме сега во Република Македонија 123 општини.

Читајќи ги измените на членовите, посебно боде во очи, сигурно тоа е членот 9, односно членот 8-а, кој по исклучок на членот 9 од Законот. Агенцијата за стопански недоволно развиени подрачја поаѓајќи од критериумите во членот 6 на овој закон, може да учествува во финансирањето на изградбата на објекти од основна инфраструктура, локален пат, локален водовод, електрична мрежа и во населени места кои не се утврдени со посебен акт од членот 9 од овој закон. Одлука за учество донесува министерот за развој.

Мислам дека член 8-а треба да се исфрли, затоа што му нанесува директна штета на она што значи недоволно развиени подрачја и со право на министерот може да одобрува средства да се врши финансирање и во развиените подрачја и во самите градови. Што значи го суспендира овој закон и идејата за недоволно развиени подрачја и компактно рурални неразвиени подрачја.

Во делот на критериумите треба да се обезбеди по реален опфат на подрачјата и прилагодување кон ново настанатата состојба со новата територијална поделба. Зборувам, затоа што ако се земат некои статистики, а сигурно дека мора да се уважат статистиките. За среќа јас имам некоја статистика овде обоено со бројки и цифри. Гледаме дека во изминатиот период се инвестирало исклучиво во општини каде што се од СДСМ. Не кажувам дека тоа е грешка, туку направена е неправда спрема другите општини. Не велам дека не требало да се инвестира таму, требало, но требало да има едно поширoко размислување и сите општини да добијат барем подеднаков третман и подеднакво финансирање.

Она што мене лично ме загрижува, тоа е што во западниот дел на Македонија, не сакам сега да делам Западна, Источна, Централна, било каква Македонија, Македонија е Македонија, за жал се многу инвестирани, почнувајќи по овие графикони се гледа дека огромни средства се инвестирани во западниот дел на Македонија. Ако се земе во општините во источниот дел на Македонија, само како една општина почнувајќи од Гостивар или Охрид, е еквивалентна со скоро сите општини во Источна Македонија.

Сигурно дека овој закон, Министерството и Агенцијата треба да направат критериуми по кои треба да се инвестира, по кои треба да се распределуваат средствата. Не зборувам дека не треба да се инвестира, треба да се инвестира, но треба да бидат опфатени сите општини. Да Ви кажам еден пример во Свети Николе. За Вас пратениците, за јавноста, ние во општина Свети Николе имаме две села кои немаат струја, тоа е Кишино и Бекилија. Знаете зошто? Затоа што не гласале за СДСМ. Мислам дека ова не држи. И новата Влада исто не треба да ги прави истите грешки, како што ги правел СДСМ. Да нема струја во ова време, воопшто не држи. Да се казнуваат посебни региони, да се казнуваат општини, мислам дека е нонсенс. Во централниот дел на Македонија да нема електрична струја. Како живеат тие луѓе? Да не зборуваме за пат и друго. Замислете како може да функционира една фамилија, како можат да живеат луѓе? Со икс, икс ургенции, поставување на пратенички прашања од оваа говорница, дека во тие и тие населени места нема електрична енергија. Тие треба да се вразумат, кога ќе гласаат за СДСМ, ќе добијат електрична енергија. Ова го кажувам како поука. Не треба да се оптоварувате, луѓето ќе гласаат за кого сакаат. Тоа е граѓанско право. И не треба оваа Влада и министерството да се занимаваа со тие критериуми.

Ако земеме сега по оваа статистика, овој графикон (го покажува графиконот на пратениците) ова со плаво се е од СДСМ. Ако погледаме овде каде што е инвестирано. Само во една општина е инвестирано во ВМРО, или Социјалистичка партија, или ПДП, или ДПА. Што значи Агенцијата треба да направи нова формула, ново распоредување на средствата. Останаа многу инфраструктурни објекти кои не се довршени, т.е. се завршени и останаа кои се пренесуваат во следната година. Добар дел средства се злоупотребија за време на парламентарните избори. Што ќе се прави со делот на тие општини каде што се направени инфраструктурни објекти, патишта кои се тампонирани, изградени. При крајот на мандатот на Агенцијата знаеја како ќе заврши, или имаа претчувство, не направија договор со многу изведувачи, многу фирми. Зборувам ширум за цела Македонија. И сега не знаат што да прават. Ниту месните заедници, ниту општините, ниту изведувачите.

По ова прашање посебно треба да размисли Агенцијата и да направи посебни критериуми, затоа што знаеме како стопанисуваше, знаеме како се правеа договори за инвестирањето во инфраструктурни објекти во месните заедници учеството беше 80 со 20, или 50 со 50, со што надзорот го врши Агенцијата за недоволно развиени. Можеби некаде има и злоупотреби. Не навлегувам во тоа. Денеска се е можно. Но, главната поента, се делеа луѓето. Ова не треба да го направи Агенцијата.

Луѓето т.е. општините не е битно која како е, не е битно кој за кого гласал, туку да има една широкост во Министерството за развој, да се инвестира таму каде што е најакутно, заради таква политичка состојба, конкретно зборувам за општина Свети Николе. Патот кој требаше да се направи, кој 10 години се прави, кој треба да го поврзе Свети Николе со Скопје, кој требаше да има и регионален третман, заради политички недоразбирања не се изгради. Се казнија граѓаните од општина Свети Николе, не само граѓаните од општина Свети Николе, туку се казнија и граѓаните од Штип. Патот се скратуваше 40 километри. Со триста ургенции, измислија не знам што и мислеа дека Ѓуриште ќе биде воена база, не знам што ќе биде, атомска централа, се избегна да се прави. Зошто? Затоа што 40 км. Го скратуваме патот Свети Николе - Скопје, затоа што целиот Источен регион, Источна Македонија 40 км. во еден правец, во два правца тоа се 80 км. Да не се оди на примитивизмот политички, туку да се гради таму каде што има потреба.

Сигурно дека тука ќе има доста размислувања, доста дискусии по тоа кој ќе биде реперот, кои се карактеристиките, кој ќе биде еталонот, дали густо населени места, дали ретко населени места. Ние знаеме какво е населението во Македонија. Што да правиме со тие села кои се казнети 45 години, каде што најмладиот младинец е 65 години, 70 години, што да правиме со тие луѓе? Во општина Свети Николе има 10 села, каде што најмладиот младинец е 70 години. Што да правиме со тие луѓе? Како да живеат тие луѓе, ако не се обезбеди телефон, струја, нема струја, нема вода. Како живеат тие луѓе? И тие се дел на Македонија и тие се

Македонци. Да не зборуваме за села кои од време се ВМРО-ски село Немањица. Село Немањица и развиено? Молам, по која теорија. Ниту можат да направат водовод, ниту можат да воведат струја, не можат да добијат телефон, ништо. Село Немањици е едно од поголемите села во општина Свети Николе, третирано од време дека е ВМРО-вско и уништено е, пишано со црвен крст дека треба да се уништи селото. Зошто? Сигурно ќе се јават и други колеги од дел од општините. Сигурно дека треба да се прекине со оваа пракса, да се надмине ова, доста со антагонизми, доста со реваншизми, доста со примативизми.

Да се даде приоритет таму каде што луѓето живеат, затоа што има многу луѓе кои живеат во Скопје и сакаат да се вратат. Како да се вратат? Граѓанин кој живее во Скопје во семејство еден работи, двајца студенти и живее во стан од 60 квадрати. Мора да се вратат од каде што дошле за да егзистираат. Знаеме каква е состојбата во Македонија. И треба да им се овозможи на луѓето барем Агенцијата да биде таа која ќе направи услови, за да можат дел од луѓето кои сакаат да се вратат. Сигурно дека таму во Агенцијата стои околу инфраструктурните објекти, Агенцијата сигурно има план и програма оние кои што се враќаат во недоволно развиените, руралните подрачја да им се овозможи да им се даде кредитирање ако е можно. Не само што ќе се направат инфраструктурни објекти и услови за едно нормално живеење, туку да се овозможат и кредити за поттикнување на развојот на сточарството. Затоа исклучително тие подрачја се рурално неразвиени и овозможуваат реални услови за развој на стопанството. Има тука сега и некои други статистики во кои општини во 1997 и 1998 година се потрошени средствата. Замислете во 3, 4 општини од Западниот дел на Македонија се потрошени толку средства колку што не е потрошено во цела Македонија.

Ова нека биде една генерална забелешка за Агенцијата, нека направи рамномерен пристап, нека се избалансираат работите, нека се земат во предвид сите елементи, да се види што е приоритет. Сигурно дека законот би го подржал, сигурно дека ќе има ново групирање на стопански недоволно развиените подрачја, ќе бидат утврдени рурални центри, сигурно ќе има и некои специфични подрачја. Би било добро регионално развивање. Пак уште една препорака до Агенцијата и да се ослободиме од тоа партиска припадност, да овозможиме на луѓето каде што живеат, каде што има реални услови да ги третираме подеднакво, затоа што не знаеме кој за кого ќе гласа.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и колеги пратеници, предлагачот предлага законот да оди на иста седница да се донесе, по скратена постапка, со образложение дека истиот не е обемен и дека не е сложен. Јас и на Комисијата за економска политика и развој зборував, се работи за закон кој е од 30 члена и од 30 члена 15 членови се менуваат.

Второ, што е многу битно основните критериуми за утврдување на неразвиените населени места се менуваат. И мислам дека би било добро ох тие причини законот да оди најмалку во две фази, за да може јавноста, односно пратениците да можат да се консултираат со повеќе луѓе, односно со познавачи на оваа материја, за да се определиме и да донесеме нешто што би било најприфатливо во овој момент за Македонија.

Инаку регионалниот развој мислам дека е еден од основните елементи да кажам и за развој на демократијата и за развој на плуралното општество. Тоа го поставувам од причина што, во Македонија имаме населени места кои се неколку пати, не во проценти, неколку пати помалку развиени во однос на одредени центри кои ги имаме во Републикава. Меѓутоа по законот излегува дека цела Македонија може да користи бенефиции за неразвиени подрачја, што не би било добро и ќе се совпадне, практично ќе дојде до проблем помеѓу изворите на средства кои се мали за овие потреби и големите можности за проширување на барање на средства по основ на неразвиени. Тоа го поткрепувам со следното. Во последниот закон како основни критериуми е општествен производ по жител, набавната вредност на активните основни средства по жител и степенот на вработеноста.

По новиот Предлог на закон критериумите се оддалеченост од градскиот центар. Вториот критериум е квалитетна сообраќајна поврзаност со пат, со населено место што има карактеристики на град. Третиот критериум е степен на инфраструктурна опременост на населеното место, мрежа за водоснабдување, електро мрежа, локално осветлување, ПТТ мрежа, мрежа на улици и сл. Следниот критериум е степен на миграција, надморска височина и конфигурација на просторот на населението, оддалеченост од државната граница и т.н. По овие критериуми практично нема место, нема населено место кое не може да се вклопи во некои од овие критериуми. И по тоа ќе може значи секое населено место да конкурира за средства по основ на овој закон, што би било

многу лошо и мислам дека ќе се создадат и по тој основ политички проблеми, позиција, опозиција, даваме средства на едните, не даваме средства на други.

Така што во секој случај мислам дека би било неопходно потребно да се внесат економски критериуми за степенот на развиеноста или неразвиеноста, не описни критериуми кои може секое населено место да ги исполни. Ако ни е целта по брз развој на недоволно развиените населени места, мислам дека треба да се стесни кругот на населени места кои ќе имаат право да конкурираат за средства по овој основ.

Како поткрепа на ова мое излагање е и членот 8-а, кој по исклучок по членот 9 Агенцијата за стопанско недоволно развиени подрачја, по основ на утврдување на потребата од страна на министерот за развој, може да дава и покрај овие критериуми средства за недоволно развиените, што би било практично, да може секое населено место по овој основ да добива средства. А, средствата се многу малку. Така што, ќе излезе дека дискреционото право на министерот за развој е да ги црпи средствата по овој основ, место да одат во неразвиените, да одат на други места.

Што се однесува до регионалниот развој, треба да имаме државна политика, а не политика на денешната Влада, политика на следна Влада, политика незнам каква. Во секој случај ние имаме многу неразвиени населени места, што во многу отстапуваат од развиените и би требало да се изработат економски критериуми покој тие ќе се утврдат и ќе можат да конкурираат за средства.

Од тие причини, јас предлагам овој закон да оди во две фази.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илија Филиповски.

Има збор г-динот Ризван Сулејмани, а по него се јави Азис Положани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, пред нас имаме Закон за поттикнување на недоволно развиените подрачја во Република Македонија и иако од страна на предлагачот се предлага овој закон да го усвоиме во скратена постапка, јас мојот став во врска со овој закон го кажав уште на седницата на Комисијата.

Овој закон мислам дека е многу значаен за нашата Република, со оглед на фактот што многу показатели укажуваат дека подолго време не сме воделе некоја посебна стратегија за тоа како треба да се развива државата. Некои показатели укажуваат на тоа дека денес во Република Македонија имаме големи апсурди од типот на населени места, односно подрачја каде што густината на населението некаде е поголема отколку во Европа и населени места каде што густината на населението е помала отколку во Европа. Таква диспропорција на развојот на државата сигурно е последица на некој недостаток на стратегија за развој на државата.

За жал и во минатиот мандат неколку пати сакав самоиницијативно да поднесам измени и дополнувања за донесување на нов Закон за развој на недоволно развиените подрачја, но и тогаш ме убедуваа дека тој закон ќе дојде после новата територијална поделба, откако ќе пристигнат податоци за новата територијална поделба и врз основа на тие податоци, ќе може да се квалификуваат одредени општини, населени места и подрачја како стопански неразвиени.

За жал, апсурдите продолжуваат и тука, и наместо да се пријде на аналитички начин кон решавањето на овој проблем, мислам дека во Законот има премногу политика, малку аналитика, малку научна компонента, така што се плашам дека со ова нема да постигнеме некои битни елементи.

Има битни промени во два сегменти, со тоа што сега се усвојува нов критериум со додавање на нов став 6-а, каде Владата односно Министерството по своите критериуми може за одредено населено место да издвои, иако тоа како населено подрачје може да биде развиено, но одредено населено место по одредени критериуми може да се издвои и да се третира како неразвиено подрачје, со тоа што тие ќе имаат одредени бенефиции по одредени клучни прашања за опстанокот на тоа население.

За мене тој дел остава голем простор за злоупотреба на дискреционото право и на ресорниот министер, и на Владата врз основа на политички убедувања или политичките проблеми и потреби, како што се предизборните кампањи, за одредени населени места да може да се користат одредени средства за одредена цел. Така, членот 6-а како начин на решавање го поздравувам, но го поставувам прашањето на до прецизирање на тоа дискреционо право да не остане во надлежноста на Владата, со тоа што таа во одредени случаи ќе оценува кое од населените места ќе биде третирано како такво.

Исто така, се додава нов член 8-а, со кој се дава можност за користење одредени кредити веројатно под поволни услови, кои во другите подрачја нема да може да се

користат, со тоа што за таквите кредити и бенефиции кои може да ги користи одредено подрачје во една општина ќе одлучува агенцијата во соработка со Министерството за развој, односно Владата, што исто така во принцип јас не би го поддржал, со оглед дека ќе се бара додатно прецизирање, а не останува и понатаму по Одлука на Влада да се третира кое од тие населени места ќе може да ги користи тие кредити.

Друга работа, овде се предвидува една новина, некои центри за одредени подрачја, со тоа што се оценува дека тоа ќе биде носечка сила за развој на одредено подрачје. И во критериумите јас лично не се согласувам, затоа што еден од критериумите за здобивање со статус на недоволно развиено подрачје е и густината на населението. Се плашам иако овој Закон и оваа Агенција со години функционира, но никакви ефекти барем засега нема, со тоа што граѓаните ќе можат од едно подрачје во државата да се префрлат во друго, со тоа што ќе им створиме предуслови. Се добива впечаток дека ние преку Агенцијата се повеќе и повеќе патишта, водоводи и струи за населени места кои се веќе напуштени.

Јас се прашувам зошто ги градиме тие, ако веќе таму нема население, но по мое мислење тенденцијата би требало да биде населените места каде што веќе има јасни показатели дека населението мигрира, ние треба да правиме се тоа населено место да остане, а не да ни се случува како ни се случува на теренот, откако веќе населеното место ќе се испразни, ние да интервенираме во тоа населено место, со тоа што ќе изградиме патишта, водовод и сл. Тенденцијата како стратегија за развој на Агенцијата треба да биде во правец по населените места кои имаат перспектива за развивање да можат да се развијат.

Ќе го посочам мојот личен пример. Како што знаете потекнувам и сум пратеник во изборната единица која опфаќа дел од Сарај, на главниот пат кон Тетово. Иако, тој дел ги има сите предуслови да може да се развива и да стане развиен дел, со оглед дека една граница на главниот град на Републиката, сред мојата изборна единица поминува осмиот Коридор, за жал поради тоа што не се има доволно слух, дека таа предност како предност е дадена да може да се користи поради ваквите критериуми кои досега постојат, по критериум на височината кој може да ги користи овие средства или по критериумот за густината на населеното место, тие подрачја до ден денес иако се само неколку километри од центарот на градот, остануваат и патат за елементарните потреби, како што е вода за пиење, а не можат да црпат средства од Агенцијата. Така, критериумот на густината на населението и височината мислам дека не мора да бидат клучни критериуми, затоа што ќе дојдеме во ситуација ние да вложуваме средства во планини, каде што нема да има населени наместо да направиме напори да го задржиме населеното место каде што има јака перспектива како подрачје да се развие и да создадеме услови тие предности кои реално ги има да се користат и да се претворат во високо - развиени или средно - развиени подрачја.

Во таа смисла, мојата идеја е дека по Законот требаше да има поширока дебата, каде што ќе бидат вклучени и научни институции и Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање и други научни институции за стратешки развој на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господин претседател, ценети дами и господа пратеници, претставници на Владата, кога се работи за развој, сите сме заинтересирани што повеќе да придонесеме тие проекти да бидат што по адекватни за нашите услови, да дадеме евентуално наш придонес да ги поправиме во таа насока тие да бидат дво национално и по ефективни. Со оглед дека неразвиени подрачја во Македонија има се повеќе, тоа покажува дека и самите критериуми по тој основ се по флексибилни. Нивното адекватно користење и наменско добро користење мислам ќе придонесе тие регии да ги има што помалку во Македонија. Така, да кажам и јас неколку зборови во смисла да придонесам за текот и начинот како јас размислував со овој Закон.

Со овој закон, според зборовите на претставникот на Владата е изоставена општината како субјект кон кој ќе бидат насочени мерките и на оваа политика. Притоа, се воведуваат населените места како директни субјекти носители на оваа политика, што мислам дека може да биде добар потег за издиференцирање на руралните локалитети, кои би биле директно корисници на овие средства, со што би се избегнале непотребните административни постапки, што е очигледно за досегашната пракса, подлегнувале на една не компетентна арбитража на одредени личности во тој синџир. Мислам дека била добра намерата.

Исто така, добра е интенцијата со ова да се придонесе во регионалниот пристап на развојот на Република Македонија и како една од стратешките определби, а и начин за побрз и по адекватен развој на нашата земја. Со самото заобиколување на општината и воведување на населените места за оваа цел, мислам дека не е доволно или нај адекватно можно така да се изведе. Мислам дека, сето ова би било по ефикасно кога благовремено и без задоцнување би било поврзано со други системски мерки, кои би ја зајакнувале оваа развојна тенденција, како што е воведувањето на второстепена локална самоуправа и државна управа во функција на регионализација на Република како мерка на развојната политика, која во глобализацијата е карактеристичен тренд и во Европа. Намерно не претендирам дека со овој закон би требало тоа да се решава, но поддржувањето на такви мерки со адекватните аспекти од другите министерства, би се засилила оваа компонента и би дошла до израз. Со ова би се решавал не само проблемот со неразвиените подрачја, туку и проблемот на другите подрачја, а кои се карактеризираат со заостаната технологија, која според мое мислење ќе биде и те како голем проблем во годините што доаѓаат во Македонија, а ценам дека и сега веќе е таква.

Новата територијална поделба со голем број мали општини, го прави речиси бесмислен процесот на планирање и предвидување на идниот развој, ако пред тоа не се усогласат меѓу општинските интереси во рамките на повисоки регионални и суб регионални заедници. Поткрепа за една таква констатација не е тешко да се извлече и од досегашното искуство на ова ниво, каде е повеќе од потребно хоризонталното усогласување на некои јавни служби меѓу општините, особено во доменот на развојното претприемаштво, регионалното школство, здравството, екологијата, а како пример ќе го спомнам не адекватниот пристап кон еколошките проблеми и решавањето на депониите, што претставува проблем во многу општини во Македонија. Една таква соработка веројатно и направила тој проблем соодветно да биде решен.

Кога сме кај критериумите, мислам дека во измените на Законот тие се по флексибилни, така што е нормално да се очекува дека повеќе општини би требало да имаат корист од овој закон. Но со членот 8-а се дава право на министерот да интервенира во случаи, каде што тој мисли дека е тоа потребно да се направи. Јас би сакал тоа да го сфатам како намера и начин како побрзо да се спроведе оваа политика, по адекватно да се спроведе и во тој контекст би насочил два примери од мојата избор единица. Ќе кажам два примери каде јас би сакал да укажам дека би било добро, иако не интервенирам со амандман, но да се има предвид и подготвеноста на самите граѓани самите да придонесат кон подобрувањето на својот живот. Така, во струшкиот регион имаме општина Лабуниште, каде што граѓаните самите го заслужиле нашето внимание, а верувам и вниманието на министерот за развој, за да биде по адекватно згрижена и да се даде простор и во идните планови на Министерството за поддршка на тие развојни планови на таа општина, затоа што тие како граѓани направиле навистина се, за да го заслужат тоа внимание. Исто така, еден друг проект кој е многу интересен, тој ги поврзува двете општини, Мешеишта и Логожда, каде со пат од 3.400 метри би се олеснил транспортот, би се скратил заобиколниот пат од 60 километри, а е во функција на интеркомуникациски концепт, па се надевам дека Министерството тоа ќе го има предвид, штом веќе му дал нас ебе таква можност, а ние ќе ја прифатиме таа можност, но јас ете давам мои сугестии што мислам дека ќе биде во корист на граѓаните во таа регија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Азис Положани.

Има збор г-динот Аслан Селман.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа, околу проблемот што денес расправаме, односно за предлогот на законот јас бесплатно неколку начелни сугестии и карактеристики, со единствена цел овој закон навистина да биде по прифатлив и да има влијание, односно улога во решавањето на одредени проблеми на нашиот простор во нашата држава.

Исто така, би сакал тука да наведам дека во однос на Законот што порано постоеше за неразвиените подрачја во Република Македонија, овој закон сепак има некои карактеристики кои носат позитивна енергија и покрај тоа што јас не ја прифаќам таа негативна енергија, затоа што не постои. Проблемот е во тоа што овој закон носи една новина, а тоа е дека зоната се намалува, од 800 метри надморска височина до 600 метри, што значи дека многу подрачја во нашата држава кои се депопулациони зони, деагализирани зони, можеби со една поголема умешност во водењето на оваа стратегија, ќе можеме и тие зони да ги развиваме до степен што навистина заслужуваат, со природните ресурси со кои

тие располагаат.

Сметам дека би било пожелно Министерството за развој и другите министерства кои се бават со проблеми, да развиваат еден општ проект, односно формирање или изградба или да се направи една општа карта за степенот на развојот во Република Македонија, посебно во руралните и урбаните центри. Какво значење би имала таа карта за во иднина? Сметам дека таа карта за степенот на развојот на подрачјата во Република Македонија, би била од голема корист, затоа што Министерството за развој, Министерството за урбанизам и градежништво, потоа Министерството за сообраќај, Министерството за здравство и социјална политика и т.н., заеднички би делувале во тоа како да ги решаваат економските и социјалните проблеми во соодветните подрачја.

Исто така, би било мошне важно да се прифатат или да се реализираат односно имплементираат елементите што се во Законот, затоа што досега имавме такви примери што одредени подрачја и покрај тоа, што беа мошне хетерогени според својот економски развој, според својот степен на развој, ќе може да се валоризираат населбите, руралните населби, а исто така и други подрачја во Република Македонија.

Морам, да кажам дека поради тоа што немавме општа државна и општествена стратегија за развојот на одредени подрачја во Република Македонија, денес имаме екстремни случаи во нашата држава т.е. имаме подрачја со голема густина на населеноста од една страна и подрачја кои се две популациони, односно подрачја кои човекот веќе ги напуштил, односно со мошне ретко население.

Во тој однос, во Законот во еден член се спомнува дека за изричито неразвиени подрачја ќе се третираат оние подрачја кои се слабо населени.

Меѓутоа мораме да сфатиме и една друга компонента. Мораме да сфатиме дека во Република Македонија постојат и подрачја што се густо населени, така што земјоделска површина ќе дојдат над 1200 жители. Што значи тоа? Тоа значи дека во тие подрачја, навистина, државата треба да вложи напори и средства тие подрачја да излезат од клаузулата неразвиени подрачја.

На крајот, да заклучам со тоа дека ќе мораме во иднина да ја водиме таа државна стратегија за развој на неразвиените и пограничните подрачја во Република Македонија и ќе мораме да вложиме поголеми напори за заштита на ридско-планинските населби што денеска, навистина се во една тотална депопулација и морам да кажам дека до сега, од 1971 година до денеска депопулационо се празнети околу 40 селски населби во Република Македонија, додека само со 50 жители се околу 300 селски населби. Тоа значи дека во нашата земја се создаваат подрачја со густо населени простори и подрачја што се депопуларизираат.

По тој основ кривицата треба да ја бараме кај општествените законитости и закони, затоа што природата апсолутно не признава економски кризи, признава само кризни луѓе. По тој основ, доколку ја прифаќаме филозофијата дека кризните луѓе создаваат и кризни простори, тогаш ќе мораме да имаме еден по благодетен и по коректен однос кон одредени проблеми, односно кон неразвиените и пограничните подрачја во Република Македонија.

Со тоа би завршил, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Селмани Аслан.

Збор има господинот пратеник Ќосев Слободан.

**ЌОСЕВ СЛОБОДАН:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, Законот што е предмет на расправа на денешната седница е мошне значаен, мошне сеопфатен и неслучајно Владата предлага да биде донесен по скратена постапка.

Дискутабилно, во денешно време е да зборуваме и го употребуваме зборот развиени, односно неразвиени подрачја во нашава држава. Ситуацијата во која сме донесени некогашните развиени подрачја станаа неразвиени, имено производите што произлегуваат од тие подрачја се пласираат во рамките на нашата држава, а сведоци сме по која цена тие производи се плаќаат.

Значи, настана едно прелевање на капиталот од тие развиени подрачја. Луѓето, производителите на материјални добра се донесени во состојба да ги дотрошат своите материјални добра, би рекол машините за производство, транспортните средства, домашните резерви, а исто така многу значајно е што резервите што ги имаа како депонирани девизни средства во банките, останаа заробени. Така што овие луѓе се најдоа, би рекол, во една сиромаштија.

Затоа, правото на државата, односно на Владата е да оцени каде тие средства ќе бидат насочени. Во потполност тоа го прифаќам, всушност ние им дадовме доверба и треба да ги подржиме тие средства да бидат

инвестирани токму во подрачјата каде што најбрзо ќе бидат ефектуирани и таквите подрачја ќе дојдат до еден степен во кој што ќе се создаде база да се развиваат и по пасивните подрачја во државата. Заради тоа што, развивајќи ги нив, ќе ги развиваме и пасивните подрачја.

Затоа, во потполност го поддржувам и го прифаќам законот што го предлага Владата. Благодарам.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи г. Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува господинот Настевски Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Ценам дека најголем дел од средствата што ги обезбедува државата за развој на недоволно стопанските подрачја се употребуваат за изградба на инфраструктура и објекти од општествен стандард. Со оглед на тоа што во останатите министерства, во најголем дел во останатите министерства се вложуваат средства за истата цел, ценам дека е потребно да настане координирање на сите средства од државата, што се за изградба на инфраструктура и општествен стандард.

Имено, покрај во Министерството за развој, односно Агенцијата за развој на недоволно стопански развиените подрачја, средства се доделуваат и во Министерството за сообраќај, односно Фондот за патишта со средствата за локални патишта, потоа се доделуваат средства за изградба на ПТТ објекти, средства за електрификација, потоа фондовите на ФАРЕ, средства преку Министерството за животна средина, Министерството за урбанизам и т.н.

За да послужат овие средства навистина да се направи комплетен инфраструктурен објект или објект од општествениот стандард, неопходно е да се јави координација во користењето на истите. Во спротивно, делумното пласирање на средства ќе значи делумна изградба на тие објекти и никогаш ќе нема да се доградат.

Сакам да го кажам и тоа дека во изминатиот период, на база на ваква координација, влезено е во секоја општина со извесно финансирање. Имено, од 1800 населени места во Република Македонија, во преку 500 се изградени солидни објекти на комуналната инфраструктура. Да кажам дека на пример само во Секторот на локалните патишта секоја општина е добитник на средства, согласно одредените критериуми. Исто така, само минатата година, со координирање на средствата во животната средина од изградба на водоводи и канализации по населените места и од Програмата ФАРЕ, се доделија средства во 118 општини од вкупно 123. Имено, останатите не поднесоа барање.

Според тоа, за жал на некои дискутанти, не се оди во ваквите активности по други определби, туку навистина се цени состојбата во населеното место и потребата од изградба таква инфраструктура. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Ристески Љупчо.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, Предлогот на закон за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развој на стопански недоволно развиените подрачја, јас го сфаќам како закон што ќе биде во функција за порамномерен развој на целата држава, а исто така го сфаќам како закон што ќе донесе спас за одредени региони и населени места во Македонија да не бидат бришани од картата на Република Македонија. Затоа што најголем дел од населените места, посебно во регионот од мојата изборна единица од каде што сум јас пратеник, доколку трендот на миграцијата и депопулацијата на планинските села продолжи со исто такво темпо, сигурно за многу краток период за кој што и ние ќе бидеме сведоци, ќе доведе до апсолутно бришење од картата и евиденцијата.

Да ве потсетам дека јас сум пратеник од изборната единица 41, тоа е изборна единица што се протега скоро по целото течение на реката Треска и опфаќа површина од над 1000 км2 и 130 населени места. Во овој регион се лоцирани голем број на природни богатства, пред се мислам на шумите. Од вкупните шумски резерви во целата држава на овој регион отпаѓа 1/3. За потсетување, токму во овој регион нема ниту еден индустриски комплекс, ниту еден индустриски капацитет што би се занимавал со преработка на овие природни ресурси.

Сметам дека критериумите, посебно бројот на жителите во овие населени места во руралните средини, треба да бидат посебно потенцирани и да биде единствено релевантен податок. Бидејќи знаеме дека статистиката е збир на неточни податоци. Ако ние денеска направиме одредена статистика колкаво е производството во одредена средина, сигурно во таквата статистика ќе имаме многу слабости и многу недостатоци поради прибирање на податоците.

Доколку во овие рурални услови, рурални средини имало услови за живот, сигурно тие немало да се најдат во оваа ситуација во која што се денеска. Бидејќи условите се таму многу тешки за живеење, пред малку беше спомнато дека голем дел од тие населени места немаат електрична енергија, недостапни се медицинските центри, здравствената заштита за жителите од овие населени места, комуникацијата, патната мрежа, телефонијата и сите видови на комуникација се на едно најниско ниво. Токму тоа ги принудува жителите од овие населени места да ги напуштат родните огништа и да вршат пресија врз големите населени места и индустриски центри, барајќи вработување, барајќи обезбедување станбено прашање и сите други потреби што се јавуваат во едно градско подрачје.

Токму со една политика на посебно внимание врз развојот на руралните центри и руралните средини и населените места што се на поголема надморска височина ќе ги реши сите овие проблеми, како проблемите што ги имаме денеска во градовите од типот што пред малку ги спомнав, пред се вработување, решавање на станбено прашање и т.н., до решавање на останатите проблеми да не се промени ниту етнографската ниту географската карта на целата наша држава.

Токму во овие региони се сместени ресурсите што го диктираат и понатаму ќе го диктираат развојот на нашата земја, бидејќи токму овде се баш оние испитани простори каде што може да се инвестира. Во мојата изборна единица до пред неколку години имало ситна стока што се броела на стотици илјади, а денеска на само неколку илјади. Тоа е факт што покажува дека во овој регион сигурно има простор за развој на сточарството, бидејќи е тоа испитан терен, тука има многу поволни услови за развој на ситна стока па и крупен добиток и токму на вакви испитани простори, во вакви испитани дејности треба да биде интенцијата на идниот развој на целата држава.

Затоа сум еден од поборниците кој со овој закон треба уште по потенцирано да биде нагласено развивањето на руралните центри, центрите што во минатото доживеале депопулација, а тоа е последица токму на една не соодветна политика.

Затоа, Владата и ресорното министерство, со подзаконски акти смета дека ќе ги има овие работи во предвид и сигурно ќе работи на унапредување токму на руралните и слабо развиените региони во државата. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, госпоѓа Поповска како претставник на Владата, дозволете ми да кажам неколку мои видувања по Предлогот за донесување на закон и на почетокот да се придружам на предлогот на господинот Илија Филиповски, кој од причините што ги изнесе, кажа дека добро е овој закон да го гледаме во две фази. Јас исто така мислам дека законот иако се работи за мал закон, ние сите знаеме колку финансиски тежи овој закон во Буџетот на Македонија и колку по тој основ привлекува други средства. Практично, овој закон иако е мал не е толку ниту едноставен, ниту несложен. Тоа е закон со кој што се одлеваат огромни средства, да речеме од даночните обврзници кон неразвиените подрачја.

Затоа мислам дека не е лошо Собранието да процени и апелирам до пратениците на коалицијата, кои обично досега се повинуваа на она што Владата го предлага, да размислат дека можеби е подобро да одиме во две фази. Триесетина дена не се проблем за уште една фаза да може Владата да размисли за генералните забелешки што по законот овде се даваат, а не можат да се вклучат амандмански доколку го разгледуваме веднаш сега и во таа фаза.

Еве, пред да почнам и по законот неколку мои сугестии да дадам, дозволете ми да дадам еден став, прочитам еден став од образложението на законот што како куриозитет е потпишан од господинот Љубчо Георгиевски како премиер на Владата, кој во дописот до Собранието го има потпишано со својот потпис.

"Во изминатиот период (подразбира дека од донесувањето на законот од 1993, во последниве шест години) заокружен е стопанскиот систем. Се воведува и афирмираат поголем број институции иманентни на пазарниот начин на работење. Се стабилизираат стопанските токови, се создадоа услови за влез на странски капитал по разни основи, со што се создаде нов амбиент за стопанисување и нов амбиент за водење на развојна политика".

Се надевам дека ова, доколку го кажа на пример претседателот на СДСМ господинот Црвенковски, господинот Георгиевски прв ќе станеше да каже дека тоа ништо не е точно, дека не е заокружен стопанскиот систем, дека не се афирмирале иманентни институции на пазарниот начин на стопанисување, дека не се стабилизирани

стопанските токови и да не развиваме до крај, меѓутоа еве интересен куриозитет дека ова го најавив јас на господинот Стојменов на минатата седница, дека по еден закон каде што Владата само со потпис на премиерот се изјаснува. И, ова, се разбира, ќе го запамтиме секогаш кога Владата ќе кажува дека во изминатиот период не е тоа направено.

Би се вратил на законот.

Прво, со оглед дека законот, иако го задржува името, законот практично нуди сериозни промени во утврдувањето на неразвиеноста, промени во тоа кој ќе биде опфатен, па дури по мое видување и што ќе се финансира. Тоа значи дека целината на законот сериозно се менува.

Ако е така, сметам дека е добро доколку Владата има направено анализа за изминатите шест години од функционирањето на овој закон, каков што е донесен, претходно нели имаше закон што се викаше исто за неразвиените, имаше Републички фонд, сметав дека е добро Владата да понуди на пратениците, ако веројатно имале до Владата материја, а тоа се уште не е доволно да можеме ние, пратениците врз основа на интуиција да разговараме да достави до пратениците еден материјал, во кој што ќе се каже дека постојниот закон ги имал тие цели, ги утврдил тие критериуми, тука има и гранични вредности и дека после шест години сега можеме да кажеме дека законот ги остварил или не ги остварил целите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Односно, за мене е битен еден критериум зацртан во стариот, сега веќе оспорен закон од страна на Владата, кој кажува дека неразвиеноста се утврдува врз основа на џидипи по жител, корегиран со коефициент на густина на населеност, набавната вредност на активните основни средства по жител, корегирано со вредноста на енергетските објекти, кои не влијаат на тоа и степенот на вработеноста како број на вработени на сто жители.

Битно е за нас како парламентарци, да имаме од Владата показатели дали во изминатите шест години од спроведувањето на овој Закон за подрачјата кои биле третман на законот се подобрени. Односно дали општествениот производ по жител растел побрзо или по споро во овие подрачја во однос на просечното, дали е набавната вредност зголемена, густината и степенот на вработеноста. Врз основа на такви показатели сметам дека е иманентно еден Парламент да донесе одлука, дека тој закон не ги остварил целите, разликите се зголемувале и затоа треба нешто да работиме. Ако имаме обратни показатели тоа значи дека Законот не треба да се менува, или оној што Владата ќе ни го понуди. Јас меѓу другото и за тоа барам овој закон да не го гледаме во две фази денеска, туку да ги добиеме тие податоци, секој од нас да ги разгледа како генерална политика за регионален развој на Македонија. Какви резултати давал досегашниот закон и секој од нас посебно да види, од изборните единици од кои доаѓа, доколку се од неразвиените подрачја, какви резултати таму дале тие активности. Така мислам дека ќе можеме како пратеници по релевантно да одлучуваме, затоа што овој закон всушност од сега натаму ќе нуди.

Се разбира, јас ја исклучувам можноста сега ако ни бидат пласирани податоци, Владата може да ги има, или да ги нема, да можеме да одлучуваме врз основа на тоа. Сепак мислам дека во образложението на законот, кој во поранешните години имал по една милијарда денари од буџетот на Македонија, поткрепен за овие фондови во Агенцијата требаше да го добиеме.

Исто така, за мене се многу спорни, иако јас во овој момент децидно не ги оспорувам, меѓутоа мислам дека се уште заслужува внимание да ги утврдиме критериумите врз основа на кои се утврдуваат стопански недоволно развиените подрачја.

Моето лично уверување е дека досегашните критериуми кои ги кажав по постојниот Закон се стопански, односно економски критериуми. Меѓутоа економските критериуми се параекселанс врз основа на кој се утврдува неразвиеноста во цел свет и на локална и на национално ниво. Дури и Светската банка и ММФ кога утврдуваат степен на развиеност најчесто употребуваат неколку вакви показатели. Тие имаат и други корективни показатели, меѓутоа џидипи по жител, степенот на вработеност и т.н. се едни од главните показатели и затоа овој закон вели дека се грижи да го поттикне развојот на стопански или економски неразвиени подрачја, а економски неразвиени подрачја ќе ги утврдиме со економски индикатори.

Сега Владата тоа го повлекува, односно предлага да го промени тој критериум и да воведе критериуми, кои според мене не се доволно јасни економски критериуми односно стопански критериуми врз основа на кои ќе утврдуваме стопански недоволно развиени подрачја. На пример, некој од критериумите се географски критериуми. Тие не се доволно економско силни показатели. Некои од нив се социолошки критериуми, така да не сум

убеден дека Владата, државата ќе успее да најде соодветен механизам на утврдување на стопанската неразвиеност. Само да упатам на она што Владата сега го предлага.

Оддалеченост од градскиот центар. Тоа апсолутно не е економски критериум. Тоа е географски критериум.

Квалитетна сообраќајна поврзаност со пат со населено место што има карактеристики на град. Тоа е исто така многу спорен економски критериум.

Степен на инфраструктурна опременост (водоснабдување, електрична мрежа и т.н.). Тоа е повеќе социолошки критериум.

Степен на миграција. Демографски критериум кој има коректвни влијанија на економските критериуми.

Надморска висина на населеното место е географски критериум.

Оддалеченост од државната граница е географски критериум.

Значи, за мене се уште е спорно и затоа мислам дека не е лошо да ги сослушаме, еве гледам и пратеници од владеачката партија дискутираат, можеби е добро да се размисли за сите овие показатели.

Исто така, сметам дека искуството на Европската Унија, за кое овде сега немаме децидно укажување од страна на предлагачот, што значи овој закон во врска со европскиот систем на национално и локално поттикнување на нивниот развој, меѓутоа треба секогаш да имаме предвид дека, Европската Унија и внатре Унијата кога го поддржува стопанскиот развој на недоволно развиените подрачја, а не населени места, во рамки на Унијата, поаѓа од критериуми кои се економски и кога ги употребува корективните кај нас како главни, туку поаѓа од претпоставката дека сите региони во споредба со Македонија се седум до осум, многу често и до десет пати поразвиени од Македонија во целина. Подрачјата кои во Европската Унија имаат статус на неразвиени. И ако кај нив џидипи по жител десет пати поголем од нас е во неразвиените помеѓу десет и петнаесет илјади долари перкап, по глава на жител годишно тогаш кај нив може и да се размислува за критериуми кои влегуваат во социолошката сфера. Меѓутоа, ако степенот на развиеноста е толку низок, да сме со 1600-1700 долари, тогаш мислам дека економските критериуми треба да останат како главен ориентир во утврдувањето на степенот на неразвиеноста во овие подрачја.

Исто така за мене, некои од пратениците го кажаа, нема да повторувам, има еден тренд на се поголеми овластувања на Владата и на се поголеми ексклузивни права на Владата да може покрај критериумите секогаш миниетерот или Владата да донесе одлука и надвор од критериумите по свое наоѓање. Нешто што се провлекува во овој закон, а што мислам, кога ќе дојдеме на ред со другите закони, за концесија, пакет што е понуден како генерална определба Владата почнува еден систем, тоа повеќе ќе важи кај другите закони отколку овде систем, на свои овластувања кои не се во рамки на критериумите и не се пазарно ориентирани. Ексклузивно право на власт да одлучува вон од критериумите не е пазарно одлучување тоа е државно арбитрирање.

Исто така, мислам дека има погрешни цели понекогаш во законот. На пример во член 4 од Законот се вели дека статус на рурални центри ќе имаат, се редат географско - социолошки карактеристики, средишно место во однос на поголем број населени места и т.н., со претпоставка дека тие треба да прераснат во пол на развојот на тоа подрачје. Мислам апсурдно е да одредуваме со Законот за неразвиени подрачја, дека некое неразвиено не само што треба да го развиеме на просекот на Македонија, туку дека треба да го претвориме и во пол на развојот. А да го претвориме во пол на развојот со таква фрагментација со такво цепкање на населените места како што е овде практично населено место, тоа значи пооделно село или град, односно во овој случај село. Значи не можеме ние да ја котираме концепцијата, дека тоа ќе претставува полови на развој едно село. Полови на развој се малку поширока концепција. Вие знаете дека на пример една оска на развој се планираше да иде Вардарската долина. Тоа се поголеми географски структури кои можат да зрачат како пол на развој, во однос на околината. Мислам дека е прилично неумесно за неразвиените да одредени населени места со рурален карактер стануваат соодветни полови на развој.

Исто така, сметам дека овој закон со критериумите кои ги нуди и со измените драстично ќе отстапи од она што досега барем беше, а не чувме дека тоа треба да се оствари. Од целта која треба да ја постигнеме. Значи целта како јас ја сфаќам за стопански развој на стопански неразвиените подрачја треба да се остварува пред се преку стопанските активности. Значи, законот да е ориентиран кон активности кои се стопански и кои на свој начин ќе влијаат на

другите карактеристики на населените места.

Сега вака ако го кажеме наједноставно за да можеме да се разбереме овој закон, мислам дека прејудицира за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја пред се ќе се грижиме со инфраструктурни зафати. Така членот 6 вели дека критериумите за едно место да биде неразвиено ќе бидат квалитетна сообраќајна поврзаност. Сообраќајната поврзаност и индиректно ствара доход. Она индиректно создава услови: Степенот на инфраструктурна опременост (водоснабдување, електро мрежа, ПТТ мрежа, улици) степен на миграција тоа се индиректни. Значи, од другата страна гледано Владата и државата може да дојде во заблуда, како да кажам дека едно место нема веќе да биде стопански неразвиено ако ги оствари овие критериуми. Ќе излезе од критериуми. На пример ако едно место квалитетно се поврзе со градот со сообраќајница. Ако едно место квалитетно се водоснабдува. Ако има квалитетна електро мрежа, ако има ПТТ мрежа и мрежа на улици. Тоа може да го има и се уште не значи дека е стопански доволно развиено, зашто стопански доволно развиено треба да има стварања на доход од оние кои покрај овие по интензивно го ствара доходот. Ова се дејности кои доходот многу споро го ствараат. Значи, ако тие критериуми ги задржиме, тие ќе бидат и наш ориентир кога ќе го напушти тоа место. Како што зборуваше господинот Даневски, во едно место воведете пошта, сообраќајници, електрична мрежа, се запре миграцијата и тоа значи дека веќе не е неразвиено. Напротив, тоа се уште има потреба од развој. Јас мислам дека треба да ја свртиме на глава логиката. Да обезбедуваме стопанска активност која ќе влијае на овие работи позитивно отколку инфраструктурни, кои само индиректно ќе привлекуваат стопанска дејност, иако тоа не го спорам. Меѓутоа, сметам дека не треба да е приоритетниот туку треба да е страничниот ефект на поттикнувањето на развојот. Главниот ефект да биде преку инвестиција, индустриски, градежни, услужните сектори и т.н.

Сметам дека овие критериуми можат да не изместат како држава во таа насока. Но, не навлегувајќи во пооделна расправа и по другите членови, јас повторно би апелирал прво Владата да ги разгледа овие, веројатно за некои од работите и ние имаме различни сфаќања од Владата, можеби за некои не сме во право, меѓутоа она што сум уверен е дека не сме во ситуација, не сме во право, да гласаме за закон со колку голема финансиска тежина во буџетот, така лесно, без да сме доволно убедени дека овие промени ќе одат во позитивен правец.

Затоа предлагам Владата да излезе на наредна седница со Предлогот на закон, сега да го гледаме како Предлог за донесување. Овие работи кои ги бараме да ни ги презентира во писмена форма, анализата на досегашната работа на Агенцијата за поттикнување, какви ефекти ќе предизвикаат новите критериуми и после тоа да можеме по релевантно да одлучуваме во наредната фаза.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Влада, јас би сакал да ја искажам мојата полна поддршка за донесувањето на овој закон, меѓутоа морам да кажам дека ми е жал што на седницата кога го донесувавме Буџетот, не се заложивме оваа ставка да биде малку поголема, барем во она што е дозволено со законот. Сега мора да признаеме дека желбите се едно, а можностите се нешто сосема друго.

Со измените на Законот се дава можност да добијат средства и оние подрачја кои по дадените критериуми не спаѓаат во неразвиени подрачја, а реално се неразвиени. Значи, одредени делови од нашата држава се реално неразвиени, меѓутоа според овие критериуми не се опфатени така да мислам дека ќе се создадат услови и за нив да се одобрат одредени средства.

Мислам дека искажаната недоверба е неоснована, бидејќи еднаш засекогаш треба да престанеме да ги гледаме тесно партиските интереси и да се завртиме конечно кон глобалните интереси на државата. Меѓутоа, недовербата може и да се сфати, бидејќи во претходната влада Македонија повеќе е делена по резултатите од изборите, отколку по степенот на развиеност, за што зборуваше и еден од претходните дискутанти. Претходниот мој соговорник зборуваше за пратеници од неразвиени подрачја, случајно и јас потекнувам од една таква изборна единица, тоа е Изборна единица број 3, во кој гравитираат три општини и случајно сите се со локална власт од ВМРО-ДПМНЕ. Ова се одобрени барања во општина Виница, извадени од Агенцијата за недоволно развиени во период од 1994 до 1998 година. Овде јасно може да се види дека до 1996 година и потоа се давани средства некаде десет према еден во однос на пред 1996 година.

За жал има појави каде што средствата се пренасочувани од изградба во недоволно развиени во изградба на инфраструктура во градот. Тоа е едната работа.

Втората работа е дека ние и ден денес во нашата општина т.е. во целата изборна единица имаме се уште села без водовод, села без електрична енергија и се надевам дека со измените и дополнувањата на овој закон ќе се создадат услови сите тие аномалии да бидат разрешени. Не можам да се согласам со господинот Поповски дека инфраструктурата не треба да биде приоритетна. Напротив, ние не можеме да зборуваме за развој на било што од стопанството, доколку немаме развиена инфраструктурна мрежа. Имаме населени места каде што едвај електрична енергија има за осветлување. Не знам која би била таа стопанска дејност, што можеме да ја развиеме доколку не биде по правена електричната мрежа. Да не зборуваме за квалитетна вода за пиење и патишта. Значи приоритетно е тоа за да се создадат услови да може понатаму да се развива било која гранка од стопанството.

На крај, да не дојдеме во заблуда, бидејќи овде се зборува за средства добиени од Агенцијата, некој од претходните дискутанти, од опозицијата спомна за средства од ФАРЕ. Ние зборуваме за Агенцијата за стопански недоволно развиените подрачја а не за ФАРЕ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Абдулаи Јунуз.

**АБДУЛАИ ЈУНУЗ:**

Почитувам потпретседателе, почитувани колеги пратеници и министри колку ве има, учествувајќи во денешната расправа по Предлогот за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, со Предлог на закон, не би сакал да го повторувам тоа што колегите пратеници го напомнаа, но сакам да укажам на некои предности што ги нуди овој предлог на закон. Воедно да кажам нешто и околу стариот закон од 1994 година и примената на тој закон, како и резултатите од примената на тој закон.

Конкретен пример ќе ви дадам во општина Гостивар, од каде што и доаѓам, бидејќи општина Гостивар во време на донесувањето на овој закон во 1994 година, таа беше во една цела територијална целина. Подоцна се подели од тој фамозниот Закон за територијална поделба од една во девет општини. Резултатите од примената на стариот закон од 1994 година се во подрачјето на општина Гостивар, мислам на таа стара општина Гостивар, се повеќе отколку одлични. Бидејќи, старата општина со ново формираните општини ја подели таа беда и таа катастрофа што ја имаше и сега со таа примена од веќе пет години општина Гостивар економски, она што моите колеги претходници сакаа тие критериуми да ги покажат социолошки, географски и т.н., па затоа јас и вака почнав, ќе ви кажам дека аргументите говорат општина Гостивар денеска економски е во тотален колапс. Нема ни еден капацитет токму стопански, на она што опозицијата настојуваше да ги аргументира резултатите, нема ниеден стопански субјект, кој работи и делува со успех. Па затоа, тие стари показатели т.е. критериуми што ги определуваа општините развиени и неразвиени, за која несреќа и општина Гостивар спаѓаше меѓу тие општини недоволно развиени, се надминати, иако во светот, се согласувам, но да не навлегуваме во тие теоретски и академски толкувања на критериумите, но практично е тоа, бидејќи постои голем расчекор помеѓу нормативното и стварното во примената на овој закон. А,тие критериуми веќе се надминати и овие новите што се нудат со новиот Предлог закон, а тоа ги спомнаа претходните дискутанти, а јас само ќе ги напомнам дека тоа се оддалеченост од градскиот центар, квалитетна сообраќајна поврзаност со населено место што има карактеристики на град, степен на инфраструктура, мрежа на водоснабдување, електро мрежа, локално осветлување, ПТТ мрежа и т.н., степен на миграција, надморска височина и оддалеченост од државната граница. во овој склоп би сакал пак конкретно да напоменам дека се обидуваше преку овој закон да се подигнат да се продолжи она од пред 1990 година, а се покажа како тотален промашај, изградбата и отворањето на политичките фабрики во делот на општина Гостивар, би рекол на тие погончиња, што денес за жал се затворени и луѓето ги имаме не само невработени, ги имаме и како социјални случаеви.

Од тој аспект овој закон нуди едни флексибилни критериуми, каде што нема да се, бидејќи во Комисијата за економска политика и развој имаше и такви дискусии каде што се сомневаше во Владата дека овие критериуми и овој закон може да се злоупотреби.

Но, ние од позицијата имаме доверба во Владата и тие критериуми ќе бараме да се спроведат, за да имаме резултат со овие измени на законот. Од тој аспект сметам дека законот нуди извонредна можност, сите досегашни пропусти и слабости што се

направени, не само да се корегираат, туку и да се надминат. Но, затоа ќе треба време.

Дека состојбата е алармантна можам да ви кажам, бидејќи почнав со конкретни примери, можам да кажам и за една група, на жители граѓани од село Танушевци, во општина Чучер Сандево - Скопско, каде што верувајте луѓето се жалеа токму во овие услови што веќе новиот Предлог закон ги нуди, дека луѓето седум месеци немаат струја за пат од 40 км., да не зборувам дека тешко се стигнува со џип за амбуланта. Само тие се надеваат дека некогаш ќе го добијат. И, за другите малтретирање што ги имаат на терен само минатата 1998 година тие жители се изјаснија дека 20 семејства мигрирале, се одалечиле од тоа село, бидејќи немале нај мининални услови за живот.

Со тоа сакам да кажам дека не беа доволни општините да бидат потпомогнати да влезат во таа група на недоволно развиени, туку населените места, па нормално и селата, бидејќи се инвестираше, на пример во градот, општината а околните села тотално беа запоставени, токму од тие витални проблеми и прашања што ги имаат во секојдневието.

Од тој аспект сметам дека овој Предлог закон нуди услови за подобрување на стопанскиот живот, за кој веќе сите сме сведоци во каква ситуација е целата држава и не се подобри ни со оној закон од пред две години, кој што беше донесен во минатиот мандат на ова Собрание, а тој беше Законот за развојот за југоисточна Македонија.

Оттука, ние во Западна Македонија сме само на лик развиени и ако се споредуваме Западна и Источна Европа, но реалноста сме неразвиени со еден добар потенцијал да се развиеме, нормално, со полна поддршка на Владата, а исто така и на другите структури од надвор со инвестирање на странскиот капитал.

На крајот, пратеничката група на ДПА овој Предлог на закон ќе го поддржи и со амандманска расправа и дополнување ќе придонесе овој Предлог на закон, да биде усвоен од овој парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Јонуз.

Збор има Ѓорѓи Котевски..

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувам потпретседателе, почитувани дами и господа, оваа тема не е само денешна и овој закон со овие измени нема да биде и последна измена и дополнување.

Јас нема да говорам за она што некои на оваа говорница постојано потенцираат дека критериумите не се добри во овој закон, дека одредени нешта досега во минатиот период погрешно се направени, поголем дел се позитивно направени во Република Македонија и нема да се осврнува на локалните проблеми од каде што доаѓаме како пратеници, бидејќи сметам дека овој Закон за недоволно развиените подрачја во Република Македонија мора да коинцидира. И со глобалниот развој и една глобална програма, која Македонија треба да ја има, како што ја имаат многу други земји, не треба да се занесуваме дека ние само со голо донесување на еден закон или таксативно набројување на она што треба да се направи и од каде ќе се обезбеди одреден број на буџетски средства или други додатни средства, дека ќе ги решиме прашањата во оваа наша држава, која сакале ние или не мораме да признаеме многу работи, многу рецидиви од минатото ни се оставени за денешницата да ги решаваме ние денес. Па, дури ако сакате и на оваа Владата и на овој Парламент. Кога зборував и за овој Парламент и за оваа Влада, мислам дека и во претходната Влада имаше исти такви дилеми околу тие критериуми какви треба да бидат, дали да се изострат, дали да се по олабават, за да можат одредени подрачја во државата да добијат такви квалитетни средства за развој на инфраструктурата и т.н. Меѓутоа, тоа за мене и не е толку битно. Да ви кажам искрено не е толку битно, затоа што сметам дека ние занемаруваме некои основни работи, на кои современиот свет или развиениот свет веќе ги решил. Ги направил во практиката и ние не едноставно, туку треба многу трезвено да ги конципираме со сите други разни програми од сите сегменти во државата, за да можеме да имаме целосен успех. Еве јас, заради вас и заради оние што ја следат оваа седница сакам да дадам некои примери. Дали ние овој закон го врзуваме со стратегијата за развојот на популацијата во Република Македонија. Дали во тој правец нудиме извесни решенија или дали зад тие решенија што сега можеме да ги нудиме од минатото нешто се креирало во оваа држава. Можам да кажам дека многу не доволно и не практично досега. Затоа, што конкретно ние денес состојбата во Република Македонија е таква и мораме тоа да го признаеме. Од една страна имаме популационен бум, имаме расцвет на народ, а од друга страна имаме празен простор, нема луѓе. А, ние воопшто знаеме дека човекот е основниот потенцијал на секоја држава. Човекот е основниот потенцијал за развој и неговиот ум, неговата креација и неговите размислувања како треба да се развива таа држава. Ние слабо размислуваме околу тие нешта.

Ќе изнесам уште еден пример. Замислете само пред 100 години или 80 години, Австралија беше една од најдивите земји, неразвиена држава и таму носеа само затвореници. Од не знам колку земји во светот, од различни нации собраа народ, пренесоа преку океан во Австралија и денес Австралија е многу по развиена од некои Европски земји, кои се сметаат за лулка на демократијата, за лулка за развојот и не знам што. Со ова сакам да ве убедам дека човекот е основниот потенцијал на државата. Но, ние човекот во секој случај слабо го искористуваме и човекот во Република Македонија ни служи само како бело робље да го испратиме во Австралија, Канада и Америка, а не сфаќаме дека неговиот ум, неговиот потенцијал, неговата наобразба, интелект може максимално да се искористи овде. Јас верувам, затоа што тоа практично го знам, бев и во Австралија, тие прво, не направија патишта, инфраструктура, не однесоа телефони, па ги населија веднаш луѓето таму, еден 4 милионски Мелбурн, тоа оди етапно. Или, во Една Америка. Во Америка имате драстичен случај. Во пустинските делови каде што е голем приливот на население во градските средини, за да извршат прилив на средства во друг правец, во овие пустински и недоволно развиени средини, што прават? Ги намалуваат даноците, допуштаат преку разни вакви Агенции за развој, да се направат проекти за развој на тој дел. Се вршат сите подготовки се со цел само народот да не притиска на одредени градски центри, со цел тој простор постепено, постепено, да се освојува. Но, кај нас тоа не се случува. Од една страна ние имаме едно практично, да речеме, Мариово, кое има големи, големи потенцијали, кое лежи на руда од кој сакате вид, меѓутоа, ние денес тој простор е потполно празен. Илјада души во тоа Мариово кои се на прагот на залезот, 80-годишњаци и т.н., ние бараме со еден ваков закон или со минимални средства да го оживиме. Не, се треба во државата од било кој аспект да се сведе на тоа да може во тој дел по било кои основи, овде за нив имаме да говориме колку сакате, можам да зборувам и еден час, но тука се треба да се вклучи, за да можат тие потенцијали да се обноват. И, ако ние почнеме да пласираме парични средства, да пласираме луѓе, тогаш ќе имаме обрт и на парите, обрт на капиталот, протек на луѓето и т.н. И, тој е основниот принцип кој може да ги задоволи работите.

Исто така, ние треба да сфатиме една друга работи што ни се случува во Република Македонија, за која мислам по полека и со овој закон, иако макотрпно, сепак, ќе чекориме чекор по чекор напред. Јас реков и на почетокот. Имаме наследени проблеми, имаме наследени пречки, вие тоа добро го знаете и сите добро знаат дека во една поранешна Југославија имаше Фонд за недоволно развиени подрачја. Па, тие ќе ни фрлеа по една корка во Македонија и ние ќе направевме некои погрешни експерименти. Или, од каде што е политичарот таму ќе ги насочеа средствата во нашата држава. Сосема погрешно.

Ние мораме да имаме визија за сите работи во оваа држава, за да можеме точно да ги насочиме парите таму каде што треба да се оплодат, човекот да се насели во тој дел и ние да можеме да имаме растоварување. Инаку, сфатете во каква апсурдна состојба би се довеле.

Да речеме, ние имаме еден гигант РЕК Битола во нашата држава. 80% произведува електрична енергија од целокупниот потенцијал на државата. На само пет чекори до него го имате неразвиено Мариово, имате села кои се опустошени. На не знам колку чекори каде што треба сега копот да оди е границата со Грција. Од другата страна на границата со Грција имате прекрасни живи села во Грција, развиени села, живи села со цела инфраструктура, со потенцијали и протек во секој поглед. Од нашата страна на границата имаме катастрофа, од која може и солза да ти капне. Тоа е, навистина, не допустливо.

Сакам да кажам дека ние во оваа држава на некој начин треба да си ги расчистиме сметките. Ако, да речеме, не зборувам само за РЕК, зборувам и за Југохром и Јегуновце, зборувам за Јака Радовиш, и другите да не ги набројувам, да не ве замарам со набројување, да видиме во одреден дел во ова македонско подрачје какви потенцијали има и колку како парични средства излегуваат од тие потенцијали и каде се сливаат. Потоа, дали повратно тие пари повторно се враќаа назад, дали со овој закон што денес вршиме изменување, дали преку други начини, од буџетските средства и т.н., или преку други програми експериментални или на било кој начин. Ние мораме да ги видиме тие работи, за да знаеме што во иднина ни треба во државата. Мислам дека со овој закон се прави таков чекор, макар што и опозицијата дел од некои пратеници сосема добронамерно ги прифаќам во она што го размислуваат. Ги прифаќам, но тоа е неможно со еден закон ние сите работи во државата да ги решиме наеднаш. Камо среќа да може тоа така да се направи и јас би бил еден од најсреќните пратеници и вие сигурно заедно со мене да ја направиме таа работа, би добиле најголема слава. Но, не е

тоа така, и како да се завртиме повторно се лежи во развојот и во она што значи, индустриски, земјоделски развој и т.н.

Ние ако продолжиме, да речеме, со определени мигови што се случија кај нас, верувајте ајде да го земеме Скопје како една групирана популација, од која вкупното население во Републиката е сконцентрирано скоро милион жители само во Скопје. Во Скопје ќе имаме и инфраструктура, ќе имаме телефони и прекрасни продавници, но може да ни се случи да имаме малку воздух за дишење, можеме да имаме празни продавници, нема што да јадеме, тогаш каде е развојот. Значи, само со еден законски акт не се решаваат работите. Треба сите институции во државата, не само ова ресорно министерство, треба сите тие институции, па дури и академијата на науките и уметности, до Економски факултет да седнат тие студии ги прават паметните во светот, развиените земји. Ние можеме нешто да прифатиме кај нас. Јас верувам дека имаме потенцијали. Така, по полека да можеме дел голем дел толку колку што се парите во оваа сиромаштија, да пренасочувам е свесно и пре намерно да не одиме од себични интереси за Скопје, па Скопје или Битола, па Битола. Не така. Нас ни е нужен, нужно зло ни е полицентричен развој. Ако тоа не го правиме и не го практикуваме во иднина  преку сите законски проекти, дали од Владата или од поединци од нас можат да излезат било како, верувајте дека ни нема излез.

Се сложувам и со тоа дека навистина во овој даден момент овој закон вака, со овие измени ни е потребен. Одредени моменти ќе увидуваме со текот на работата и ќе ги менуваме. Јас знам и тоа дека одредени институции во поранешната држава беа скроени за еден друг систем, за една друга идеологија. Ние сега драстично се свртуваме кон еден друг пазарен систем, кон еден друг начин на работење, кој е веќе практициран во светот и посебно со Европската унија и токму заради тоа мораме многу внимателно да не претераме ни во критериуми, да не претераме во давање на средства, само заради изборни кампањи и т.н., да се изгради пет метра патче. Верувајте не е пречката во тоа патче, пречката е на друго место. Затоа, јас зборувам за системски работи. Ако работите во оваа држава ги правиме системски, верувајте ќе дојдеме до конечни решенија. Инаку, ако импровизираме со импровизација нема ништо.

Импровизацијата е најлошата работа и најгрешниот пат. Јас од тие работи се плашам. Затоа кога нешто ќе се увиде може и по кратка постапка да се измени, да се дополни. Наредниот пат ќе увидиме некоја друга грешка пак ќе ја спроведеме така како што треба и така дел по дел да можеме во оваа држава да ги насочуваме средствата. Еве јас добронамерно станав да дадам поддршка на сите овие говорници што говореа во прилог на тоа да може овој закон во иднина да се доградува, но на некој начин да се изменат и работите во поглед на недоволно развиените подрачја.

Инаку ако продолжиме со тенденцијата да ги затвараме фабриките, да ги затвараме сите земјоделски капацитети, да не го групираме земјиштето, да не вршиме комасација, а да го цепкаме, и т.н., верувајте цела држава ќе ни стане неразвиено подрачје и тогаш што ќе правиме. Кај ќе ни биде излезот тогаш.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници.

Навистина станува збор за закон кој често пати е дискутиран, како што рече мојот колега Котевски и секогаш се поставува прашањето како да се измерат критериумите, по кои би се распределувале овие не така мали средства од Буџетот на РМ. Станувашe збор дали тоа да бидат економските критериуми, дали на нив да се придодадат социолошките, географските критериуми или параметри.

Верувам дека е тешко како впрочем кога треба некакви критериуми и параметри да се одмерат, тешко е да се даде приоритет на едните или другите. Јас се согласувам дека економските критериуми можат да бидат важни, меѓутоа дали секогаш само економските критериуми. Замислете една парадоксална ситуација, ние на прагот на 21-от век, имаме населени места каде нема вода за пиење, нема електрична енергија, нема пат. Дали ваквата состојба би придонела за економски развој на соодветните населени места кога ги нема овие претходни предуслови за да се почне некаков развој.

Јас би апелирал до Владата инфраструктурата да биде примарен услов. Го знаете она старо правило, треба да создадете услови за да можете да го развивате тоа населено место. Во состојба кога ја немате инфраструктурата, тешко дека некој ќе се одлучи да инвестира некаде. Сум имал прилика да видам, луѓе кои се заинтересирани да речам за инвестиции во приватниот сектор, во доменот на пример на шумарската индустрија за развој на

пилани и т.н., се заинтересирани за развојот, носталгија на пример спрема своето родно место, меѓутоа тоа не можат да го сторат, бидејќи нема инфраструктура. Како да изгради пилана кога нема пат, нема струја и т.н.

Исто така да спомнам една трагедија за подпелистерските села, кои се во регион кој релативно е богат со вода, замислете се уште го немаат прашањето со вода, се уште немаат соодветни водоводи и често пати користат неисправна вода за пиење. Зарем ваквиот социолошки, или медицински, јас би го нарекол критериум не е важен. Зарем Европа ќе ни дозволи да имаме места без исправна вода за пиење, кој ќе се спремат да влезат во европска заедница во 21-от век.

Од немањето на инфраструктура го имаме повратниот ефект и тоа миграција на луѓето, бегање во големите градови и се создаваат големи проблеми, како што е притисок на работни места, барање на простор за живеење, а оттаму произлегува и еден дел од дивоградбите кои постојано се предмет на дискутирање, а од друга страна загуба во одредени домени, како што е сточарството и т.н., па цели региони кои порано биле познати по ваквата дејност, сега се опустошени. Од друга страна имаме реакција на жителите кои живеат во населените места, бидејќи се поставува прашање што со нив, со нивниот простор, со нивните работни места, кога навалата на луѓето од неразвиените региони кон градовите е голема.

Само да спомнам, на бројките не се сеќавам, меѓутоа, некој од архитектите на Скопје кажа дека инфраструктурата на овој град е проектирана пред повеќе години за одреден број на жители. Тој број на жители е двојно или повеќе од двојно зголемен. Затоа имаат проблеми и со инфраструктурата на овој град. Слично е и со сите градови низ Републиката, бидејќи притисокот е голем. Затоа јас би инсистирал инфраструктурата т.е. на прво место водоводот, електричната енергија и патиштата да бидат приоритет за еден нареден период, додека дефинитивно тоа поглавје во Македонија не се затвори. Тоа да биде приоритет за да ги избегнеме сите овие негативни појави кои произлегуваат од немањето на инфраструктура во неразвиените подрачја. Заговарање е и од регионален развој, од прилика подразбира дека тие региони треба да се развијат, ако претходно повторно, се враќам, се направи таа инфраструктура и ако понатаму со заживувањето на локалната самоуправа тие региони ќе ги добијат сите можности сами да размислуваат и сами да се развиваат во својот домен. Така да не им треба секогаш туторство од централната власт, затоа што со таквите услови ќе можат самите да ги планираат своите развојни стратегии.

Во прилог на тоа мислам дека овие параметри кои се сега напомнати, измени и дополнувања на овој закон се важни како параметри и јас повторно велам треба да се апелира инфраструктурата да го овозможи понатамошниот развој. Без инфраструктура не можеме да имаме развој.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Ние и во нашата пратеничка група навистина многу сериозно расправавме за овој Предлог на закон, затоа што сметаме дека не само законот туку и многу други работи придонесуваат да се најдеме таму каде што може да се поттикнува развојот на стопански недоволно развиени подрачја.

Од сите овие дискусии кои денес придонесоа на еден начин и да може да оди законот да оди во две фази, веројатно ќе го добиеше во квалитетот на законот. Но, со тоа не сакам да кажам дека сме против овој закон, така како што е нормирано.

Точно е тоа дека, во одредени дискусии ние односно од моите колеги слушнав и такви дискусии, кои ќе одлучува, каде ќе се поттикнува развојот и т.н. Мораме да се согласиме со едно дека сепак ова е закон кој не може да нормира никаков субјективизам, не може да нормира партиски определби и т.н., дали коалиција, дали опозиција. Ова е закон кој мора да нормира одредени правила, одредени параметри со кои најверојатно ние ќе можеме понатаму да ја развиеме земјата, како што рекоа некои и стратешки, со фактот дека располагаме со потенцијал, знаење и закон, меѓутоа требаат финансиски конструкции кои навистина ќе бидат основен проблем во овој случај, затоа што ние имавме во буџетот, еден дел од тој буџет кој е наменет за овие активности, навистина е многу далеку од тоа што се предвидува односно како што тоа го нормираме со закон.

Мене посебно ме радува тоа што при донесувањето, односно при сите подготовки на законот учествувале и професори од економскиот факултет, веројатно стручњаци, би сакал во тоа да верувам, а исто така ме радува тоа што поминати се тие подрачја неразвиени и веќе се знаат. И

после тоа дополнително, веројатно доаѓа и тоа дека ќе се направи список и спецификација на тие населени места каде што треба да се интервенира понатаму преку Агенцијата и Министерството за развој. Се се тоа добри работи. Меѓутоа, не сме сигурни во пратеничката група, добиен е некаков одговор во самата комисија кога се расправало, дали при определување на одредено место, да речеме да се поттикнува развојот таму, кумулативно ќе се земат предвид сите овие критериуми кои се напишани во овие интервенции во законот, или ќе се оди параметар по параметар, така да се исполнуваат условите.

Еден од најдецидните параметри, по се изгледа е надморската висина од 800 на 600 метри. Меѓутоа, сите други даваат одредена флексибилност при вакви интервенции во одредени населени места.

Добро е исто така што се донесува еден ваков закон, затоа што имаше иницијативи и порано, затоа што треба да се одговори на тоа што е нова територијална поделба, со најновиот закон, затоа што во претходниот закон, поврзан со општините, односно територијалната поделба. На пример Гази Баба е една од општините на Скопје, беше рангирана меѓу развиените општини. Меѓутоа опфаќаше и опфаќа и населени места кои апсолутно со никаква инфраструктура, не можеа да одговорат на стандардите на едно развиено подрачје.

Исто така, добро е тоа што се оди со критериуми кои се лоцираат на самото населено место и не треба да ни биде криво тоа што не се оди децидно преку општината да се спомнува, туку населеното место, а токму тука имаме разлики во тоа што е развиено подрачје или развиено населено место.

Би завршил со тоа дека, понекогаш ни се случуваат, ако ги гледаме работите во контекст на минатото, апсурди. Меѓутоа, не можеме веќе да се вратиме на тоа. Апсурдите ни се случуваат, затоа што имаме ние и приградско населено место до Скопје, неколку дискутанти спомнаа по неколку пати Скопје, кое не одговара на тоа што се стандарди, кои одговараат на едно населено место кое во овој случај може да се стави во развиени или неразвиени.

Затоа мислам да се поддржи предлогот, со тоа што понатаму ако ни создава проблеми за да се интервенира во одредени населени места, тука оставаме простор, а остава и законот, на дискреционото право на министерот. Но, се надеваме дека министерот со екстра интервенција веројатно ќе најде начин во одредени населени места да се интервенира, за да се поттикне развојот за едно такво подрачје.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор заменик министерот за развој г-ѓата Лилјана Поповска.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Најпрвин да изразам задоволство што овој закон побуди толкав интерес кај пратениците и ова ни дава за право да верувам дека и во иднина ќе бидат подржани сите напори на Владата, за изнаоѓање на пософодветни мерки за поддршка и развој на недоволно развиените подрачја, како еден важен сегмент во вкупниот развој на земјата во целина.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, претставува доградување на постојните системски решенија и прилагодување кон изменетите состојби по 1993 година, кога беше донесен претходниот закон. Значи стариот закон не е оспорен, како што беше спомнато со овој закон, туку самото време и настанатите промени во земјата, изнудија потреба од негово надополнување. Ваква крупна промена беше на пример Законот за територијална поделба, кога од 34 добивме 120 општини.

Што има тука спорно? Спорно е тоа дека имаме општини без соодветни економски показатели, што значи дека не е можно врз некои прецизни, стриктни економски показатели, да се определува развиеноста или неразвиеноста на некои општини. Од друга страна мора да се нагласи дека од 1995 година наваму не постои веќе категоријата општествен производ. Таа е заменета со бруто домашен производ. Така што тоа е исто така една измена од техничка природа, која мора да се внесе со овие измени.

Инаку што се однесува до потребата од стриктно определување на стриктни показатели за некои општини или места, морам да ве информирам дека од Заводот за статистика добивме и официјална информација дека во моментот и во едно догледно време, нема да бидат во состојба да го овозможат тоа. Значи потребата од внесување на некои други критериуми е повеќе од неопходна.

Поради сето ова измените кои се предлагаат ги содржат: опфатот на подрачјата, вклучувајќи ги и критериумите како што кажав и мерките и инструментите со кои се води оваа политика. Со промените кај опфатот се предлага основен субјект на оваа политика да биде секое населено место. Притоа општината не е веќе директен субјект на оваа политика, туку се јавува индиректно преку населените места. Притоа иницијативите што таа ќе ги покренува ќе бидат од големо значење, се разбира во имплементацијата на оваа политика.

Промените кај специфичните подрачја, во основа водат кон поголема флексибилност при утврдувањето кое населено место ќе добие статус на недоволно развиено место. Веруваме дека на ваков начин со овие измени ќе се обезбеди еден по рационален приод и по ефикасно користење на скапоцените средства.

Значајно место во измените е дадено на руралните центри, кои како центри на развојот преку дневна мобилност на населението, ќе бидат во функција на задржување на населението да живее во постојното живеалиште, при што своите стопански активности, а и културните, здравствените и другите потреби, би ги задоволувало во овој рурален центар.

Во поглед на мерките промените се единствено во насока на по едноставување на постапката и на донесување на можноста за стопанско заживување на одредени места, преку насочување кредитни линии во руралните центри.

Значи, во оваа насока сакам да надополнам дека не може да се каже законот не е ориентиран кон стопанските активности, напротив, најдиректно е ориентиран кон нив, но тој истовремено не може да ги запостави грижата за инфраструктурната опременост на местото, бидејќи тие две работи одат заедно.

Сакам да нагласам дека предложените измени се предлагаат врз основа, како што имате во текстот на образложението, врз основа на стручни анализи во Министерството за развој и врз основа на согледувањата од научниот труд изготвен во нашето Министерство, кој го опфаќа периодот до 2003 годината. Во овој труд е укажано на редица слабости, предложени се низа решенија од кои поголемиот дел се вклучени токму во овој Закон за измени и дополнувања на претходниот закон.

Инаку ја користам приликата да укажам на нашиот став за неопходноста во Република Македонија, да се востанови еден систем на комплексен регионален развој, но неопходно е изготвување на посебна комплексна научна студија и обезбедување на соодветен обем на средства за обезбедување на една ваква политика.

Понатаму не би должела, а веројатно може да се заклучи очигледно од сето ова кажано дека се работи сепак за доградба на постојниот закон и затоа сметаме дека нема потреба тоа да оди во две фази. Како дополнителен аргумент би го навела и тоа дека законот ги помина собраниските комисии, беше поддржан од нив да оди во една фаза, а сите забелешки и сугестии што беа дадени по комисиите во најголем дел беа прифатени од предлагачот. Ви благодарам на вниманието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата министер.

Збор има господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседател, би искоментирал некои дискусии од моите колеги, сигурно се спореше дали овој закон да оди во една или две фази, мое видување дека се доцни со овој закон, затоа што ако се оди во друга фаза, а знаеме дека исклучиво се работи за инфраструктурни објекти, а во тек е сезоната каде се гради, би пролонгирал уште два-три месеци, што значи дека ќе ја испуштиме годината.

Она што посебно би го потенцирал, против она сум што значи регионализација и двостепена локална самоуправа. Двостепена локална самоуправа би значело кантонизација, тоа не држи со постојниот закон, а држи дека Законот за локалната самоуправа треба да добие измени во подобрување во делот на децентрализација, затоа што знаеме со што располагаат општините, со какви средства и колку се во можност да градат инфраструктурни објекти.

Беше спомнато дали постои карта, сигурно со самиот закон при испаѓање уште во 1993 година, донесена е одлука за определување на ридско - планински и погранични подрачја, во кои обврзниците на земјоделската дејност се ослободени од неплаќање на данок, сигурно е направена категоризација, постои карта, за она што се спореше дали треба густината да биде фактор кој ќе одлучува за делот на инвестирање во компактно или ридско - планинските неразвиени подрачја, не држи, затоа што имаме случај токму таму каде се најгусто

населени во западниот дел најповеќе овие години е финансирано. Што да правиме со оние места каде се слабо населени.

Сето ова би било демагогија од сите пратеници, требаше да дадат многу поголема поддршка кога се носеше Буџетот на Република Македонија, затоа што овој закон без разлика со сите негативности и позитивности ќе биде во функција само ако има средства. Инаку, ова другото е само правење евтин маркетинг, а знаеме како помина Буџетот - рестриктивен, средствата се ограничени, така што средствата што се пренесуваат уште од 1998 година кои треба да се наплатат во 1999 година.

Поголема ангажираност требаше да дадат сите пратеници за зголемување на контото на сметката на Агенцијата за недоволно развиените краишта. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и јас.

Збор има господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас најпрвин изразувам едно длабоко жалење што и од оние што дискутираа од пратениците бегло поминаа преку овој сегмент, што денеска е предмет на дневен ред на Собранието на Република Македонија.

Мислам дека голем дел од дискусиите се одраз на првиот впечаток од допирот со оваа материја што го пружа. Околу ова се искажав и на Комисијата, свој придонес има и предлагачот, затоа што се повикува и во писмениот предлог што го имаме пред нас на законот и овде слушнавме од уводното излагање на заменичката министер, дека овој закон коинцидира со некој документ всушност стручна анализа направена од Економскиот факултет, кој им е познат само на предлагачот, но за жал не и на пратениците. Еве слушнавме голем дел од дискутантите дека немаат на увид таков документ. Веројатно ако се имаше предвид тој документ пред пратениците ќе имаше поопстојни дискусии во овој правец.

Исто така по мене намерно или не, изостанува целосна информација кога се предлага предлог на ваков закон, да постоеше информација пред пратениците за се што е направено до сега позитивно, негативно, негативните искуства од кои ќе се извлечеше целесообразен правец за натамошните решенија во Предлог -законот. Тие два документи ние пратениците ги немаме денеска и тоа е еден клучен аргумент дека законот треба да оди во две фази, да се добијат тие два документи, да се стават на увид на пратениците од каде релевантно ќе можат да се влечат решенијата, во однос на изменувањето и дополнувањето на законот.

Тоа не е само формална потреба, јас верувам дека голем број од пратениците во Собранието на Република Македонија, знаат или би требало да знаат дека рамномерниот регионален развој и побрзиот развој на неразвиените подрачја во државата, не зборувам само за Република Македонија, како економски инструмент, значи еден од клучните лостови за вкупниот економски и севкупен развој на било која држава. Оттаму не би требало бегло да се преоѓа преку оваа проблематика на ваков начин на каков е даден досегашниот приод.

Морам да кажам дека моето мислење веднаш во Предлогот на законот, каде се гледа во членот 2, каде за жал и во расправата не е изменето дека, досегашната основна политичка и економска клетка за развој на инфраструктурните потреби на граѓаните во Република Македонија, тоа е единицата на локалната самоуправа на општината се укинува, а тоа предлагачот јасно и гласно го дефинира и во образложението каде вели со новите предлози изоставена е општината како субјект кон кој ќе бидат насочени мерките на оваа политика.

Оттука по мене ќе произлезат бројни проблеми на терен во врска со тоа прашање, наспроти различните мислења што искажаа некои пратеници. Се работи за проекти кои бараат соодветно внимание, како од финансиски аспект, така од кадровски, така и од стручен аспект. Сите тие сегменти субјектот кој треба да ја замени општината тоа е населеното место, а најчесто се работи за населени места кои имаат потреба од интервенција од вакви проекти, ги немаат.

Веднаш на стартот ќе дојде прашањето дека, не може да биде нивното внимание за решавање на потребите на тие населени места, соодветно третирано согласно прописите кои ги бараат другите закони. Тука мислам на Законот за инвестициона изградба во Република Македонија, кој има воспоставено одредени законски и технички стандарди, а кои ќе можат да ги исполнуваат при таквите инвестициони активности евентуално субјекти кои ќе можат да ги разрешуваат тие проблеми.

Тоа е суштинскиот проблем кој ќе настане во практична реализација на инвестиционите проекти во Република Македонија, во делот од реализацијата на инфраструктурните објекти во развиените подрачја.

На тој начин се одземаат ингеренциите на општината, како основна единица на локалната самоуправа, ние знаеме дека со новата поставеност на тие единици на локалната самоуправа, скоро 95% од нивните активности и надлежности се однесуваат на решавање на основните инфраструктурни, комунални и други животни потреби на граѓаните, на подрачјето за кое се формираат општините.

Со ваквиот случај со решението кое го предлага предлагачот со законот, тоа ќе бидат населените места кои веројатно тешко ќе можат да комуницираат со основната локална единица, тоа е општината, затоа што надлежностите сега се пренесуваат директно така да речам на месните заедници. Мислам дека тука ќе постојат правни проблеми од правниот статус на основната локална единица на општината и мислам дека во тој дел од законот ќе има уставни проблеми.

Има голем дел од решенијата кои се предлагаат во законот, веднаш може да се види дека се решенија и стресени на волунтаристички начин. Се предлага досегашното решение за користење на средствата за побрз развој на неразвиените подрачја кои имаа намена и за користење на инвестициони проекти, тоа решение со новиот закон се укинува. Што зборува? Зборува дека се внесува решение за неможност за практична реализација на декларираната уставна и економска политика, за по забрзан развој на неразвиените подрачја и по рамномерен регионален развој во Република Македонија.

Затоа што без инвестициона програма субјектите кои ќе претендираат на решавање на одредени проблеми, не ќе можат воопшто да стартуваат согласно другата позитивна законска регулатива на Република Македонија и да претендираат евентуално кај носителите на финансиските извори за реализација на тие проекти. Мислам дека едно такво решение небулозно и брзо тоа ќе го покаже практиката.

Од тие причини, се придружувам кон оние предлагачи што предлагаат сепак овој Предлог на закон денеска да го расправа Собранието, во форма на Предлог за донесување на закон, а на наредната седница да се преиспита предлагачот и сите тие небулозни решенија кои се во ваквиот Предлог на закон да се оценат уште еднаш од нивната нормативна, економска и практична примена, од денот кога ќе стапат на сила тие законски решенија.

Мислам дека на ваков начин ќе се создаде еден голем волунтаризам во реализација на политиката за побрз развој на економско неразвиените подрачја во Република Македонија и дека тоа брзо ќе го согледа предлагачот, па ќе имаме можност во еден нареден период тие прашања повторно ги разгледуваме и веројатно ќе се вратат некои механизми и решенија кои до сега се на сила. Во тој случај ќе имаме само празен од од една година, ќе го изгубиме времето за решенијата кои треба во овој момент да се донесат.

Уште една забелешка, со оглед на важното значење на оваа проблематика, а видно е излагањето и писмениот предлог што го имаме предлагачот, како да признава, а и од самото уводно излагање дека одредени институции во Република Македонија за потребата од донесување на овој закон не се подготвени да ја сообразат својата активност, за да пружат соодветни податоци како Заводот за статистика, веројатно и одредени сегменти во Министерството за развој, за да можат да се применуваат објективни економски критериуми во реализацијата на оваа политика.

Значи, се наоѓа еден друг волунтаристички приод, се укинуваат економските критериуми, од причини што тие сегменти не можат да ја следат декларираната политика врз економски принципи. Ако тоа беше гласно и јасно кажано од говорницата, а секојдневно правиме декларации дека Македонија треба сегментарно во сите сфери да прави напори за побрза интеграција кон Западноевропската унија и другите безбедносни структури и економска интеграција на пазарните и високо развиените земји, тогаш овде имаме еклатантен пример на директно признавање, дека проблемите кои постојат за решавање во Република Македонија на најлесен начин тоа го правиме со измена на законите, наместо во нивно сообразување со решенијата од пазарната економија како примери, внесување на решенија со волунтаристички нормативни решенија во новите закони, кои не оддалечуваат се подалеку од тие интеграции во суштина и содржина.

Мислам дека еден таков приод и небулоза не треба да биде дозволена во овој Парламент и таквите правци треба на време да бидат спречени и оневозможени.

**ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:** (Заменик министер за развој)

Јас би сакала да дадам кратки објаснувања, за да нема некои забуни, па би тргнала од последното излагање.

Навистина не е пријатно кога некои тези, или реченици се вадат од контекст, со што се добива сосема друго значење на излагањето. Мислам дека беше сосема јасно дека приодот на Владата е крајно сериозен и одговорен, далеку од волонтаризам, со самото тоа што нагласив дека е тргнато од научна студија изготвена од стручни лица и дека таа е основа за овој закон.

Исто така, во прилог на тоа би сакала да додадам уште нешто , дека за правилно носење одлуки во Парламентот и за правилно определување на пратениците е многу важно точното читање на текстот. Јас би сакала само да дополнам, затоа што ако некому не му е јасно дека во предложениот законски текст не се работи за изоставување на општината, туку напротив и во самото образложение во пасосот што следи по оној пасос што го цитираше г-динот Стојановски, стои точно дека воспоставувањето на населените места како основен субјект на регионалната политика, не значи дека општината како единица на локалната самоуправа е заобиколена, туку таа преку населените места кои припаѓаат на нејзината територија, всушност претставува единица на регионалната политика. А за овие населени места, општината ќе мора да иницира инвестициони и други проекти, било по претходно укажување на мештаните, или по сопствена иницијатива. Значи би сакала да се води сметка за интегралниот текст, за интегралното значење на текстот, за да не се изгуби и значењето на она што е предложено.

И на крајот само уште една забелешка, одговор на прашањето што беше наметнато дека на пратениците им е потребен документ на увид од кој ќе се види анализа на досегашното работење.

Би сакала само да потсетам дека секоја година во Парламентот се усвојува извештај за реализација на програмата на Агенцијата за недоволно развиени подрачја, што значи давани се на увид резултатите од работењето, што значи понатаму дека секој пратеник можел да ги добие соодветните информации, а за тоа се сведоци особено пратениците што имаат искуство и од претходните мандати.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би сакал да ме увери заменикот министер, односно претставникот на предлагачот, затоа што јас го читам членот како што пишува. Членот 2 досега гласеше дека стопанско - недоволно развиени подрачја, во согласност со овој Закон се прво, подрачјето на стопански недоволни развиените општини. И второ, специфичните подрачја. Вашиот нов предлог сега значи, член 2, во член 2 став 1 точка 1, која ја прочитав се менува и гласи: "рурални центри и специфични подрачја".

Значи ги укинувате неразвиените општини како основни субјекти и тоа го кажувате во образложениeто. Ако имате намера од она што го кажавте претходно да воспоставите нивна правна сила и во овој сегмент, тоа треба на јасен и недвосмислен начин да го кажете во законот. Ако имате таков амандман од некоја комисија, тогаш требаше тоа образложение да го кажете. Досега во расправата, во предлогот и во вашето излагање и во ова посебно тоа не е кажано. Значи стои и понатаму овој факт дека вие ги укинувате стопански неразвиените општини, како основни субјекти во носителите на реализацијата на политиката уставно дефинирана за побрз развој на неразвиените подрачја и за порамномерен развој во РМ. И место нив внесувате нов субјект, тоа се рурални центри кои немаат својство на правно лице, што е многу битно во дадената ситуација.

И втората работа во однос на извештаите за работа на Агенцијата, како владина агенција, за годишните извештаи јас ве молам, каде е денес сме веќе јули месец, каде е Извештајот седми месец 1998 година, каде е извештајот да дојде пред пратениците за 1999 година.

Мислам дека сега беше приликата, иако малку позадоцнето во редовната процедура, но кога го предлагате овој закон, еве уставната определба на пратениците да одлучуваат по своја совест и по своето знаење да ги презентирате тие податоци овде. А со тоа што на некои пратеници кои се повторувачи условно да кажам во овој Парламент, тоа им е јасно. Јас не го апелирам тоа за мене, туку апелирам за повеќето кои не се повторувачи.

Мене ми се јасни резултатите од работењето на Агенцијата во минатиот период, но тоа требаше на недвосмислен начин овде да го кажете, да го презентирате пред сите 120 пратеници и пред македонската јавност, да можат луѓето да го прочитаат тоа и по совест и определба и да разговараат по тоа прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

Отворам претрес по Предлогот за

донесување на закон.

Кој бара збор? (Никој).

На Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиени подрачја.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

Вкупно гласале 61 пратеник.

55 пратеници гласаа за, 4 пратеници се против и двајца пратеници се воздржани.

Констатирам дека Заклучокот од Собранието е усвоен.

Дали Собранието го усвојува и заклучокот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Вкупно гласале 70 пратеници. 57 пратеници гласаа за, 12 пратеници гласаа против, 1 пратеник е воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог на законот.

Отворам општ претрес по Предлог на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог - законот.

До Собранието се поднесени амандмани од пратеникот Латиф Пајкоски, амандман за бришење на член 8, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 5, за додавање нова алинеја.

Член 7 став 1 и член 8 за менување и на член 12 за додавање на нов став.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани.

Да не ги читам, сите ги имате пред вас.

Пратеникот Абдула Алиу поднесе амандман на член 7, за кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шакири, Назми Кадриу и Фадил Бајрами, поднесоа исто така амандман на член 7 став 2. Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5, тоа е првиот амандман поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот да се произнесе.

Повереникот го прифатил предлогот.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, вториот амандман.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По амандманот 3 се согласил повереникот на Владата.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандман на член 7 став 2, поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

За него не се произнел претставникот на Владата.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што со овој Закон се третираат недоволно развиените места, а не оние што во иднина би можеле да станат такви.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам расправа по овој амандман.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

23 пратеници гласаа за. 42 пратеници се против. 4 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандман на член 7 став 2, поднесен од пратениците Хисни Шакири, Назми Кадриу и Фадил Бајрами.

Претставникот на Владата по овој амандман не се произнел.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа од исти причини.

Практично е идентичен со претходниот амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 78 пратеници, 20 пратеници гласаа за, 54 пратеници гласаа против и 4 пратеници се воздржани.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8, поднесен од пратеникот Латиф Пајкоски.

Претставникот на Владата не се произнел по овој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што во ЗПК текстот на овој член беше до прецизиран и вака како што е сега даден, сметаме дека соодветствува на потребите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот.

Има збор пратеникот Латиф Пајкоски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Г-дине потпретседател, претставници ка Владата, почитувани колеги, цело време во расправата која што претходеше по однос на донесување на Предлог законот, сите што учествуваа во таа расправа се согласија дека, сепак во РМ постојат одредени подрачја кои што треба да добијат посебен третман во однос на нивниот економски развој и од тие причини потребно е да се донесе овој Предлог на закон, со кој што во голема мерка ќе се подобри законската регулатива за побрз развој на овие подрачја. Тоа значи цело време ние разговараме за закон кој што регулира побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја во РМ.

Со членот 8-а кој што од еден од претходните дискутанти беше и спомнат, јас би сакал да го цитирам: по исклучок од членот 9 од Законот, Агенцијата за стопански недоволно развиени подрачја поаѓајќи од критериумите во членот 6 на овој Закон, може да учествува во финансирање на изградба на објекти од основна инфраструктура. Па ги набројува: локален пат, локален водовод, електрична мрежа и во населени места кои не се утврдени со посебниот акт од членот 9 од овој Закон. Одлука за учество донесува министерот за развој. Тука се спомнува членот 6, според кој член Владата со посебен акт ги утврдува подрачјата од членот 6 и подрачјата и населените места од членот 8. Во членот 6 се прецизираат условите кои што треба да ги исполнуваат одредени населени места за да припаднат на подрачја од стопански недоволно развиен карактер.

Сите ние сме сведоци со колкави средства располага Агенцијата за недоволно развиени подрачја и сметам дека со овој член всушност се губи суштината на целиот закон. И навистина мене не ми е доволно јасно, што сака тука да се постигне? Ако се сака да се постигне овие скромни средства со кои што располага Агенцијата да бидат наменети со одлука на министерот за развој и во други подрачја кои што не се спомнуваат без однапред утврдени критериуми, тогаш морам да ви кажам ние кои што доаѓаме од неразвиените подрачја во РМ, особено од нејзиниот западен дел сме загрижени, затоа што постои опасност во секој случај и покрај нашата целосна доверба во Владата и во тоа министерство, меѓутоа со овој член веќе се дава можност за пренасочување од тие средства за други намени во населени места кои што ги немаат овие карактеристики. Се разбира, има и други населени места кои што немаат изградено инфраструктура, патишта, водоводи, ПТТ инсталации и т.н.

Меѓутоа сметам дека за да се изградат тие инфраструктурни објекти во тие населени места, кои што не припаѓаат во стопански недоволно развиени, треба да се користат други средства. Би било штета ако од овие средства кои се скромни ако се црпат и ако бидат наменети за изградба на инфраструктурни објекти во други населени места, па дури може да кажеме дека по оценка на министерот за развој може одредени средства да се користат за асфалтирање на некоја улица во градска населба, која што воопшто не припаѓа под третманот на неразвиени подрачја.

Инаку морам да кажам дека јас доаѓам од ридско - планински неразвиени погранични подрачја, така што барем од она што досега беше направено од оваа Агенција ние очекуваме Агенцијата како единствен и најголем извор на средства и понатаму да се инвестира во овие неразвиени подрачја, така што од вкупниот број од 770 населени места во РМ, според одлуката на Владата од 1992 година во поранешна гостиварска општина припаѓаат 52, или 8%, што значи дека сепак мислам дека треба овие средства да се ограничат и да бидат ангажирани исклучиво во стопански недоволно развиени подрачја.

Од тие причини, предлагам овој член да се брише и уште еднаш предлагам на претставникот на предлагачот сепак да го прифати ова образложение, затоа што сметам дека ако се брише овој член во секој случај ќе бидат елиминирани сите можности за шпекулации дека сепак се сака на некој начин сконцентрирано распоредување на овие средства, па дури и во населени места кои што не припаѓаат под овој третман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор заменикот министер, г-ѓа Лилјана Поповска.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Со овој член се дава право само за финансирање на вода, пат и струја, значи по исклучок, а не и за другите елементи на инфраструктурата, а овие елементи, ќе се согласиме, се основни елементи од инфраструктурата и ако не постојат се сериозна кочница за натамошниот развој. Значи, текстот е до прецизиран и Владата во никој случај нема намера да работи без критериуми, така што и во самиот член, во пречистената верзија стои: "По исклучок од член 9 во законот, Агенцијата поаѓајќи од критериумите во членот 6 на овој закон", значи поаѓајќи од критериумите "може да учествува во финансирањето на изградбата на локален пат, локален водовод и електрична мрежа и во населени места кои не се утврдени со посебен акт", што значи сепак се придржува за одредени критериуми кои се наведени во друг член од законот, така што не постои опасност од евентуална злоупотреба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. (По гласањето).

Вкупно гласале 72 пратеници, од кои 27 пратеници гласале за, 4 воздржани и 41 пратеник гласал против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Со овој амандман се согласил повереникот и останува да се произнесе претставникот на Владата.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Се прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот за менување на член 12 и додавање нов став, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Се прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и законот го ставам на гласање.

Молам, по добиениот знак, во рок од 10 секунди да се произнесеме. (По гласањето).

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 62 за, 3 пратеници се воздржани и 10 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

(Во меѓувреме на претседавачкото место седна претседателот на Собранието Саво Климовски и продолжи да раководи со седницата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, бидејќи ги добивме материјалите, ќе одиме на точка прва.

Преминуваме на Првата точка - Предлог на закон за изменување на Законот за трговските друштва.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес на текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

За гласале 68 пратеници, 1 пратеник воздржан и 1 пратеник е против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за трговските друштва.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Како можеме во една фаза да го донесеме.

Законот гласи: Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон, а ние гласавме како да е предлог на закон.

Не го утврдивме Предлогот за донесување на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред тогаш би можеле да гласаме и да го утврдиме Предлогот за донесување на закон.

Отворам расправа по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор?

Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, г-дин министер, ние како Пратеничка група ќе го поддржиме законот, заради временските теснеци во кои се влегува со пре регистрацијата на трговските друштва.

Меѓутоа, се отвара едно принципиелно прашање, за кое мислиме дека Владата треба да има свој став, а тоа е што ако оваа ситуација се пролонгира и до датумот кој сега се продолжува со овој закон.

Дали тоа значи дека ние на секои 6 месеци ќе донесуваме итни закони или ќе преземаме некои мерки нашите претпријатија да се пререгистрираат во трговски друштва, согласно Законот кој е донесен, затоа што можеме да станеме заробеници на фактот дека, никој не се пре регистрирува. Дали Владата има некаква замисла што треба да се направи, за да не ги пролонгираме овие датуми, како што е обичајот на секои 6 месеци.

Инаку, ние ќе го поддржиме законот и не правиме проблем, меѓутоа, мислиме дека треба да имаме јасно сознание што правиме со пре регистрацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Инаку, со самиот факт што ја прифативме итноста, ние практично го прифативме и Предлогот за донесување на закон.

Но добро, во секој случај и ова е фаза и не е лошо да се произнесеме по неа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон.

Г-динот министер за финансии сака да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Кога го предлагавме овој закон, Владата навистина имаше размислување што треба да направи. Владата навистина размислуваше што треба да прави со тој закон, кога ги предложи измените и дополнувањата за онаа измена што сега се дава. Го елабориравме и овој проблем, затоа што тој закон го предложивме еднаш на 31.12.1998 година, сега на 30.06.1999 година пак го продолжуваме и Владата размисли дека една од причините, има две причини за не спроведување на овој закон во праксата, е ефикасноста на судството, затоа што Владата констатира дека судството многу бавно реагира во пре регистрацијата на претпријатијата, така што се случува едно претпријатие да треба да чека месец дена за да се пререгистрира. Ако земете предвид дека имаме над 90 илјади претпријатија, со такво судство, со таква ефикасност на судството се доведува во прашање она што Вие го поставивте. Според тоа, тоа е едната причина и ние ќе преземеме мерки како судството да си ја изврши таа задача во наредниот период.

Второто прашање кое е уште поважно е прашањето, зошто не се регистрираат претпријатијата, дури и ако судството е ефикасно. Тогаш многу претпријатија сами не се регистрираат, многу претпријатија сакаат сами да се ликвидираат. А зошто сакаат да се ликвидираат претпријатијата. Затоа што имаат обврски кои не сакаат да ги платат, па сакаат да оштетат трети лица, односно претпријатија кои стапиле во однос со тие претпријатија.

Значи во тој случај би се направил еден легален грабеж на одреден имот, на одредени субјекти во практиката. Тука ќе мора да се најде решение да ги натераме тие да се регистрираат, со соодветни казни ако не се регистрираат, односно штетите кои ги направија тие претпријатија, на чиј товар треба да паднат. Тогаш сигурно треба да паднат на товар на личниот имот на оние сопственици кои ги направиле тие претпријатија.

Јас мислам дека со тие две мерки кои ќе ги превземеме со измената на законот, ефикасноста ќе се зголеми, ќе се спроведе тој закон до 31.12.1999 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии Борис Стојменов.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека за Предлогот се произнесоа 68 пратеници, 1 пратеник е воздржан и против нема никој.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за трговските друштва.

Преминуваме на Втората точка - Предлог на закон за дополнување на законот за сметководството.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Збор побара министерот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа, можеби изгледа дека тоа е една формална измена на Законот за сметководство, меѓутоа јас така не би ја сфатил затоа што во современите друштво, во пазарните стопанства, финансискиот извештај или како ние народно велиме годишната пресметка или полугодишна пресметка се основа за управување со претпријатија, односно со капиталот на претпријатијата. Во тие современи стопанства секој верува на годишниот извештај, односно на финансискиот извештај на претпријатијата. Кај нас, ќе се согласите со мене, дека ние малку веруваме на финансиските извештаи и многу малку ги користиме за управување со претпријатијата, а со тоа и управување во стопанството во земјата.

Од тие причини, обично кај нас, заради терк од западните економии не се поднесува полугодишна пресметка или да се поднесува алтернативно, затоа што во крајна линија ние мислиме дека тоа не е важно. Така постапувајќи по законот, кон таа полугодишна пресметка се однесуваат на ист начин и во самите претпријатија, така што тие и не ја разгледуваат полугодишната пресметка.

Заради тој однос кон годишните извештаи, ние имавме зголемен број на криминал кај нас, а еден од нив е криминалот во "ТАТ". Ако ние имавме перфектни извештаи, ако тие финансиски извештаи беа ревидирани, ако тие финансиски извештаи беа вистинити и точни, во тој случај сигурно немаше да се случи аферата "ТАТ" и ред други афери или пропаѓање на фирми во земјата.

Затоа, и економската теорија и пракса посветуваат посебно внимание на финансискиот извештај. И нашата теорија и пракса му посветува, меѓутоа праксата е таква што немаме многу резултати. Ние донесовме сметководствени стандарди, со кое сакаме финансиските извештаи да бидат вистинити и чесни, односно да ја одразуваат вистината во поглед на управувањето со средствата, изворите на средствата и капиталот и управувањето со приходите и расходите на самите компании.

Меѓутоа, со оглед на тоа што тие сметководствени стандарди ќе се применуваат дури по годишната сметка за 1999 година, а не со оваа полугодишна пресметка, а бидејќи ние сакаме да управуваме со нашето стопанство по меѓународните сметководствени стандарди, бидејќи сакаме да компарираме односно да се усогласиме со меѓународните финансиски институции, а бидејќи сакаме да правиме и вистинити и чесни финансиски извештаи, еднаш така да се прават во нашата земја, ние вршиме предлог на измени и дополнувања на Законот, полугодишна пресметка да биде сега прв пат направена по меѓународните сметководствени стандарди и покрај приходите и расходите кои ќе се искажат во таа полугодишна пресметка, да се искаже и состојбата на средствата, изворите и капиталот во стопанството. На тој начин ќе добиеме прв пат после таа косовска криза и покрај сиве овие состојби кои ги имавме досега, ќе добиеме барем некоја по вистинита слика за состојбата на нашето стопанство.

Од тие причини ја предлагаме оваа измена, полугодишната пресметка да биде задолжителна за оваа година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за дополнителните објаснувања на министерот за финансии, г-динот Борис Стојменов.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот, значи нема потреба да се гласа и тој е составен дел на законот.

Продолжуваме со претресот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 60 пратеници, 4 пратеници се

воздржани и 1 е против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за сметководството.

Преминуваме на третата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Повторно се јавува за збор министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, излегов на говорница за овој закон, затоа што во паузата многу пратеници ми поставија прашање какви се измените и што се сака со тие измени на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Овие измени ги направивме од ве причини.

Првата причина е постепено да го усогласуваме нашиот даночен систем со европскиот даночен систем, систем кој е отфрлен со четврта директива, меѓутоа не како данок на додадена вредност, меѓутоа некои корекции кои треба да се прават на постојниот даночен систем. Тоа е едната причина, со која се кажува дека обично во современите даночни системи многу малку има ослободување од даноци или многу малку производи се ставаат да се оданочуваат под повластени даночни стапки. Најчесто се употребува една или две стапки, па таа повластена стапка обично опфаќа многу мал број производи и обично тие производи се производи од кои зависи животниот стандард на населението.

Во нашиот постоен закон има одредени ослободувања, кој ги става во нерамноправна положба голем број претпријатија. Имено, ние не вршиме измени на некои ослободувања, затоа што мислиме дека тие се сведени на минимум од претходниот закон, меѓутоа вршиме ослободувања, оданочувања на одредени ослободувања кои ги немаше во Законот, не беа јасно прикажани. Што се случуваше кај нас? Разликата во цени во прометот на мало не беше фактички оданочена. А бидејќи овде се остварува голем износ на приходи, тие претпријатија кои остваруваа високи разлики во цени, на тие разлики во цени не плаќаа данок на промет, односно данок на услуги.

Со оглед на тоа, за да ги доведеме сите претпријатија во иста положба, а со тоа полека да го прилагодиме и нашиот даночен систем со ВАТ системот, предлагаме разликата во цени во прометот на големо да се оданочи. Да не биде тука нејасно, некои поставуваат прашање дали со Законот имаме двојно оданочување, значи да се плаќа и данок на промет на производи и данок на услуги, тоа со Законот е забрането.

Во Законот има една одредба во која е кажано, ако се плаќа еден данок, не се плаќа друг данок или ако се плаќа акциза, не се плаќа данок на промет на производи. Значи, тоа е решено во законот. Данок на промет на услуги, по оваа измена на Законот, фактички ќе се плаќа на остварената разлика на цени, на производите кои се ослободени од данок на промет на производи и услуги, на производите кои се наменети за репродукција, затоа што сите производи кои се наменети за репродукција оствруваат разлика во цени, меѓутоа таа разлика во цени досега не е оданочена. Еднаш ја оданочувавме, после не ја оданочувавме, меѓутоа, во праксата се јавуваат појави и прикривање на данок и евазија на данокот на промет на услуги.

Затоа, од тој аспект ние предлагаме измени во тој дел од Законот и второ, кај повластената стапка ќе се плаќа данок на промет од 5%. Има голем број на производи кои се ослободени. Тука се прехранбените производи, меѓутоа тука се и парфимериските производи и производи кои се употребуваат за хигиената. Во тој поглед, ние се повикавме и на препорака од европските експерти кои ги имаме кај нас. Сакавме ослободувањето на производи на кои се плаќа по повластена стапка, а тоа се обично производите кои се употребуваат за хигиена и т.н., да се сведат на оние производи кои се неопходно потребни на секој човек за одржување на својата хигиена, производи кои се стварно неопходни и тие да бидат опфатени со ставка од 5%.

Меѓутоа, сите други производи што се за хигиена, но помалку се луксуз, што не мора секој да ги употребува, за нив да се плаќа општа стапка од 25%. Тоа е втората измена. Значи редуцирани се производите на кои се плаќаше данок на промет со повластена стапка 5% и дел од тие производи како луксузни производи се внесени во тарифен број 1 за плаќање на данок на промет по стапка од 25%.

Тоа е фактички измената на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Стојменов за дополнителните изјаснувања.

Дали некој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Никола

Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, претседателе, почитувани министри, денеска од Владата добиваме Закон за измена и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, кој ако го сведеме на поразбирливи категории, значи дека од денеска воведуваме даноци што не постоеле. Или, на даночни стапки од 5% на производи, воведуваме даночни стапки од 25% во прометот на мало.

Морам да го изразам ставот на пратеничката група на СДСМ, прво, да го изразам нашето чудење од таквиот потег, а едновремено и нашето незадоволство од потегот на Владата, која се одлучи да примени политика на зголемување на даноците во Република Македонија и особено наспроти определбите дека даноците не само што ќе се задржат туку и ќе се намалат глобално во Република Македонија.

Сега сме сведоци на една сосема обратна насока на политиката. Владата, во својата политика, еве дури и без образложение како се остварува буџетската приходна страна, иако на минатата седница чувме дека министерот за финансии, изјави како во првите пет или шест месеци од оваа година Буџетот се полни подобро, отколку компаративно во изминатите години за 5%, сега сме сведоци на зголемување на даночните оптоварувања. Тоа е политика што за жал, ние нема да можеме да ја поддржиме.

Напротив. Апелираме дека е тоа политика што не треба така лесно, преку ноќ да се воведува во државата и политика што не трпи вакви нагли промени. Напротив, напротив, треба да трпи понатамошно намалување на вкупното даночно зафаќање во Македонија.

Покрај тоа што со овој закон се предлага да се оданочува прометот на производи на големо и особено оданочување на остварената разлика помеѓу набавна и продажна цена на услуги и на прометот на производи на големо, во членот 3 од Законот се предвидува дека од сега натаму стапката од 5% во прометот на мало за одредени производи ќе се зголеми на 25%. Дозволете само да прочитам на кои тоа производи со стапка од 5% што до сега се оданочувале, Владата предлага ставката да се зголеми на 25%, што цениме дека не е маргинално зголемување. Постојниот предлог на Владата гласи дека следниве козметички, ние би рекле повеќе хигиенски производи би се зголемиле на 25% оданочување од постојните 5%.

"Сапун за бричење, лосион за после бричење (наспроти тоа дека министерот рече како тоа спаѓа во луксуз, сметаме дека лосионот за бричење е нешто од секојдневната употреба) тоалетна хартија, креми за раце, медицински сапун, пудра и креми за деца, беби - масла, беби - млека, шампони за коса и бањање, пенливи бањи, презервативи, средства за заштита од бременост и хигиенски влошки".

Ова се производите за кои што не се согласуваме да се зголеми даночната стапка на 25% и поднесовме еден амандман од Комисијата за финансии, што се надевавме дека ќе биде прифатен.

Меѓутоа, од образложението на министерот за финансии што го слушнавме сега, видовме дека нема интерес или евентуално ако добиеме накнадно корекција тоа да се примени. Сметаме дека ваквото оданочување не е во ред.

Дозволете врз основа на комисиската расправа да го потенцирам и следново: Се очекува резултатот на овие нови даноци или така наречениот ефект за буџетот да биде по основ на оданочување на промет на големо 250 милиони денари во преостанативе 6 месеци од годинава и околу 13 до 15 милиони денари од оданочувањето на хигиенските и козметичките препарати во Република Македонија. Тоа е некаде ефект од 270 милиони денари во преостанатите шест месеци и со оглед дека имаме пакет на закони што кореспондираат, а за кои понатаму ќе кажеме, ако додадеме и факт дека идниот закон за кој што ќе расправаме е Законот за акцизи, каде се зголемуваат даночните оптоварувања на увозните и домашните цигари за 8% и 14% и дека се зголемуваат акцизите на алкохолните пијалоци по единица алкохол од два на три денари, односно околу 50% или во малопродажбата 10% - 12%, тие две оптоварувања вкупно со ефекти на приходната страна на буџетот од околу 96 и 42 милиони денари соодветно, без најавеното зголемување или практично веќе зголемената цена на моторниот бензин и дизел гориво што е вратена на нивото од 38, без тоа ефектот е приближно 410 милиони денари ефект за буџетот во останатите 6 месеци, според грубите пресметки на министерството.

Ако 410 милиони денари поделиме на 2.000 жители, тоа значи дека даночното оптоварување од овие два закони по глава на жител во Македонија до крајот на годината е 205 денари. Ако имаме предвид дека просечното македонско семејство, статистички е петочлено, тоа значи дека во просек, со овие два закони оданочувањето на македонското просечно семејство до крајот на годината ќе изнесува некаде околу 1000

денари. Тоа не е сума што треба така лесно да ја прифатиме, а имаме предвид дека 1.000 денари ќе биде само на овие шест месеци што преостануваат и веројатно во наредните години овој закон доколку Владата не го корегира, ќе создава ефекти на секој шест месеци по толку. Се разбира, за некои тие илјада денари ќе бидат просечно повеќе за некои помалку, но во просек по семејство во Македонија ќе бидат илјада денари.

Изразуваме целосна не подготвеност да го прифатиме ваквото, преку ноќ најавено од страна на Владата, зголемување на даноците и акцизите, а во овој случај само за данокот на промет, зборуваме особено што се работи за воведување на даноци што согласно досегашниот закон беа укинати пред една - две години. Сега повторно се враќаат.

Исто така, изразуваме незадоволство од најавената политика на ВАТ системот, наводно според кој сакаме да се равниме, дека ќе значи урамнотежена стапка. Исто така, сметаме дека воведувањето на ВАТ систем барем во првите години треба да имаа двостепеност, со две стапки на додадена вредност, како што и предлагавме на нивото од 5 и 20 или 5 и 19 или 5 и 17. Тоа се пресметки за кои треба и понатаму да се разговара. Ваквото најавување значи дека тој систем ќе ги изедначи даночните стапки повторно на товар на граѓаните.

Дозволете само да прочитам една реченица од образложението на законот, во главата III пишува - Потребни средства за спроведување на овој закон и Владата ставила реченица "за спроведување на овој закон не се потребни средства од Републичкиот буџет".

Јас би додал тоа е точно, меѓутоа потребни се средства од граѓаните на Република Македонија за зголемените даноци во висина од околу 1.000 денари по семејство. Значи, кога велиме за потребни средства за Буџетот, ние овде не го претставуваме само буџетот, треба да водиме сметка за зголемувањето на даноците, не дали прави финансиски трошок на буџетот, туку прави сериозен финансиски трошок на семејствата и граѓаните на Република Македонија, односно поточно кажано на даночните обврзници. Поточно, бидејќи се работи за данок на промет на големо и мало, практично не постои граѓанин кој во прометот на мало и во акцизниот дел и во данокот на промет на козметички производи и преку механизмот во данокот на големо, нема да биде под удар на овие закони.

Од тие причини, ние нема да можеме да го поддржиме законот, а со оглед дека имаме поднесено амандман, неколку пратеници, без разлика на политичката ориентација, апелираме да се ублажи барем тој ефект, барем со прифаќањето на амандманот.

Но, и покрај тоа сметаме дека генералната определба за зголемување на даноците, прилично лесно и со голем опфат на три акцизни стоки и на неколку даноци на промет, не е потег што би требало да доживее поддршка. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Попоски Никола.

Министерот Стојменов сака да даде појаснување, во врска со неговото излагање. Повелете.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Добро е што веќе почнавме да правиме финансиски извештаи и да утврдиме кои граѓани колку ќе платат даноци, по овие измени на Законот за данокот на промет.

Меѓутоа, во тие евиденции ќе Ви кажам една анегдота за тоа што е просек.

Кога правеле попис на едно стадо, отишол некој да ги брои и прашал како да ги брои. Не, еден - два - три, туку ќе ги свртиме со нозете горе, ќе ги броиме нозете па ќе ги поделиме со четири и ќе го добиеме бројот на овците. Тоа е постапката и тоа е просекот во Македонија.

Според тоа, данок на промет на разлика во цени не го плаќаат граѓаните, сите граѓани во Македонија, ниту сите даноци ги плаќаат сите граѓани. Данокот на промет на услуги го плаќа оној кој врши промет на големо. Тој не е сиромав. Тој стварно остварува средства и остварува разлика на цени и ќе плати данок на промет.

Второто прашање, дали ние отстапуваме од нашата политика да ги намалиме даночните стапки, јас морам да кажам една работа, не само што сега не отстапуваме, никогаш како партија нема да отстапиме и како коалициона влада од таа наша темелна определба. Меѓутоа, ние се определивме дека ќе ги намалиме даноците на платите и придонесите на плати. Во Македонија да воведеме претпријатијата да бидат евтини и да можат и работниците да земаат повеќе плата, а нашите претпријатија да бидат привлечни за странски инвестиции.

Данокот на потрошувачката не е инструмент за некоја посебна економска политика. Данокот на потрошувачката е фискален инструмент што секоја земја го употребува, едно пазарно стопанство. Тука, во ниту една наша одредба, ниту во програмата, ниту во нашите изборни ветувања, ниту во експозето на премиерот на

Владата, никаде не е кажано дека ние ќе го намалиме данокот на потрошувачката. А, стоиме да ги намалиме даноците и придонесите што ги плаќаат работниците на своите плати, затоа што тие фактички ги намалуваат нивните нето плати и директно се однесуваат за нивниот животен стандард.

Третата работа, ова зголемување, во него имаме косовска криза што како косовска криза длабоко погоди голем број на семејства во Македонија. Приходите се остваруваат, меѓутоа и проблемите во нашето стопанство се остваруваат, па во тој поглед ќе се јави проблем да се интервенира во нашата земја кај сиромашните семејства и семејствата што немаат егзистенција. Прераспределбата на имотот, на капиталот на доходот се врши во секое пазарно стопанство, како инструмент на економската политика. Значи, во тој поглед нема да собереме многу средства.

Меѓутоа, ќе собереме толку средства за да им помогнеме на оние кои останаа без работа и оние кои имаат големи проблеми од косовската криза. Значи, тоа е се во интерес не на државата да ги земе парите, туку да ги врати на оние кои останаа без работа и се сиромашни и веќе го исполнуваат цензусот да бидат сиромашни и да примаат социјална помош.

Од тој аспект имавме не само даночна политика, имавме и социјална програма. Преку тие измени на даноците и придонесите сакаме да, да оствариме нашата социјална програма. Тој, кој е социјално загрозен да обезбеди, тоа го правевте и вие а ние мораме исто така да продолжиме да го правиме преку Буџетот, да помогнеме на оние кои ќе се доведат во тешка социјална положба. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер.

За збор се јави г. пратеник Илоски Ило.

**ИЛО ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, по оваа точка немав намера да се јавам, бидејќи она што го имав за кажување го кажав на матичната комисија за финансирање.

Но, да останеме искрени до крај спрема јавноста, сакам да кажам нешто во што не се согласува со г. Стојменов, министерот за финансии, бидејќи искажа една невистина дека данокот на промет на големо не го плаќаат граѓаните и обичниот народ, туку го плаќаат трговските фирми, што е факт теоретски дека тие го плаќаат. Меѓутоа, досега во праксата не се случило г. министер тој данок што ќе го платат тие да не се прелее на крајниот потрошувач преку зголемување на малопродажната цена.

Факт е дека во првиот налет данокот го плаќа трговската фирма што остварува разлика помеѓу куповната и продажната цена. Меѓутоа, не се случило до сега, трговец, било кој дали е богат или сиромав, како што спомнавте, да се откаже од дел од својата трговска маржа и така да нема реперкусии врз малопродажната цена. Јас сум убеден дека со ова ќе имаме благ пораст на малопродажните цени, што после тоа како импликација би имало и можеби мали инфлаторни движења.

Околу второто прашање, данокот на потрошувачката, точен е фактот дека во вашите предизборни ветувања не го ветивте тоа дека ќе го смалите. Меѓутоа, треба да сме свесни дека не се работи за луксузни козметички производи, туку напротив се работи за делот на зголемување на данокот на потрошувачка за егзистенционални производи од типот тоалетни сапуни, типот тоалетна хартија, медицински сапуни пасти за заби, детски пудри, пудри и т.н.

Од тие причини, мислам дека во никој случај не треба да дадеме согласност за зголемување и најдобро ќе беше да не се јавувате за збор туку да се прифатеше амандманот од матичната комисија и тој закон да го поминевме, бидејќи на матичната комисија веќе договоривме одредени позиции, освен шампоните за кучиња, да влезат со некоја селективна стапка на оданочување. Другото, да остане на таа намалена стапка од 5%. Ако навистина нудите дека овие производи што ги спомнав пред малку се луксузни производи и без нив ќе влегуваме во XXI век, навистина тоа не можам да го сфатам.

Инаку, околу ова што кажувате дека овие закони ни се потребни, околу 15 – 20 милиони марки до крајот на годината за овој шестмесечен период да ги собереме, да ги сервисираме социјалните случаи на косовската криза треба повторно да знаете дека тие даноци мора да се наплатат од обичниот граѓанин да се направи една редистрибуција и од онака осиромашените граѓани или стечајни работници што навистина ги продуцираше самата косовска криза. Автоматски, штом едно претпријатие го истоштиле до тој степен, не знам колку ќе биде праведно и правично и натаму да се наметнуваа додатни давачки.

Друго е тоа што со зголемување и на овие, подоцна ќе се јавам на таа тема, со зголемување на акцизите кај одреден број на стоки, на акции на одреден дел на стоки кај 3-4 тарифни броја се продуцира и шверц и

сива економија, го доведувате во прашање и системот на контрола и даночна дисциплина. Навистина и ние бевме сведоци кога бевме на власт дека секое зголемување на тие давачки, особено кај акцизните стоки продуцира зголемено ниво на шверц и сива економија.

Имаа многу причини што можат да се набројат, но мислам дека основните ги наброја претходниот дискутант, така што мислам дека овде ќе најдеме заеднички јазик, барем да се прифати амандманот на матичната комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илоски Ило.

Република побара г. министер Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Данокот на промет на услуги не се додава на цената. За разлика од другите даноци што во калкулацијата на производот се додава на цената и ја зголемува, данокот на услуги тоа не го прави.

Сакав да му објаснам на г. пратеник, така што овде не може да се јави ова зголемување на цени со воведување на тој данок.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика г-динот Илоски.

**ИЛО ИЛОСКИ:**

Теоретски ми е јасно тоа што го кажува г-динот министер, меѓутоа ги зголемува трошоците на работењето на трговците. Бев дециден кога кажав дека, ниту еден трговец не би се откажал, поради зголемување на своите трошоци во работењето, поради плаќање на зголемениот данок да се откаже од својата маржа за истата висина и на тоа ниво да се задржат малопродажните цели.

Јас реков дека тоа продуцира зголемување на малопродажните цени. А, штом дојде до тоа, нормално крајниот потрошувач ќе го плати тој трошок.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1 и на член 2, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3 точка 19.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, точка 19, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, господине министер, во името на Комисијата, како претседател на Комисијата благодарам што го прифативте амандманот, со што се ублажи нешто од новото даночно оптоварување на граѓаните, меѓутоа се јавив во својство на координатор на пратеничката група да укажам на фактот дека Пратеничката група на СДСМ и покрај прифаќањето на амандманот, кој процентуално многу малку ја подобрува ситуацијата, сепак нема да го поддржиме законот со образложение дека и покрај се станува збор за закон кој го зголемува вкупното даночно оптоварување и на правните лица, кој на крајот се прелева на граѓаните, на граѓаните, на потрошувачката и на крајот аргументацијата дека просечното не важи, не ја прифаќаме, затоа што просекот е просек, меѓутоа просечниот Македонец мора да купи и козметички средства и хигиенски средства, и во целата фаза на трговија на крај во прометот на мало ќе купува производи кои поминале низ ланецот на трговијата на големо, вклучувајќи ги и акцизните стоки, кои ќе ги троши. Просечниот Македо- , нец ќе троши и за возила, и за цигари и за алкохолни пијалоци, што значи од тие причини ние не можеме да

гласаме за закон кој воведува нови даночни оптоварувања, кои не се занемарливи.

Затоа ќе гласаме против законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За измените гласаа 61 пратеник, воздржан нема, 13 се против.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот на данокот на промет на производи и услуги.

Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека нема расправа, сакам по Предлогот на законот за изменување на Законот за акцизите, дозволете да го искажам мислењето на Пратеничката група на СДСМ.

Владата на Република Македонија предлага измени на Законот за акцизите, со кој ги зголемува оптоварувањата на три акцизни стоки, во овој случај на сите нафтени деривати, дизел горивата и маслото на моторните и дизел горива, ги зголемува акцизите на увозните и домашните цигари и ги зголемува акцизите на алкохолните пијалоци, со исклучок на пивото.

Според согледувањата тие зголемувања се респективно четири денари кај моторните бензини и дизел горивата, ние се надеваме дека просечниот Македонец троши моторни горива, се зголемува оптоварувањето на домашните цигари со 14%, стапката на акцизата од 35 расте на 40%, а оптоварувањето на увозните цигари акцизата од номиналните 1250 расте на 1350 денари по тежинска единица, што значи дека и тука имаме зголемување од 8%.

Најголемото зголемување на акцизите настанува кај алкохолните пијалоци, кое е дури во висина од 50% на акцизата, која со оглед на механизмот на формирање на цените сигурно ќе најде одраз на малопродажните цени која ќе биде двоцифрена од 10 и повеќе, а со оглед на слободното формирање и многу повеќе. Значи и во овој случај Пратеничката група на СДСМ останува на ставот дека не би требало да дојде до зголемувањето на државните зафаќања во врска со акцизните стоки и тоа вака за нас големи износи.

Исто така да потенцираме дека, од аспект на Владата за овој закон не се потребни дополнителни средства за да тој се реализира, меѓутоа од аспект на сите граѓани на Република Македонија ќе бидат потребни дополнителни средства за да ги подмират зголемените акцизи на потребите за дизел и моторни бензини, за потребите на алкохолни пијалоци и на потребите за цигари, се разбира оние кои конзумираат цигари, а тоа е 1/3 од популацијата.

Од овие причини, имајќи предвид дека не гледаме зошто Владата применува механизми на зголемување на даноците и оптоварување на акцизите на прометот на мало, ние не сме во состојба да дадеме целокупна поддршка на овој закон и затоа не поминавме на подготвување на амандмани и не се согласуваме со целокупната логика на донесувањето на вакви закони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Спанаков Ристо.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Јас би сакал малку да прокоментирам околу ова.

Акцизите за алкохол и цигари што се зголемуваат е нормална работа. Дури мислам дека се и малку зголемени, затоа што ако тоа е трошок на граѓаните, мислам дека е уште поголем трошок на здравството кај лекувањето од наркоманија, никотинизам и алкохолизам.

Затоа мислам дека овие акцизи колку што е можно, колку што е можно побрзо да ги зголемиме до максимум.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас мора да кажам дека ова зголемување на акцизите на одредени производи, како што е алкохолот и цигарите, е во рамките на поликаата што се води во цел свет, во Европа, а тоа е и програмска определба на коалицијата.

Ние јасно се определивме дека ќе водиме битка против наркоманијата и алкохолизмот. Споредивме исто така дека нашите акцизи на алкохолот и на цигарите се најмали за разлика од сите земји.

Трето, со оглед на тоа што претходната Влада мислеше дека со намалување на акцизите, бидејќи не беше ефикасна и не способна да си ги собере даноците, ги намали акцизите и мисли дека

постигна одредена цел.

Не, напротив ние немаме остварување на акцизите во 1998 година. Ние сакаме да ги правиме акцизите на овие стоки нормални и длабоко сме убедени дека со ефикасната администрација која ја имаме, тоа е Управата за приходи и Царинарницата, ние по тој основ ќе оствариме далеку повеќе средства и тоа е нормално во една земја, а тие средства ќе бидат наменети таму каде што треба да бидат наменети. Во здравството, во социјални случаи, затоа што алкохолизмот и наркоманијата создаваат само такви случаи. Сакаме тоа превентивно да го лечиме и тоа не е оптоварување на стопанството.

Нашето оптоварување, буџетското оптоварување на стопанството е за 3% помало од она што беше претходната година. Значи, ние направивме голем скок во растоварувањето на стопанството во однос на 1998 година.

Од тие причини јас мислам дека Владата ја тера и политиката и предизборните ветувања и борбата со социјалата и борбата против наркоманијата и алкохолизмот. Од тие причини јас мислам дека законот треба да го донесеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за дополнителното објаснување на господинот министер.

За збор се јави господинот Никола Поповски, за реплика и господинот Нано Ружин.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека се доста интересни споредувањата на македонската Влада со европските. На пример европските влади имаат 15 до 18 членови министри, нашата има триесетина. Значи, можеби беше потребно прво да ги сведеме бројот на министри на европско ниво, па после и даноците на европско ниво.

Ние го отфрламе вака паушалното образложение на министерот, дека за секое зголемување на даноците и акцизите во Македонија се наоѓа образложение. Мислиме дека е подобро едноставно да се изврши финансиската состојба на Владата и Буџетот од кои што произлезе потребата од зголемување на даноците.

А да ни се кажува дека овие средства е нормално да се зголемат се прави тогаш кога се бара легитимитет за таа работа. Ние немаме впечаток дека Владата излезе со програма, според која ќе ги зголемува даноците, ама ние не сме го сфатиле тоа и сега допрва сфаќаме дека всушност не сме сфатиле дека имале програма за зголемуваше на даноците во Македонија, во овој случај и на акцизите. Убедени сме дека зголемувањето на даноците на денешната седница е на сцена и мислам дека малку делува непријатно да се прогласи Македонската нација во смисла на граѓаните на Македонија, дека сега ќе ги одучиме да бидат алкохоличари и наркомани, со тоа што ќе ги зголемиме даноците на алкохол. На пример, мислам дека беше не умесна споредбата и не би сакал така да ја примениме, да ја прифатиме дека ова е дел од борбата против алкохолизмот и наркоманијата со зголемување на даноците. Тој што има проблем со алкохолизмот е поинаков проблем, отколку можност да го плати алкохолот. Кога се работи општо за конзумирањето на алкохолот, не е поврзан секогаш со алкохолизмот. Консумирањето на вино и на алкохол има и други намени отколку создавање на алкохолизам.

Мислам дека не умесни се споредбите во таа насока, така да од тој аспект гледано сметам дека и понатаму не сме доволно уверени дека зголемувањето на даноците од страна на Владата0 може да најде соодветен одзив во некакво оправдување.

Министерот доколку сака да не увери дека овие средства ќе одат за социјални случаи и за вработување, тогаш го повикуваме паралелно со овие закони да понуди и закони со кои ќе понуди стимулации за социјалните случаи и за вработувањето. Инаку, според постојните закони новите акцизи и даноци на промет ќе влезат во Буџетот и ќе се трошат за намените кои досега се трошеле. На пример за вработуваше треба да донесеме и закон со кој ќе кажеме ако ефектот е толку и толку милиони марки, ние даваме нов закон со кој од Буџетот создаваме обврска за поттикнување на вработувањето за толку и толку милиони марки, што беше на сцена пред шест месеци во обратна насока, се укина. Така да не би сакале да спориме со тоа, меѓутоа исто така не би сакале да бидеме третирани како опозиција дека ние не разбираме дека всушност не се зголемуваат даноците сега во Република Македонија.

Напротив, уверени сме и затоа гласаме против дека во овој случај Владата, од не знам какви причини, за нас не соодветни ги зголемува даноците на промет и акцизите во Република Македонија, а тоа во секој случај на крајот на краиштата ќе падне на грбот на граѓаните на Република Македонија, нема да падне на пример на некои граѓани од Тајван, оданочувањето на акцизите во Македонија, по глава на жител ќе падне на македонските граѓани.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Прво, ние имавме данок на додадена вредност, во кој данок на додадена вредност ќе биде единствен данок за оданочување во Република Македонија. Во тој данок вие имавте стапка од 24%. Ние таа стапка ја намаливме од 24 на 19%. Во таа стапка беше многу мал број производи кои беа по стапка од 5%.

И тоа го зголемивме, така да политиката на Владата да го намалува даночното оптоварување во стопанството е потполно јасна. Еве да направиме компарација. Вашите 24% кои предложивте оваа година да одат се 19%. Тоа е огромна разлика.

Според тоа суштината на оваа Влада е, точно е дека имаме ние над 20 министерства, меѓутоа точно е и тоа дека нашиот Буџет за тие министерства е помал отколку за министерствата кои ги имавте.

Тоа е факт, вие го усвојувавте Буџетот и дигавте две раце за тој Буџет.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван министер, неколку пати го употребивте зборот за социјални случаи, социјала и т.н. Во историјата велат секој кој владее мора да го храни народот. Веројатно во однос на социјалните случаи, секој што владее не мора да го напојува и да му дава цигари да пуши. Денеска во овој домен од тие секундарни задоволства го дестимулираме. Некој рече дека тоа има одредени здравствени причини.

Мислам дека на тој начин никогаш не се дестимулираат тие работи. Во принцип, во ред јас се согласувам со се што вие го предлагате, но под услов да ги видиме овие средства да бидат земени да се понуди од страна на вашиот колега, министерот за труд и социјална политика соодветно решение, односно соодветна програма за социјална стратегија, со која што би ги пренасочиле овие средства по правило во надминување на нашиот најголем проблем.

Инаку ќе морам пак да повторам една реченица која од почетокот на ова Собрание се повторува "подобро сиромашниот да го научите да ја лови рибата, отколку да му ја дадете".

Практично што се случува. Новата Влада го укина Законот за зголемување на вработувањето и сега чекаме еден нов потег кој ќе стимулира поуспешно да се соочиме со проблемите на сиромаштијата, невработеноста и т.н. Веројатно овој закон ќе биде усвоен, јас со задршка би гласал, тоа не е мое, доколку ни пружите докази дека тие средства се пренасочени во една конструктивна или активна социјална политика, која што е навистина насочена кон најсиромашното население. Во спротивно се плашам дека овие средства ќе се изгубат некаде во бирократските потреби на државата, или во некој друг домет и мислам дека суштината на законот не е тоа.

Што се однесува до пушењето и до алкохолот во овие мачни тешки времиња, иако тоа е мошне негативна работа, сепак оставете го сиромашниот некогаш, бидејќи тој ќе биде погоден, барем да се напие една чаша вино по евтино. Виното барем една чаша е здрава работа од битка против холестеролот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Нано Ружин.

За дискусија по оваа точка имаме уште двајца дискутанти.

Тоа е госпоѓата пратеник Марковска Ѓулистана, на која им давам збор и господинот пратеник Котевски Ѓорѓи.

Повелете госпоѓо Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас само ќе се надоврзам на дискусијата на претходниот дискутант дека точно во Република Македонија има голема сиромаштија и невработеност. Тоа е факт.

Меѓутоа, факт е и тоа дека таа сиромаштија и невработеност оваа Влада и овој Парламент ги наследи, благодарение на доброто владение на СДСМ и неговите коалициони партнери. Точно е и тоа дека Владата на Република Македонија во изминатите седум месеци не успеа да направи, но можеби можеше многу повеќе, меѓутоа, факт што оправдува од кој никој не може да се огради е присуството на 350.000 бегалци во еден момент, кој што за среќа Република Македонија можеби и за нивна среќа конечно ќе се враќаат постепено и организирано во нивните домови, а би било крајно не одговорно некој да каже дека при присуство на ваков број на бегалци во Република Македонија и на, се она што имаше реперкусии бројот на овие бегалци вкупно на стопанството на Република Македонија, во македонскиот буџет нема дупки. Имено, тој има и тие мора да се пополнат.

Што се однесува до пристапот на Владата, еден дел од тој буџет се зголеми преку зголемување на акцизите, апсолутно го сметам за исправен, затоа што напротив ние не велиме дека во Република Македонија има алкохолизам и пушењето е масовна појава. Туку, велиме дека има многу побогати земји од Република Македонија, кај кои што цената

на цигарите и алкохолот е драстично зголемена и драстично голема, токму од причините превентивно да се делува.

Имено, да се намали конзумирањето на алкохол и цигарите, посебно кај младата популација. Бидејќи ако вие се прошетате навечер и видете кој се конзумира алкохол, ќе кажете навистина Република Македонија е рај за оние кои што ќе треба допрва да се оформуваат и умствено и физички и интелектуално, а кај кои таа цена на алкохолот и цигарите е уште привлечна.

Со тоа максимално го поддржувам овој потег на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата Марковска Ѓулистана.

Збор има пратеникот господин Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, вакви приказни за малите деца, посебно деца голомешиња, мислам дека не држат.

Да ви кажам искрено од вакви сериозни луѓе, посебно професори на факултети и со докторски титули или магистарски титули, кога македонскиот граѓанин, Македонецот во Македонија е во ваква состојба, па да можат и да се напијат дајте сите да се испијаниме и од оваа држава да не остане ништо. Мислам дека крајно, крајно излитени фрази кои немаат врска со ова што го предлага министерот.

Искрено да ви кажам, ние сме сепак, ако мислиме дека малку сме затворени во оваа држава и во тој педесетгодишен систем, сепак со таа печалбата малку нашиот народ повеќе се прошета во тој запад, токму од каде што можеме да црпиме некои позитивни работи. Ако појдете на запад ќе видите дека цигарите и алкохолот се едни од најлуксузните нешта кои се плаќаат со дебели пари. Просто на трпезата кај нашите Македонци ако појдете во Америка, Канада или во Австралија најголем луксуз, најголемо задоволство е да те почести со една чашка ракија, затоа што е најскап, но и е недозволено да се пече во приватни казани, како што се работи кај нас. Да ви кажам, секој луксуз треба да се плати мора да се плати. Јас без леб и без друго јадење не можам, но без ракија, без цигари и т.н., тоа е сосема маргинална работа. Мислам дека тука законодавецот треба да биде ригорозен.

И, една друга работа што не ја пласирате, да ве прашам вие кога толку знаете сега како опозиција, кога бевте позиција што не ги спроведовте тие работи, еве вака ќе ве прашам посебно со цигарите. Вие имавте помали акцизи од сега што треба да ги зголеми министерот Стојменов. Најголемиот шверц со цигари го правевте и се збогативте во тие седум, осум години. Најголемиот шверц со цигари го направивте, да не речам дел и со алкохол и во Преспанското Езеро и во Охридското Езеро, од Албанија и преку други земји и т.н. Цигари се носеа во Македонија. Поединци во Битола ги знам што дури и ги осигуруваат таквите шлепери со цигари. Тие се направија богаташи и сега се заборавени. До каде отидовме и во кои крајности.

Јас сум за уште поригорозни мерки не само даноците, целата контрола на ваквите луксузни производи треба да биде уште поголема. Затоа, што во оваа држава за сметка на чесните и на оние наивните, да не речам и оние сега што сакате да ги натерате да се напијат и да бидат испијанети по улица и т.н., се направи најголем хаос. Да, точно така и ние и ова како дел од таа превентива, тој што нема ќе си ги пушти нозете колку што му е чергата. Нема да купи луксузни цигари од 70 или 100 денари, туку ќе си купи од 10 или 20 денари, што е сосема исправно. Но лебот да биде 30 или 40 денари, е тогаш во право сте да говорите на таа тема. И, тука потполно ќе ве поддржам. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи.

Збор има пратеникот господин Петровски Филип.

Ги молам пратениците да влезат во салата, да не седат во холовите, затоа што очигледно уште малку ќе дојдеме во прашање со кворумот.

Сите пратеници кои што ме следат моментално по мониторите нека влезат внатре, затоа што уште малку ќе гласаме.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Еве, јас исто така сакам јавно да кажам дека ќе го поддржам овој предлог што го достави Владата. За големата сиромаштија и невработеност нема да зборувам што ја имаме во државата, малку депласирано ќе биде да зборувам, затоа што госпоѓа Ѓулистана Марковска, кажа нешто во таа насока.

Меѓутоа, би сакал да кажам дека дури сме имале можност да одиме по радикално, односно со поголемо зголемување на акцизите. Затоа што, апсолутно не ме загрижува ако биде поскапо вискито во државата и цигарите. Затоа што сакам да живеам здрав живот, а тоа ми се чини дека е еден начин на кој што државата можеби влијае врз луѓето. Мислам дека апсолутно не

прифатливо сега да ни се нудат приказни, ете ова ќе се случи, она ќе се случи или народот веќе не може да пие.

Оваа дискусија сакам да ја искористам за уште една работа. Имено, јас сакам да побарам од Владата и од сите релевантни органи во оваа насока не само да донесат зголемување на акцизите, меѓутоа да се поведе уште еднаш една конзистентна и до крај ригорозна акција, оваа област за која што денеска говориме, да се воведе во ред односно мафијаштвото што владееше во Македонија за време на СДСМ, кога во државата ниту се знаеше колку алкохол влегува, ниту колку излегува, ниту колку цигари влегуваат, ниту колку цигари влегуваат, ниту кој што внесува ниту кој што изнесува, значи тоа да се доведе во ред. Ова ми се чини дека е добра мерка, меѓутоа мора да биде поддржана од Владата и во таа насока да воведеме ред.

Конечно, мислам дека ќе имаме поздрав живот, ќе можеме и по нормално да живееме, помалку загрижени за тоа колку ни се скапи цигарите и алкохолот. А, нормално, еве ќе им оставиме простор пак на СДСМ да се обидат и од вакви работи, кои што се многу неблагодарни, да се обидат некој изборен или не знам каков политички маркетиншки поен да ќарат. Јас ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Петровски Филип.

Навистина тој има право како најмал пратеник овде се заложува за такво нешто, но без коментари.

За збор се јави господинот пратеник Илоски Илија.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани членови на Владата.

Јас се јавив за дискусија по однос на она што го кажа господинот Котевски, дека имал работа со деца голомешиња, како што го нарече претходниот дискутант на СДСМ. А, јас се јавувам сега да кажам неколку збора за вујко му Марко од ВМРО од овде што седи, околу неговата дикција и околу неговата интонација на оваа говорница, како се спопалува во еден мирен настап на нашиот пратеник.

Прво, јас да сум на местото на вашиот министер ќе станам овде и ќе речам аманте луѓе, браќа не бранете ме овде. Ова е како вицот кога го тепал тој брат му. Зошто, затоа што тој добро образложи што е идејата и зошто се наметнуваат овие нови давачки спрема државата. За да после него, бранејќи го госпоѓата Ѓулистана Марковска кажува вие треба да сфатите дека буџетот има дупки, поради косовската криза и дека тие треба да се покријат. А, пред тоа слушавме од министерот дека тоа не е идејата на воведување на дупките во буџетот да се покријат, бидејќи тој се реализира перфектно. Дури на претходната седница слушнавме дека со 5% зголемување од претходната година во истиот период. Е, сега кому да му веруваме. На госпоѓата Марковска или на министерот.

Господинот Филип Петровски кажува дека на цигарите и на алкохолот акцизите треба да се зголемат повеќе. Јас се слагам и прохибиција да се направи, ако е проблемот во пиење и во пушење. Меѓутоа, сфатете една работа дека големите давачки во акцизните стоки предизвикуваат по систем на врзани садови голем шверц и сива економија. Нема жива сила која што ќе се справи ако до тој степен растат. Тој проблем не го имала Македонија со цигарите и со алкохолот. Тој проблем е присутен и ден денеска со Европската Унија. На неколку пати ние имавме средби со претставници на Европската Унија, кои што плачеа и плачеа на Полска, на пример Германците милијарди марки годишно да ги затворат нивните фри - шопови на полско - германска граница. Или, ние го измисливме овде во Македонија шверцот и најголемите се овде околу виските и цигарите се движеа и се држеа.

Второ, околу полнењето на буџетската каса, треба сите да знаете дека пилињата се бројат на крајот на годината. Ќе дојдат резултатите, ќе ја поднесете завршната сметка пред сите нас овде, ако исполните 97% од она што се планира како што ние спомнавме, тогаш да ви ја скинеме капата. Доста веќе се блатевме едни со други и се напаѓавме, затоа што вие бевте вакви, ние сакаме поинакви да бидеме. Нема поинакви, туку едноставно треба да се признае дека ќе фалат пари во буџетот, дали поради косовската криза, дали генерално поради кризата во регионот воопшто, дали стопирање на некои позитивни економски трендови фалат пари, треба да се покријат и нормално дека сите овие нови давачки се од фискален карактер, нема никакви развојни цели, нема никакви други економски цели и нормално се наметнуваат за полнење на буџетската каса. Како отпосле тие ќе се редистрибуираат тоа е прашање на актуелната власт, каде ќе ги распределуваат. А, не сега ние само се плукаме претходните не знаеја вака, не можеа онака, не можеа ова, не можеа она, е сега ние затоа ги наметнуваме овие давачки.

Втората теза е дека имаме дупки во буџетот и затоа ги наметнуваме овие давачки.

Третото е дека треба да сервисираме некоја социјала додатна и да им удоволиме на некои луѓе што настрадале од косовската криза. Дајте поштено излезете на говорницата и кажете ни требаат 20 милиони марки до крајот на годината и ние на овој начин треба да ги собереме. Сета среќа, еве да не мислите дека политички маркетинг ќе правам на конто на мојата партија да оди, сета среќа повторно што се зафаќа на дел од акцизите во акцизните производи.

Меѓутоа, траги - комично е да зборуваме да ве оправдаме дека се зголемуваат акцизите и на дериватите, кои во еден верижен систем предизвикуваат зголемување и на низа цени во малопродажната цена. Ве молам, тие голомешини и слично на тоа, оставете ги за други прилики, да не се расправаме на економски теми за такви работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Иловски Илија.

Збор има господинот Пауновски Љубен.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Благодарам, почитуван претседателе, почитувани пратеници, имаме често некои теми, дали се во прашање донесување на закони или чисто политички теми, кои се конфронтираат со некакви принципиелни однесувања и спроведувања, политички постапки, спроведување на законите, па мислам дека и денеска беше од страна на позицијата и опозицијата спомнати некои такви патишта низ кои нештата се спроведуваат, меѓу другото и фришоповите па јас мислам дека редно е конечно, иако голем дел од тие работи Владата ни соопшти пред повеќе мести дека е направена анализа на фактичката состојба во која ја затекна државата која ја преземаше. Јас мислам дека е редно и на крајот има обврска, меѓутоа, после вакво вешто жонглирање и маневрирање во многу теми пред овој Парламент, конечно треба да излезе, ако се седум месеци поминати да ни ја донесе фактичката состојба во која за затекна државата. Но, мислам дека и обврска е за некои појави кои се товарат како систем кој функционирал, дали се тоа од карактер кој многу пати сме ги слушале на оваа говорница, карактер како што се фришоповите, да излезе со јасни податоци, каков бил нивниот ефект, како се работело или не се работело и да се елиминираат некои, оти сето ова станува голема недоумица за јавноста. Така што, мислам дека тие работи, конечно на крајот на краиштата, барем во една политичка форма, овој дом не е судско седиште, меѓутоа во една политичка форма барем треба да биде и тоа многу добро информиран. А, мислам дека сликата за фактичката состојба која ја затекнавте ќе биде доволен податок за се. Тоа е едната работа.

Другата работа е прашањето на, барем во доменот на толку споменуваните алкохол и цигарите, сега таа голема загриженост, јас разбирам и верувам дека како луѓе сме загрижени сите, меѓутоа изигрувањето на загриженост сега после толку многу години, мислам дека е пак некој невкусен театар. Во овој случај станува збор за алкохолни пијалоци кои се, сакале или не сакале ништо не е луксуз штом е достапно и што во овој свет го има, ништо не е луксуз, јадењето на месечина. Меѓутоа, факт е дека не треба да покажуваме сега лажен театар за загриженост за оние 20% семејства во Република Македонија, кои во минатата година статистичките светски компетентни форуми за анализа, соопштија дека во Македонија има 20% крајно сиромашни семејства. Тие се продукт на збир на околности или лични погрешни проценки и во политиката и во економијата, резултат на изминатите осум години. Сега за виски пијалоците ја залажуваме јавноста дека сме загрижени, дека не биле достапни. Јас се сомневам дека баш тие толку се заитересирани за тоа иако велам сешто го има на овој свет ништо не е луксуз, бидејќи тоа на ваков или на таков начин е потребно за човекот и прашање е на избор дали ќе го има или ќе го нема. Меѓутоа, овој вид на работи, скапите цигари или тој вид на пијалоци кои се увезуваат, треба да бидеме искрени тие можат да бидат достапни, пак од таа човечка природа, меѓутоа и од прашањето на престижот. За бизнисмени, за побогати луѓе, за пратеници, за министри, за премиери и т.н. Дајте да не се залажуваме со тие работи.

Втора работа, сепак на некој начин може да има свое влијание врз заштита на домашниот производ. И ние произведуваме разни видови на пијалоци па и цигари. А, меѓу другото што се однесува до мерките, ние нема да им забраниме на луѓето, затоа што ние тука сме пратеници, ние сме со цигарите во џебот, така што тоа нема да им биде забрането на граѓаните во никој случај, но неверојатно развиените и богатите земји од причина што се многу развиени, ако се многу развиени, многу внимавале како да ги користат минатите искуства, затоа се многу развиени, како да ги применуваат законите,

затоа се развиени, а просекот на цигарите во тие земји цената е 4 до 10 марки и на нив задолжително пишува колку се тие штетни. Едно кафе во еден нај просечен локал во тие западно европски метрополи е од 5 до 5 марки, едно пиво е од 10 до 15 марки. Јас мислам дека вие повиканоста на вашата професија во минатите кој колку имал мандат еден или два, сте ги посетиле тие метрополи и сте се напиле барем едно кафе. Јас верувам дека тие дневници не се ништо, меѓутоа едно кафе можете да се напиете.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (Продолжение)

По однос на загриженоста за граѓаните, за социјалните аспекти, тука сигурно има и објективни, меѓутоа има и субјективни прашања. Затоа конечно замолувам пред овој Парламент да се предочи одредена слика на фактичка затегната состојба при преземањето на власта, бидејќи тоа го прават и најбогатите земји во светот и земјите кои денес се слични за нашите почитувани и углед на кој се повикуваме. Но, таа загриженост факт е дека наследени се скоро 300 илјади невработени луѓе. Причините треба да се регистрираат но факт е дека нашиот најголем пазар и трговската размена беа со СР Југославија. Тоа е одлично, меѓутоа се покажа дека е премалку, бидејќи сега во СРЈ имавме тешка воена криза. Што сте работеле на тој план да отворите нови пазари, да имаме алтернативни работи. Велам, може би било повеќе објективни страни, меѓутоа и тоа е прашања на анализа. И на крајот на краиштата самата косовска криза, станува збор за 360 до 380 илјада граѓани од Косово, од кои 280 илјади се задржаа во Македонија. Ако ние сега сакаме да се играме со тој податок за интерна употреба, тоа е друго прашање. Но, факт е дека со еден таков голем притисок, не станува збор само за 270 илјади луѓе кои дошле и останале скоро три месеци во Македонија и сега во овој процес на враќање се уште има голем дел тука. Станува збор, покрај нив, се случува, вие работевте најголем дел од вас по два мандати, во една ваква ситуација се случува, можеби десет пати поголем притисок на политички делегации од светот кои доаѓаат во Македонија, па затоа и ние на некои седници имавме проблеми со кворумот. И тоа треба да го знаеме, а треба да знае и јавноста дека на тие средби, на работите на комисиите најголемите отсуства ги прават членовите на СДСМ. Тоа јавноста мора да го знае. Значи ако сакаме да бидеме професионални и принципиелни во барањата, тогаш ќе треба да ги соопштиме сите работи. Во овој период не беа само тие 270 илјади бегалци, беше во прашање, по некогаш можеби повеќе од 50% на тој потенцијал и политички и услужен, па нека биде тоа од медицински кадар, од сферата на одбраната или Министерството за внатрешни работи, во која работат луѓе во различни структури и различни политички определби. Тие сите беа ангажирани или најголем дел од нив, во сето тоа. Сега што е тука несреќата и нервозата, што оваа криза во овие три месеци многу жестоко на видели на ги покажаа сите проблеми што ги наследи оваа Влада кој и те како може да биде ставена како преглед на разгледување, меѓутоа не сега за овие седум месеци од кои повеќе од три месеци се соочи со овој проблем на косовската криза. Меѓутоа, не може сега да постои толку голем панична загриженост, затоа што токму оваа косовска криза покажа до кој степен оваа нова власт наследи проблеми во државата. Јас ја разбирам таа загриженост, меѓутоа, мислам дека нема да постои никаков политички ефект од тој така наречен политички маркетинг.

На крајот на краиштата и вие работевте на тоа усогласување на законодавството со европската унија, со други држави кои се од тој вид на развиена демократија и високо применети законодавни принципи. Меѓутоа, многу работи знаеме дека беа предмет на жестока критика дека на тој план повеќе се работи декларативно. Колку што јас скромно можам да бидам запознаен од љубопитност, бидејќи не сум правник, сум дошол до некои констатации кои не се единствени, меѓутоа кои се многу корисни. Велат кога не можете брзо да примените некои стандарди во законодавството на кое се повикуваме од тој Европски тип, подобро применете уште неколку алтернативни но паралелни процеси. Еден од нив е одстранувајте ги пречките кои се внесени во вашите закони и кои го усложнуваат патот и системот, а тоа е вие до пред 7-8 месеци имавте во одредени министерства, не знам кои беа, 27 или 37 документи за една обична работа, граѓанска потреба, а нашиот министер, не знам од кое министерство беше, министер на коалицијата посочи овде дека оди сето тоа на еден шалтер и со една постапка. Значи јас и ова го разбирам сега дека е дел од тој алтернативен, но можен процес кој треба да оди паралелно на елиминирање на пречките кои постоеле во тие закони. На крајот на краиштата мислам дека тоа е и во интерес на граѓаните. Ако работите од 27 шалтери се сместени во еден, тоа е олеснување да дојде граѓанинот до своето право, а не како досега да патува низ лавиринти.

И втора работа, па и граѓанинот, но во овој случат со скапите пијалоци, се

разбира кој вид на граѓанин, меѓу другото и ние што седиме тука, да си ја плати својата обврска што ја има према државата, бидејќи сака да пие таков вид на пијалок.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Пауновски.

Имаме пријавено дискусија уште Нано Ружин и Филип Петровски.

Има збор пратеникот Нацо Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Секогаш во составот на овој Парламент сум се борел за социјалната проблематика, независна која Влада е на чело на оваа држава. Според тоа, ова што го поставив како проблем не го поставувам само на оваа Владата туку го поставував и во минатата влада.

Второ сакам да го коментирам тоа што г-динот Котевски ме навреди. Јас нема да го навредам, бидејќи во овој Парламент ниту сум некого навредил ниту ќе навредам, меѓутоа тоа е прашање на домашно воспитување. Не можете вие да ги млатите луѓето овде и да се правите главен шериф во ова Собрание. Мислам дека во иднина треба да се респектираме. Ако сакате да ве респектираат треба и да го респектирате ривалот. Според тоа, немојте да делите веќе комплименти на секого.

Трето, мислам дека погрешно ги фокусиравме проблемите кон скапите пијалоци. Кога зборував јас зборував за евтиниот алкохолен пијалок. Не велам дека Македонија е некоја алкохоличарска нација, меѓутоа да го погледнеме проблемот и од друга страна, да ги прашаме производителите на вино, производителите на тутун па и тие на ракија. И тие луѓе се заинтересирани. Јас на пример потекнувам од таков крај каде што се произведува и тутунот и виното, така што сум заинтересиран за нивниот производ, тоа е валандовско гевгелискиот крај, биде откупувам. Со овие акцизи практично се дестимулира реализацијата на нивниот производ. Од тие аспекти дискутирав но ќе бидам среќен доколку нивната жртва биде компензирана во социјалниот домен.

Затоа ќе зборуваме на крајот на годината.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Нано Ружин.

За дискусија имаме уште пријавено Филип Петровски.

Инаку што се однесува до домашното воспитување навистина ќе треба курс и едната и другата страна да задржи, бидејќи покажавме недостаток на домашно воспитување и од едната и од другата страна.

Јас апелирам навистина да си го вратиме домашното воспитување.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Околу цинизмот само да кажам, односно за претходната дискусија, и цинизмот е прашање на домашно воспитување.

Но, кога зборуваме за поврзаните садови што некој ги спомна пред малку дека она што го имаме сега како мерка пред нас ќе има реперкусии во друга насока, јас сакам само да ја спомнам насоката кога за некој живот значеше, до времето на промената на претходната Влада односно власт. Така се создадоа фирми кои беа поврзани со минатата гарнитура, фирми што создаваа неограничена моќ кои што трупаа власт, кои што не беа контролирани од никого и кои постанаа легло на корупцијата. Јас мислев дека тие само успеаја до крај да ја поделат моралноста и било каква норма на морално живеење во оваа држава. Така со тие поврзани садови, трупањето на моќ доведе до можност да влијаат на политичари, да се фалат по Скопје дека за толку и толку марки може да го купат или овој политичар, луѓе кои што се занимаваат точно со тие работи кои денес ние се обидуваме да ги ставиме под некаква контрола. Барем јас така ги разбирам овие мерки.

Така, од тие фирми излегоа некои матни типови кои почнаа да стануваат идоли на новата генерација. дојдовме во ситуација новата генерација гледаа луѓе кои треба да ги следат, а некои од девојките својата чесност да ја продаваат и да бидат жртви, затоа што во исто време додека тоа го прави младата генерација нивните родители го спознаваат пеколот што значи да се биде родител и пишуваат книги од типот на "Крив правец". Тоа е реалност во Скопје. Јас тоа сакам да го кажам. Јас кога ја читав таа книга мислев дека нема врска со реалноста, дека е нешто паушално напишан дека човекот си имал, да не го спомнувам авторот, некоја своја идеја да пишува книга не знам во која насока. Меѓутоа, после тоа јас го спознав ноќниот живот и она што е поврзано со ова како крив правец. Оваа власт јас сум длабоко уверен дека тоа сака да го промени.

Јас уште еднаш ќе го повторам апелот. Без резерва ќе ја прифатам оваа одлука, ќе го повторам апелот до Владата и до сите што се релевантни, полицијата или не знам кој дека треба да се воведе ред, не само кон тие легално увезуваат и ќе платат не знам колку акцизи, со тие посебно што нелегално го прават тоа во државата, ако се уште ги има. Ако ги има јас морам да кажам,

односно да дадам лична изјава дека најмногу ќе ме боли ако ВМРО почне да ми заличува на СДСМ. Мислам дека никој од ВМРО тоа нема да го дозволи, овие пратеници тука, или тие луѓе што работат во Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Филип Петровски.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас бев сосема јасен кога зборував околу овие работи. Парламентаризмот допушта некои работи да се кажуваат на говорница.

Меѓутоа, кога станува збор за домашното воспитување, Ве молам лекции не се потребни. Секој во себе го носи тоа домашно воспитување. Но, во нашата држава поради некои кои се со добро домашно воспитување, некои останаа со кратки ракави, останаа без работа, бес пари, со гол живот, а оние кои се, во зависност кој како го сваќа тоа домашно воспитување, направија пре големи нешта во оваа држава. Да не кажувам. Станува збор за сите категории на луѓе, без разлика дали се професори, дали се трговци, дали беа министри и т.н.

Според тоа немојте да манипулирате со домашно воспитување. Јас имам доволно домашно воспитување и тоа воспитување можам да го покажам и како професор. Меѓутоа, да ми се делат лекции на тој начин, мислам дека е недопуштено, а парламентаризмот допушта, ако сакате некои работи, што се однесува на реплики и т.н.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еве го имаме уште пратеникот Никола Поповски, и Ве молам да приврšиме со расправата.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, јас би сакал во оваа прилика да се изјаснам за две работи:

Прво мислам дека треба да се вратиме на законите за кои расправаме.

Тоа се закони за данок на промет и акцизи со кои ги зголемуваме даночните оптоварувања во Република Македонија.

Второ, кога веќе, за жал координаторот и уште некои пратеници од позицијата вовлекоа нови теми, сакам да го изјавам следново:

Присуството на членовите на СДСМ на комисиите е редовно и јас би сакал г-дине претседателе од сега натаму да воведеме евиденција и да кажам дека во сите комисии учествува со еден или двајца пратеници, со исклучок на две комисии во кои учествуваме со тројца пратеници. Така да не работењето на Комисијата не зависи апсолутно од нас.

Исто така сакам да изјавам дека во многу позиции, вклучувајќи ја и денешната кворумот на коалицијата која брои 80 пратеници, го држи СДСМ. Тоа е израз на наша добра волја, затоа што ние сакаме да учествуваме во работата на Собранието, согласно нашите права и обврски.

Второ, враќајќи се на законот сакам да укажам на фактот дека ние сега се соочуваме со образложение од Владата или од оние кои ја поддржуваат Владата во оваа позиција дека оправдување за зголемување на даноците има. Ние тоа не го прифаќаме. Сметаме дека денес во РМ не е оправдано зголемување на акцизите и даноците. И за да не ја насочуваме дискусијата во погрешен правец и да добива призвук на некаков консомолски ентузијазам, како ќе се решаваат работите во една зрела држава, сакам да укажам дека зголемувањето на акцизите за нафтата, моторните бензини, тутунот и цигарите, алкохолните пијалаци, трговијата на големо, козметичките препарати и средствата за хигиена, ни од далеку не е толку наивна колку што сака сега да се прикаже. Инаку мене ми е совршено јасно дека оправдување за сегашното зголемување на даноците ќе биде корупција, на пример на претходната Влада за која секогаш имаме полна уста во Собранието.

Меѓутоа, Ве молам, да се концентрираме на проблемот, а проблемот е дека денес Собранието воведува еден сет или комплет на нови мерки за оданочување и на правните лица и на граѓаните и дека ние сметаме оти тоа не е добро. Не се работи само за производителите на тутун или вино чии производи ќе се оданочуваат, туку се работи за сите граѓани зошто прометот на мало и големо и акцизните оптоварувања паѓаат најчесто на грбот на потрошувачите, кои сме сите ние во Македонија. Ние не можеме да ја избегнеме потрошувачката на бензини ниту на козметички препарати, ниту од трговијата на големо, а за дел од населението ниту потрошувачката на цигари. И сакаме да укажеме на фактот, во една смирена атмосфера дека нашето искуство на кое укажа г-динот Илија Илоски, а мислам дека е тоа и сосема соодветно светско искуство. Во Америка кога имаше прохибиција на алкохолот, најголемиот проблем со дистрибуцијата беше токму на тој производ кој беше прохибиран во државата.

Ние сметаме дека во денешната позиција на РМ, ако секој кој тргува со алкохолни производи, без разлика дали се тоа вина, ликер или жестоки пијалоци, и увозни и домашни, најмалку ќе го натераме да г плаќа даноците ако му ги зголемиме за 50%. Она на што укажуваме е дека тоа прво ќе ги погоди граѓаните и второ ќе ја зголеми климата погодна за корупција во РМ, затоа што зголемувањето на акцизата за 50% односно од 2 на 3 денари по алкохолна единица, тоа е 50%, ги стимулира сите кои досега плаќале 2 денари по алкохолна единица, да избегнат плаќање на дополнителниот денар по алкохолна единица. Тоа во денари по едно шише од вино до ракија, мастика, како сака нека биде. Што значи сите ќе се обидат тоа да го избегнат. Искуството на многу држави во светот и на македонската укажува дека тоа е тешка борба. Сакаме да и укажеме на оваа Влада дека ние не се согласувам со методот воопшто за зголемување на даноците во Македонија, особено што јас кажав и на почетокот, ќе ми дозволите и да повторам, ние навистина сме изненадени и затечени од вчерашната одлука на Владата денес да предложи закони со кои вака рапидно се зголемуваат даноците, она што најмалку го очекувавме од оваа Влада. Дозволете да застанеме во одбрана на позицијата дека даноците во Македонија, не сме на мислење дека треба да се зголемат. И второ да укажеме на фактот дека мислиме оти зголемувањето на акцизните стоки ќе ги стимулира оние кои тргуваат со нив да најдат начини тоа да го избегнат, затоа што имаат 50% зголемување на акцизата, кое, ако го избегнат ќе им се прелее во сопствените џебови.

Така да мислам да она што е основно е фактот дека овој Парламент не треба, ниту може, ниту пак смее во една ваква ситуација да навлезе во ентузијастички проценки, дека ние сега наводно ќе отвораме некакви борби и не знам што. Тоа се прави со сет на закони. Тој сет на закони мора да е урамнотежен. Г-динот Пауновски не повикува на европските искуства, меѓутоа јас не верувам дека има во светот, во Европа држава која преку ноќ вака ги зголемува даноците. Ова преку ноќ го кажувам, затоа што законот го добивме вчера во 18,00 часот во Собранието, а го најдовме денес утринава во 11,00 часот на клупа и сега веднаш за него разговараме. И тоа зголемува даноци од 5 на 25%, акцизните за 50,10 или за 13%.

Само сакаме да укажеме дека мислиме оти тоа не е во ред. Јас не знам зошто министерот, и опозицијата и позицијата очекува ние тоа да го поддржиме Ние во изминатите две три години, со целата критика, јас разбирам секогаш кога ќе се зголемуваат даноците предмет ќе биде претходната Влада. Меѓутоа, во овој случај претходната Влада ама баш никаква врска не со ова зголемување на даноците. Дозволете да го изразиме своето незадоволство и чудење од ваквиот потег на Владата. Ние сметаме дека овој закон не треба да се донесе. Од расправата на нас ни станува јасно како ќе гласа владеачката коалиција, со своето мнозинство, доколку завршиме ние денеска.

Меѓутоа, немојте да очекувате СДСМ како опозициона партија да го поддржи зголемувањето, од две причини.

Прво затоа што се тоа најчесто акцизи и даноци кои нашата Влада и нашиот Парламент во минатиот состав ги намали, заради сопствени политички определби и второ зошто не очекувавме оваа коалиција да излезе со зголемување, наспроти тоа што на изборите, помеѓу другото нашата партија излезе со ветувањето дека ние даноците нема да ги зголемиме во идниот мандат, а бевме победени од една коалиција која рече дека драстично ќе ги намалиме. Сега одеднаш барате оправдување и разбирање од наша страна за ваквиот потег.

Ние не можеме да имаме разбирање и ќе останеме доследни во одбрана на гласачите кои ние ги претставуваме, кои ги дале гласовите за оваа страна на Парламентот и ќе застанеме на позицијата дека не е соодветно зголемувањето на овие даноци, дури ќе видиме дека и методот со кој тоа се зголемува не е добар. Се разбира дека министерот има поинакво мислење и на крајот ќе се гласа.

Меѓутоа, немојте да ја пренасочуваме дискусијата на тоа место каде ние не го дискутираме тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Никола Поповски.

Повторно се јави г. Пауновски, веројатно заради реплика.

Знаете што, јас сакам да ве потсетам на едно убаво правило во англискиот Парламент. Во Англискиот Парламент никогаш не се спомнува името на било кого. Секогаш се говори за аргументи и ако тоа успееме да го научиме, во тој случај нема да бидеме повикувани да водиме расправа еден по друг и да се почувствуваме дека сме повикани да одговориме. Ова го кажувам општо не го кажувам конкретно. Го кажувам општо ако можеме со за аргументите, а да не кажуваме како што рече г. пратеник, како

што рече едниот и другиот и во тој случај одиме во вакви дискусии.

Господинот Пауновски има збор.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Првин не знам зошто толку драматично повикување дали очекуваме или не очекуваме. Нашиот став е како пратеничка група дека имаме разбирање за овој Закон за акцизи и не гледам зошто е толку потребно драматично да се повикува. Вие имате право на избор да гласате за, против или воздржани. Ние веруваме дека Владата ефектот од сето ова ќе го приложи за социјалната сфера, бидејќи очигледно со сета најнова ситуација се до заостриja, од тоа што спомнав според тие показатели до минатата година 20% крајно сиромашни семејства. Ние сакаме да веруваме дека тоа така ќе биде употребен тој ефект, доколку не биде употребен заедно со сите останати пратеници ќе бидеме подготвени и ние да разговараме така и да размислуваме.

Втората работа, видете ова се случува по не знам кој пат. Да не бидам погрешно разбран, но како што вели народот фитилите ќе бидат запалени, дискусијата од Законот за акцизи ќе се одвлече во разни други сфери, потоа ние како пратеници моравме да одговориме, бидејќи се злоупотребува и што треба и што не треба и сега на крајот доживуваме, видете граѓаните кои не следат, немојте да не правите толку дека пред пола час заборавиле. Вашата тактика е таа која од темата излегувате со таа голема загриженост за граѓаните и потоа велите дајте да се вратиме на темата. Тоа народот го вели или палење фитил или фрлање бомби, каписли, па потоа бегање. Тоа неколку пати се има случено за сериозни обвинувања, крајно сериозни, а потоа по два часа или на кафе пиење или низ скопските улици тие од опозицијата што го поставуваат на оваа говорница, за многу тешки обвинувања потоа ги гледам или во бифето 2 часа кафе пијат или шетаат по скопските улици.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Пауновски, јас мислам бидејќи немаме пријавени дискутанти, да го слушнеме г. министер со неговите аргументи и да поминеме на гласање.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас сакам да дадам одредени појаснувања за овој закон, затоа што и граѓаните кои гледаат, кои го следат овој Парламент, треба да ја слушнат вистината. Не би било во ред да не се слушне вистината иако многу се употребуваат граѓаните и во поглед на оптоварувања и во поглед на загриженост на граѓаните и во поглед - тешко на тие граѓани, меѓутоа, јас мислам дека треба да ги оставиме граѓаните на страна, ќе им кажеме со што ги задолжуваме, но премногу до сега ги задолживме. Тоа е чудо колку ги задолживме и тоа тешко одат од товарот кој го дадовме за нив, меѓутоа тоа не е битно, ние сме одговорна Влада, прво и ние не правиме некој ентузијазам или некои големи пореметувања во економијата во Македонија и во Буџетот за така драматично да ги претставуваме работите. Јас ќе ви кажам една работа.

Со овие измени и дополнувања на овие закони финансиски значат за Македонија 0,7% од годишниот буџет на државата. Ако е тоа драматичност, ако е тоа менување на политиката, тогаш не сте објективни, не сакате да ја кажете вистината. Тоа е под 1% од буџетот на државата.

Спрема тоа не е во прашање недостигот на финансиски средства за да предлагаме измени и дополнувања на законот.

Втората работа, ние сме одговорна Влада, дали ги оствaруваме приходите од буџетот вие сигурно без да барате ние после 30 јуни ќе ви дадеме извештај како се остварува буџетот од 1 јануари до 30 јуни. Тоа треба да ви го кажеме и вам и на Парламентот и на народот и ќе го добиете тоа, па потоа ќе дискутираме дали сме ефикасни или не, ако не сме ефикасни ќе не критикуваат но ќе го видите извештајот.

Третата работа, многу се загриживте за виното. Виното е вистина и љубов. Ние како ВМРО и како партија не го оданочуваме. Овде не воведуваме даноци, затоа што не сакаме да ја оданочуваме вистината. Вие сакате. Изгледа ќе мора и тоа да го оданочуваме, бидејќи не ја кажувате вистината. Значи, ќе го оданочиме и виното, ако вака продолжиме да дискутираме за оваа работа. Тоа значи вистината.

Сет на нови прописи нема, се е старо само се прават одредени измени и дотерувања на прописите. Ништо во тој поглед не е ново. Една вистина, треба да ја кажеме вистината, не може од оваа говорница да кажуваме Владата ги зголемува даноците односно акцизите на нафтата и нафтените деривати. Ве молам, видете ги материјалите, ние ви кажавме на почетокот, ние имаме нова методологија на утврдувањето на цената на нафтените деривати и заради новата методологија извршивме заокружување на акцизата, која

нема да се менува. Оваа Влада немаше за цел да ја зголеми акцизата па кажувате до сега акцизата била 36,500 и 26,500, сега е 26,540 ден. заради заокружување и сега да алармираме дека ги зголемуваме акцизите на нафта и нафтени деривати. Ние не ги зголемуваме, туку вршиме одредено заокружување и немаме намера да ги зголемуваме. Тоа е вистината. Треба да ја кажете таа вистина.

Понатаму ќе го оданочиме виното. Цигарите во Македонија биле далеку поскапи отколку сега ќе бидат. Бидејќи имаме најевтини цигари во Европа, отидовме тие цигари да добијат една нормална цена иако таа цена која сега ќе биде е далеку помала од цената која ја имаат во Европа. Тоа се однесува и на алкохолните пијалоци.

Тоа се мали финансиски ефекти. Баравте каде одат тие средства. Вие подобро знаете од мене каде одат. Во тоа е што вие знаете каде оди дел од тие средства. Господине Николче ти знаеш како се празнат акцизите и каде се распоредуваат автоматски средствата од акцизите. Дали се финансираат социјалните програми и пензии. Вие добро знаете, спрема тоа, ако се зголемат акцизите се прават парите за социјални програми и за пензии. Според тоа, тоа е вистината. Не се зголемуваат пензиите туку средствата за пензии. Тоа е вистината, во тоа е измената. Кажете ја таа вистина. Во тој поглед не случајно кажавме оние средства, сакаме да ја развиеме развојната компонента. Нема само социјалните програми, туку и развојната компонента затоа што и кога го усвоивме Буџетот и кога ја усвојувавме Годишната сметка за 1998 година за Буџетот за 1998 година, видовме дека нема развојна компонента, а сите вие се согласивте дека треба да се обезбедат средства во Буџетот за Македонија еднаш да тргне напред, да се развива, да гради инфраструктурни објекти. Претходно дискутиравте за Законот за неразвиени подрачја, а од каде пари. Тоа е вистината. Со тоа, тоа го правиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер за финансии.

Нема повеќе дискутанти.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За законот гласале 62 пратеници, немаме воздржани, а против се 12 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за акцизите.

Преминуваме на шестата точка.

Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 6 се против.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, 3 се воздржани и 7 против.

Според тоа констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Збор побара пратеникот г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас и понатаму стојам на уверувањето дека за овој закон требаше да слушнеме некакво образложение од предлагачот, односно од Владата г. министри за финансии и стопанство, не смеам името да го кажам да не бидам опоменат.

Длабоко сум уверен дека овој закон со оглед дека ќе го третираме како пакет на закони со наредните четири точки од дневниот ред, е закон кој отстапува од концепцијата како всушност би требало да се раководи процесот на приватизацијата, затоа што мислиме дека во членот 1 ставот на законот кој вели акциите од став 2 на овој член се обични е член на закон кој на мала врата ја доведува Владата во позиција преку

Агенцијата за приватизација да може да доделува управувачки, но и сопственички права на правни и физички лица по законот именувани како стратешки инвеститор кој нема да го платат тоа што овој закон им го доделува.

Имено, за што станува збор? Со законот за приватизација, популарно наречен, се одредува стратешкиот инвеститор кој може да биде купувач на така наречен идеален дел од претпријатието и врз основа на тоа да стекне управувачки права и за што добива акции, меѓутоа ова што се предлага сега во законот е дека тие акции стануваат обични. Како ние ги разбираме работите, тоа значи дека овие акции можат да се појават на пазарот и да бидат отуѓени, затоа што се обични акции односно оној кој ќе плати идеален дел кој во законот не е дефиниран и кој може да претпоставува проценти од 1 до 51, може да ги добие, да стекне со нив управувачки права што и до сега имаше можност, но сега со овој закон да стекне и сопственички права, без да ги плати, без да даде соодветни гаранции за тоа дека ќе ги плати, а клучот е дека доколку тоа не го направи, ќе му се раскинува договорот, меѓутоа факт е дека во таа насока прво ќе се изврши можна купопродажба на акциите на пазарот, на македонската берза. Тоа значи дека тука почнува да функционира механизмот на владина арбитрерност во економскиот живот, врз основа на закон за се легализира дека некому без да плати, а доколку најави праќање ќе му се овозможи управувачки и сопственички права со општествениот капитал.

Мислиме дека тоа не е добра насока, затоа што ќе овозможи Владата под удар на одредбата за стратешки инвеститор на овој начин да почне да прави трансформација на општествената сопственост, која ќе оневозможи објективизирање на критериумите и ќе овозможи манипулација со критериумите особено од аспект на стекнување на предвремената сопственост пред да бидат платени.

Ако ги имаме во предвид и законите кои следат, а ќе ми дозволите да кажам во врска со овој закон дека се исклучува механизмот на лицитација, нешто што до сега претходната Влада беше многу критикувана. Дека некој сега може да добие концесија во енергетика, концесија во сферата на патниот сообраќај, градење на сообраќајници и многу други концесии, врз основа на одлука на Влада го прогласува за стратешки партнер и без да дозволи механизам на лицитација, што значи дека Владата ќе одреди кој како ќе концесионира, за кои средства во директен договор без можност да се вклучи пазарниот механизам, мислам дека Република Македонија вклучувајќи го и овој закон постапно, полека но сигурно, се разбира по вина на претходната Влада постапно ама сигурно почнува да го изместува курсот од пазарното стопанство. Се надевам дека за ова ќе имаме расправа во Парламентот што г. министер обично не дава вовед и по дискусиите на опозицијата секогаш има образложение, меѓутоа уверени сме дека начинот на стекнување на сопственост без да се плати, начинот на стекнување на концесионо право без да се лицитира, начинот на стекнување на можност Владата во директни договори да договара стопански зделки, се повеќе ја доближува Владата кон генерален менаџер на стопанството или поинаку кажано кон генерален економски арбитрер, кој ја оддалечува од суштината на пазарното стопанисување и полека создава можности за волунтаризам, за што бевме сведоци и сме сведоци по наше длабоко уверување и на случајот со ОКТА, кога е дозволено да се продава на стратешки инвеститор, без да плати, да се отуѓува дел од општествениот капитал, без да се овозможи пазарен механизам на влијание на другите странски и домашни лица од сферата на ковкурирањето за откупување на вакви претпријатија.

Длабоко сум уверен дека на Владата ова ќе и конвинира. Владата се подлабоко ќе загазува во водите дека непосредното нејзино стопанисување со македонската економија во смисла на генерален директор на македонските претпријатија ќе им звучи се по прифатливо. Од ден на ден ќе изгледа дека е тоа многу добро, Владата да одлучува со стратешки инвеститори, стратешки партнери на кого ќе му продаде едно, на кого ќе му купи друго, на кого ќе му дозволи концесија. Меѓутоа, исто така сум уверен тој пат кој педесет години или 45 години до 1990 година во Македонија и во некои други држави добиваше колосек и се измести, ќе треба конечно и од тука да се изместува.

Уверен сум дека патот на пакетот на овие закони отвора една можност Владата да добива се понагласено влијание во стопанскиот живот со сопствена арбитрерност. Јас би сакал г. пратеници со оглед дека Владата во врска со овој пакет на закони, пошто е некако поврзан дискутирајќи за еден дискутираме и за другите, Владата на некој начин да се отвори пред Парламентот и еве г-ѓата Радмила Кипријанова, ако од печатот добро сме го сфатиле, е координатор за усогласување на македонското законодавство со европското. Ни укажа, меѓутоа отворено и без пристрасност дали процесот на владино инволвирање и се

поголем интервенционизам, арбитрерност, одлучување кој што како и колку ќе продава во Македонија, за кои средства, какви програми е процес на усогласување на нашето законодавство со европското или процес на наше оддалечување од европското законодавство. Мислам дека се работи за второто.

Се работи за ова второто. Интенцијата мислам дека мора да ни биде Владата да создава услови за сите стопански субјекти да бидат рамноправно. Што повеќе Владата директно одлучува, директно се вклучува во процесот на приватизација, да речеме со давање на управни и сопственички права без тоа однапред да биде платено или да биде барем гарантирано плаќањето преку некои банки за што има и еден амандман поднесен кој се надевам дека ќе биде прифатен, тогаш мислиме дека постапно ни влегува во крв во Македонија, дека наместо секој за својата работа во економијата да се грижи сам, најдобро ќе биде Владата за него да се грижи. Јас верувам дека може да се размислува дека така може долго да се опстојува. Не зборувам за влада, или власт, зборувам за стопанството. И тоа сум уверен дека на долг рок тоа ќе не удри во истиот sид, заради кој имаме на пример и плурален Парламент овде. Едноставно не веруваме дека може владината арбитрерност во стопанството која делува сега како дрога, што повеќе се прима, толку поубаво делува.

Наместо процесот на приватизација да се завршува, ние почнуваме да уживаме во назначување на владини повереници кои ја запираат приватизацијата, или кои ако ја тераат наместо да ја тераат на транспарентен начин, на отворен начин, се повеќе ја тераат така што ги затвараат можностите сите рамноправно да учествуваат и се повеќе склучуваат договори како да е тоа нивна сопственост, мислам владина, како да е тоа најдобриот пазарен ориентир во Македонија. Значи онаа мислата дека кога политичарите почнуваат сериозно да навлегуваат во економијата и државата на економски план да добива директни ингеренции, наместо индиректни, сите треба да не плаши.

Од тој аспект јас меѓутоа и пратеничката група на СДСМ изразуваме сериозна загриженост и изразуваме резерва спрема ваквиот начин на водење на економијата и ваков начин на арбитрерност со законите кои почнувајќи од овој наредните четири во еден пакет гледани се воведува.

Мислиме дека тоа не е добриот пат. И од тие причини многу сме резервирани во поглед на донесувањето на ваквите закони.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас мислам дека во тој закон има многу мали измени и ќе кажеме зошто се прават тие измени. Затоа и не сакав да излезам и да дадам дебели образложенија за неговите измени, затоа што вие ги имате тие и напишано овие образложенија.

Меѓутоа јас искрено да ви кажам првпат не разбрав што зборуваше претходниот пратеник. Не го разбрав, искрено не го разбрав што сакаше да каже, бидејќи приватизацијата во Македонија скоро е завршена. Ние јасно кажавме дека приватизацијата е завршена и дека имаме пост приватизационен период. Значи приватизација нема.

Втората работа, онаа приватизација која се заврши во Македонија беше толку неправична, што таа погоди илјадници граѓани во Македонија. Тие кои учествуваа во тој капитал тие преку изигрување на различни огласи, конкурси и транспарентност фактички таа беше длабоко затворена, останаа на улица, невработени ниту да учествуваат во капиталот, а голема маса на македонски граѓани кои веќе исто така учествуваа во создавањето на тој имот, тие беа тргнати од учество во тој имот.

Така што јас мислам дека процесот на приватизацијата беше толку затворен, што во неа учествуваа само мал број на луѓе во Македонија. И од тој аспект таа создаде и одредени проблеми. Кои се проблемите? Проблемите ние сакаме да ги исправиме. Ние не го менуваме Законот за приватизација на општествен капитал, односно не ги менуваме моделите на приватизација кои и досега ги имаше. Меѓутоа, бидејќи ние се наоѓаме во пост приватизационен период, сакаме нешто од тоа што беше лошо да исправиме, а не ново да направиме.

Ние сега на некој начин не правиме ново, туку исправаме грешки од она што направиле со приватизацијата. Затоа што и се случи на Македонија? Капиталот беше обезвреднет од 12 милијарди долари дојде на 2 и нешто и никој не знае колку е неговата вредност точно. Реков останаа на улица претпријатија и никакво домашно штедење, ниту странски капитал. Ние не мислиме Владата претпријатијата да ги продава на домашни лица, или на домашни сопственици. Овие измени и дополнувања на Законот кои ги правиме, ги правиме затоа да во Македонија во услови кога Македонија нема пари и е осиромашена, во услови во Македонија кога нема штедење, затоа што знаете какви пирамидални штедења имаше во претходниот период.

На Македонија единствен излез и е влез на странски капитал, односно влез на луѓе кои директно ќе вложуваат во Македонија. Меѓутоа, тие кои сакаат да вложуваат во Македонија за да бидат сигурни во Македонија, затоа што досега беше прогласена како најнесигурна земја, ризична земја, тие сакаат да разговараат со Владата. И тоа Владата да разговара не за пазарно стопанство, Владата да разговара како претставник на државниот капитал за продажба на државниот капитал на заинтересирани странски лица кои сакаат да вложат капитал во Македонија. И ние сакаме тој процес да го забрзаме, да дојдат што повеќе странски инвестиции кои ќе вложат капитал во Македонија, меѓутоа ќе донесат и технолошки промени и на крајот ќе донесат и дисциплина во работењето и помош, техничка помош. И во тој контекст фактички ние правиме измени на Законот за приватизација. Измените се во тоа што ние можеме ако најдеме странски инвеститор, стратегиски странски инвеститор да му продадеме претпријатија и приоритетните акции да ги претвориме во обични акции. Дури таму каде што ако ни побара некој на отплата да купи одреден имот и тоа ќе го направиме, затоа што тој капитал сигурно ќе дојде во Македонија. Друга алтернатива во Македонија ние не гледаме.

Единствената алтернатива на Македонија е влез на странски капитал за да може најпосле Македонија да тргне кон развој и да излезе од таа длабока економска и социјална криза. И ние не се плашиме од тоа ако некои наши претпријатија како Влада ги продадеме на странски стратешки инвеститори. И нека ни биде замерено од некаде дека ние не градиме пазарна економија, не е тоа пазарна економија. Ако земете вие, да кажеме имате пазарна економија во Германија, а имате 50%, или 40% државна сопственост. Што е тоа? Дали таму нема пазарна економија. Не значи дека државната сопственост истовремено е сопственост која е иманентна на социјалистички стопанства. Ако во државните претпријатија се работи по пазарни услови и таа може да просперира. Значи тоа не е однапред да ни кажете, бидејќи ние сакаме да продаваме државен имот на некој, тогаш веќе ние се откажавме од пазарната економија.

Напротив ние сакаме пазарна економија и сакаме Македонија да си ја извлечеме од таа длабока економска и социјална криза во која за жал не доведоа. И во тој смисол е тој закон и затоа предлагам тој закон да се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Стојменов за дополнителните објаснувања.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги, во врска со излагањето на министерот за финансии, би сакал да укажам прво на следното.

Како искусен и многу познат бизнисмен, вие многу добро знаете дека во Република Македонија сето она што е досега приватизирано, само со 7 до 10% е приватизирано од менаџерски тимови. Сето друго е приватизирано со масовен откуп ма акции од вработените. До еден период до кога ги знам податоците преку 95 илјади вработени во Република Македонија станаа акционери.

Според тоа, сето тоа што е досега приватизирано во него како што рековте вие не учествувал мал, или занемарлив број на вработени во фирмите кои што се приватизираа. Точно е дека се наоѓаме во пост приватизационен период и никој не е против тоа, тоа што не е до приватизирано и тоа што треба да се прави во постприватизациониот период да се забрза и никој не е против тоа, токму во тие фирми кои што се уште не се приватизирани да дојде странски капитал. Ние сме сериозно загрижени заради механизмите, со кои што со овие измени на законите предвидувате да го направите тоа забрзување.

Имено, трансформацијата на акциите во обични акции, преку кои што не е одредено долното ниво и може да се случи дури и со поседување само на 5% на обични акции некој да стекне право на управување, или некој да стекне сопственичко право без затоа да има банкарски гаранции, како што тоа се прави секаде во светот од сериозни банки, носи големи ризици. Ако ги погледаме законите во целиот свет може да се види дека во една витална област, која што е во сите држави во светот од јавен интерес, како што е тоа на пример Електростопанството на Македонија. Вие сега создавате можност исто така за влез на стратешки партнер, кој што директно не по учебничките правила, по правилата на Светска банка, на Меѓународниот монетарен фонд се прогласуваат за стратешки партнери, туку со стратешки партнери што сега со одлука на Владата ќе ги прогласите да влезат во таквите претпријатија и тоа на кој начин?

Како што реков дури можеби и само со 5% од акциите, кои што трансформирани во обични акции даваат можност да стекнат право на управување, или право на

сопственост и како што реков без гаранции од надворешни банки. Нема држава во светот со исклучок на Шведска, каде што постои посебен закон само до 5% од инфраструктурата на пример во електростопанството да може да се приватизира.

Затоа што знаете дека секаде во светот па и во поранешна Југославија, во Словенија имавме случаи слободно приватните компании, или лица можат да влезат само во процесот на производство. Инфраструктурата, сакам да укажам на тоа каде гледаме ние опасности од промените такви мали, како што вие ги дефиниравте по сето она што е преостанато за приватизација во Република Македонија. И од тука не може да се каже дека, со тоа што укажуваме на таквите реални опасности, за кои што веќе вие имате и примери. Вие знаете дека имате писмо од Светската банка за начинот на кој што дојде до продаваше на рафинеријата "Окта" и знаете дека во наредниот период во врска со сите овие измени кои што не одат во насока на усогласување на нашите закони со легислативата на Европската Унија, дека и понатаму може да очекуваме такви интервенции токму од оние институции без кои што реформите понатаму не можеме да ги продолжиме.

Според тоа, има сериозни опасности. Ако на пример барем не се прифати амандманот за кој што зборуваше колегата Поповски, каде што одејќи со вакви измени мора во законот да се вгради задолжително потребата при трансформацијата на акциите во обични и можноста некој да стекне и управувачко и сопственичко право да се даде гаранција, како што се дава во сите други држави од сериозна меѓународна банка.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мене денешните дискусии се повеќе ми наликуваат на параван на она што се случуваше во делот на приватизацијата. Можеби може да се согласиме дека 7% од приватизацијата во стопанството е во рацете на менаџерските тимови.

Меѓутоа, дали тоа исто значи кога акциите дадени на вработените на начин кој што беше не соодветен, се одземаат од вработените на не коректен начин и тие истите пак се во рацете на менаџерските тимови. Што од тоа добија вработените? Дали акциите се нивни, дали тие добиваат дивиденда, или имаат дел од таа приватизација. Можеме само да говориме дека делот од приватизацијата во акции е на вработените, но реално тоа не е така навистина.

Јас не можам да се согласам дека овие дискусии одат во прилог на граѓаните, или во прилог на работниците, вработените во овие стопански субјекти. Од тие причини можеби не е потребно за опозицијата да се определува во делот што говори министерот стратешки партнер, заради тоа што менаџерските тимови и раководителите како поединци веќе се како стратешки партнери. Тие се доволно моќни и имотни да ги земат сите акции, како што ги земаа веќе и сега понатаму не е потребен стратешки партнер. Би било апсурд да се дискутира во контекст на стратешки партнер за опозицијата.

И она што значеше и што се обелодени од Меѓународниот монетарен фонд во разговорите со господинот Стојменов, министерот за финансии, ликвидацијата на 13 претпријатија, односно 12 претпријатија. Што значи оваа дискусија повторно ќе повторам ја сфаќам како параван на сето она што се случи и што беше досега сторено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ханџиски има реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Едно објаснување. Тоа што го кажува колешката Наталија Марковиќ е точно, затоа што имаше повеќе случаи на девијантни појави од страна на менаџерските тимови на притисоци врз вработените, кои што влегоа во процесот на приватизација со акцизи и тоа е точно. Меѓутоа, тоа не значи дека некого државата го оправдува, тоа не значи дека некој државата го прикрива, затоа што е општо познато и каде се случуваше и како се случуваше. И затоа во мојата дискусија не можете да најдете никаде параван за тие девијантни појави.

Меѓутоа, ако сега со овие мерки кои што се предлагаат со закони нашите вработени целосно се исклучени од тоа да добијат трансформирани обични акции, тоа е исто така процес низ кој што во понатамошниот тек на приватизацијата тие се целосно исклучени од можноста да еден ден со тој процент со кој што ќе влезат со обични акции да станат сопственици или групирани со 51%, да добијат можност да управуваат со претпријатијата. Укажуваме на тоа дека дури како што реков и со само откуп на 5% и тоа како што е кажано во законот, тоа господинот министер добро го знае, со неисплатени акцизи по одлука на Владата тие можат да стекнат сопственичко право на управување, или и двете одеднаш, повторно укажувам без сега право на учество на

вработените.

Затоа само инсистираме во тој дел, да повторам уште еднаш дека мора да се заштитиме како што тоа го прави целиот свет со банкарски гаранции. Ништо повеќе од тоа. Нема паравани.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Видете, егзактен податок, во приватизацијата во Македонија не учествуваат 323 илјади граѓани. Да ги оставиме тие 7%. 323 илјади граѓани немаа право да учествуваат во приватизацијата. Според тоа, тие и не се никаде акционери, тие немаат платени и не платени акции. Тие се надвор од процесот на приватизација. И тоа не е битно. Ние не разговараме за оваа работа. Разговараме дека ние ќе продаваме акции, обични акции на стратешки инвеститор. Тоа е факт. Ние ќе продаваме акции велиме, можност да продаваме акции, приоритетните да ги претвараме во обични. Меѓутоа, таа Влада не може да каже дека ќе распродава државен имот. Вашиот амандман кој вие го предлагате, дека сега треба да се обезбеди Владата, да не делат вака без обезбедување па нема да го прави тоа Владата. Не можеме ние во законот да пишуваме се.

И трета работа, овој закон и кога го изменивме ви кажавме, тоа е закон кој најмногу се однесува за 12-те загубари. Ние ја преземавме обврската од претходната Влада тие загубари да се продадат, или ликвидираат. И ние само оваа обврска превземена од вас спрема Меѓународниот монетарен фонд, спрема Светската банка ние таа обврска како обврска сега не ваша, веќе наша обврска на Македонија, ние како Влада ја претставуваме Македонија, мораме да ја извршиме. Подобро е тие претпријатија да ги продадеме дури со отплата на акции на странски инвеститори и да останат да работат тие претпријатија, отколку овие претпријатија да земеме да ги ликвидираме. Нема трета алтернатива, или едното, или другото. Ние ја правиме најдобро можната алтернатива во овој случај со измени на Законот за приватизација.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Во врска со последното објаснување, дали Македонските телекомуникации се загубари, а во Законот имате членови во кои стои претпријатија од јавен интерес, како Електростопанство, Телекомуникации и др. Дали и РЕК - Битола на пример е загубар, дали Мермерниот комбинат во Прилеп е загубар и т.н., со оглед на тоа што имате Закон за енергетика, имате Закон за јавни патишта.

Според тоа, овде навистина не станува збор само за загрозените 12 загубари, туку станува збор апсолутно и за нај рентабилното, нај квалитетното претпријатие кое постои во Македонија е Телекомуникациите.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Продажба на Стопанската банка, продажбата на Телеком не е во рамките на овој Закон. Продажбата на Телеком е пак обврска, вие се обврзавте да ги продадете и ни ја наметнавте таа обврска, ние треба сега само да ја прифатиме и да ја реализираме. Ја реализираме онака како е договорено, како што вие сте ја договориле продажбата на Телеком, ние понатаму ја продолжуваме. Наместо јас да поставам прашање вие ми поставувате прашање.

Овие измени на закон кои ги правиме не ги правиме за Телеком и Стопанска банка, туку реков дека ги правиме најмногу заради овие загубари, а оние претпријатија кои се приватизирани, каде има мнозинство на обични акции од 51%, како можеме да ги продаваме ние. И да сакаме, не можеме да ги продадеме. Таму каде што има мнозинство гласови државниот капитал, заедно со Заводот за пензиско и инвалидско осигурување, тука можеме да посегнеме. Тоа се веќе претпријатија каде што мнозинството на акции е во државата, но најголем дел се тие претпријатија, 12-те загубари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Ханџиски, реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине министер, ме радува што изјавивте дека ја водите постапката која ја отпочна претходната Влада за приватизација на Телеком. Во таа смисла само сакам да ве потсетам на разликите кои ги гледаме во овие закони.

Со оглед на тоа што вие добро знаете дека Светската банка ни наложи и во меѓусебен договор дури за избор на адвајзер во врска со проценките на капиталот во телекомуникации, да мораме да одиме на лицитација и за тоа да дадеме два месеци временски рок, а камо ли за избор на стратешки партнер. Ако со овој закон не ги вршите тие измени, каде што ние гледаме опасност дека Владата само ќе избира стратешки партнер, на што ќе реагираат многу други фирми, како што тоа се случи да реагираат и други фирми околу продажбата на ОКТА и се најдовме пред Лондонскиот суд, ако е тоа така како што го изјавивте, тогаш нема никаков проблем.

Меѓутоа, во законите не е така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, јас мислам да ја привршиме расправата по ова прашање.

Репликите немаат крај.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Немам коментар на ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман за менување на член 1 и на член 2.

Комисијата за стопанство, поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 и на членот 2.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласање 14 пратеници, 3 пратеници се воздржани и 42 пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Вкупно гласале 59 пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам тогаш уште еднаш да го повториме гласањето, за да видиме дали навистина се толку пратеници.

Амандманот поднесен од Комисијата за економска политика и развој го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласале 5 пратеници, воздржани се тројца пратеници и против се 55 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата, но го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Се прифаќа само ставот 2 од амандманот, а не ставот 1.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, ова навистина е несериозно- ставот 2 и ставот 1.

Значи не се прифаќа ставот 1 а се прифаќа ставот 2.

Тогаш Владата ќе треба да поднесе нов амандман.

Навистина не оди ова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, вие ќе мора да поднесете амандман, па да гласаме поединечно и за едниот и за другиот.

Не може да се прифати ова.

Има збор министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

САВО КЛИМОВСКИ:

Веќе имаме јасна ситуација.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласал 61 пратеник, од кои за амандманот 6 пратеници, 6 пратеници се воздржани и 49 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1 и 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Борис Стојменов.

Навистина, ако повереницитe се согласуваат, а претставниците не се согласуваат, не знам во што е работата.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, од кои 7 се за, 5 се воздржани и 50 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 63 пратеници за, 1 воздржан и 1 против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал.

Г-да пратеници, ние веќе работиме скоро осум часа.

Јас мислам да продолжиме утре во 11,00 часот со останатите точки од дневниот ред, затоа што веќе сме доста заморени.

Г-динот Краљевски бара збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседател, колеги пратеници.

Со оглед на фактот дека утре голем број пратеници ќе бидат присутни во Охрид, каде што се одржува РОС РОТ – семинарот, барам претседателот да одреди друг термин за продолжување на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Таму се сигурно неколку пратеници.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Не се неколку, повеќе пратеници се.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

РОС РОТ семинарот работи три дена.

Значи нам единствено ни останува да ја одложиме седницата за вторник.

(Реакција на повеќе пратеници).

Г-да пратеници, неколку пратеници утре ако се отсутни и така ги нема по неколку.

Ние утре сепак ќе продолжиме во 11,00 часот.

Јас мислам дека можеме 61 пратеник да собереме од 120 пратеници, па и девет нека не бидат тука.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,45 часот).